Александар ДОНСКИ

СТАРОГРЧКИ И ДРУГИ АНТИЧКИ СВЕДОШТВА ЗА ПОСЕБНОСТА НА АНТИЧКИТЕ МАКЕДОНЦИ



Александар ДОНСКИ

СТАРОГРЧКИ И ДРУГИ АНТИЧКИ СВЕДОШТВА ЗА ПОСЕБНОСТА НА АНТИЧКИТЕ МАКЕДОНЦИ

СВЕДОШТВА ОД НАД ПЕДЕСЕТ АНТИЧКИ АВТОРИ
КОИ ТВРДЕЛЕ ДЕКА
АНТИЧКИТЕ МАКЕДОНЦИ НЕ БИЛЕ ГРЦИ

Александар ДОНСКИ

СТАРОГРЧКИ И ДРУГИ АНТИЧКИ СВЕДОШТВА ЗА ПОСЕБНОСТА НА АНТИЧКИТЕ МАКЕДОНЦИ

Институт за историја и археологија (ИНИСА)
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип
Република Македонија

Издавачи:

МНЛД „Григор Прличев“ - Сиднеј
ЕМАРИ - Штип

За издавачот:
Душан РИСТЕВСКИ
Д-р Марија КУКУБАЈСКА

ISBN: 978-0-9808479-2-5
Сиднеј - Штип, 2011

„...Би сакала да нагласам дека историјата е наука која ја утврдува историската вистина преку научни методи... Историјата не е нешто за кое може да се преговара. Историјата на античкиот свет е веќе напишана и документирана, веќе со векови, преку макотрпни истражувања од страна на меѓународно угледни историчари и археолози.“

Дора Бакојани, министерка за
надворешни работи на Грција (30.03.2009)

ВОВЕД

Денешната грчка историографија и пропаганда со сите сили се обидува да го убеди светот дека античка Македонија била „грчка држава“ и дека античките Македонци биле „Грци“ (Хелени). Причините за ова се од дневно-политички карактер и истите се добро познати. На Грција ѝ е важно да му докаже на светот дека името Македонија и античките Македонци биле „грчки“ што значи дека ние денешните Македонци „немаме историско право“ на користење на овие „грчки“ имиња. Меѓутоа, наспроти ваквите тврдења, релевантните историски податоци говорат дека најголем опонент на денешната грчка пропаганда се токму делата од античките грчки историчари! Токму во голем број вакви дела децидно се тврди дека античките Македонци не само што не биле никакви „Грци“ (Хелени), туку и дека во добар дел од својата историја тие биле непријателски расположени едни кон други, т.е. античките Грци со векови се наоѓале под македонско ропство. Секако овде се и делата на голем број антички автори од не-грчко потекло кои го тврделе истото.

За жал, барем досега, нашата историографија и официјална политика сосема малку посветуваа внимание на овој круцијален податок кој, доколку соодветно се искористи, може да иницира тежок пораз на денешната грчка пропаганда во очите на светската јавност. Доволно е само некои од ваквите податоци што повеќе и континуирано да се дистрибуираат и експлоатираат пред релевантните светски фактори заедно со податоци за етно-културните врски помеѓу античките и денешните Македонци.

Но, да поминеме на фактите. Овде ќе изнесеме податоци за етно-културната посебност на античките Македонци пренесени од поголем број, пред сè,

старогрчки историчари. Овие сведоштва, според својот карактер, се непосредни и посредни. Во непосредните сведоштва сосема јасно и разговетно Македонците се детерминирани како посебен народ во однос на Грците. Во посредните сведоштва, пак, авторите обично ги опишуваат етно-културните граници на античкиот грчки свет во кои никаде не е спомната Македонија.

Сите вакви сведоштва имаат голема тежина заради фактот што биле дадени од автори, од кои мнозина и сами живееле во близина на античките Македонци, па сосема добро знаеле каков народ се тие.

Авторите на изјавите ги пренесуваме по азбучен ред.

АГРИПА ВТОРИ (I ВЕК ПО ХРИСТА)



Биста со ликот на Агрипа Втори

Агрипа Втори бил јудејски крал и бил последен претставник на династијата на Херод Велики. Се родил на крајот од третата деценија на први век по Христа и бил син на Агрипа Први. Тој бил проримски воспитан и се залагал Евреите да не се бунтуваат против Римјаните. Во 58 година во Цезареја лично се сретнал со светиот апостол Павле. На повеќе детаљи од неговиот живот нема да се задржуваме, туку ќе спомнеме дел од еден негов говор во кој античките Македонци се одделно спомнати од Грците.

Овој говор на Агрипа Втори останал забележан од страна на најпознатиот антички еврејски историчар Јосиф Флавиј (за кого во продолжение поопширно ќе пишуваме).

Во говорот Агрипа Втори сосема јасно ги спомнува Македонците како доминантни жители на Александрија, но и како жители на неколку останати области во Египет. Зборувајќи за состојбите во градот Александрија во времето на римската окупација, Агрипа Втори рекол дека во Александрија:

„*... две легии* (римски)*, кои се испратени во тој град се сместени во подалечните делови на Египет и во деловите кои се населени со поимотните Македонци“.* (Josephus Flavius “War of the Jews”, II, 16,4)

Од оваа изјава гледаме дека дури и цели три и пол векови од основањето на Alexandria, Македонците сè уште претставувале значителна популација во овој град и пошироко во Египет.

Во истиот говор Агрипа Втори ги убедувал Евреите дека Римската империја е многу силна и дека попусто ќе се борат. За да ги одврати од намерата да кренат востание против Римјаните, тој им спомнал дека и други народи биле под римска власт, па сепак, никој од нив не се осмелувал да се бори против оваа силна империја. Меѓу наброените народи тој ги спомнал и Македонците, при што рекол:

„*Што е тоа што ве тера да станете и да им се спротивставите на Римјаните? Можеби ќе кажете дека е тешко да се поднесува ропството. Да, но зарем не им е тешко и на Грците... А исто е и со Македонците, кои имаат поголеми причини од вас да бараат слобода“*. (Josephus Flavius, “War of the Jews”*,* II, 16,4).

Значи кај јудејскиот крал Агрипа Втори имаме многу децидно сведоштво во кое Македонците се јасно издвоени како посебен народ во однос на Грците.

АЛЕКСАНДАР ТРЕТИ ВЕЛИКИ МАКЕДОНСКИ (IV ВЕК ПРЕД ХРИСТА)

Како прв лик од антиката кој сосема јасно ги издвоил Македонците од Грците како два посебни народа, ќе го спомнеме најпознатиот македонски цар Александар Трети Велики Македонски (356 - 323 год. пред Христа).

Денес се зачувани извадоци од негови артикулации (писма и говори) објавени од страна на старогрчкиот историчар Аријан (за кого во продолжение ќе пишуваме). Аријан, пак, ги превзел овие материјали од историското дело посветено на Александар, напишано од александровиот генерал (а според некои извори и полубрат) Птолемеј. Ова историско дело денес е зачувано само во фрагменти пренесени од неколку други антички историчари. Но, да поминеме на фактите.

Аријан го пренесува говорот (преземен од загубеното дело на Птолемеј) што Александар Велики Македонски го

одржал пред своите офицери кога тие, на барање од војниците, одлучиле да не го следат натаму во конечното освојување на Индија и преморени посакале да се вратат во своите домови. Меѓутоа, отпрвин никој од нив не се осмелувал да му го соопшти тоа. Александар сфатил што се случува, ги повикал на состанок своите офицери и им се обратил со зборовите:

„*О **Македонци и грчки сојузници** забележувам дека кога би ве повел во нови потфати нема веќе да ме следите со стариот дух.. Ве повикав на состанок за да донесеме заедничка одлука: дали ќе продолжиме натаму како што посакувам јас или ќе се вратиме назад како што посакувате вие.*

Ако имате какви било забелешки во врска со резултатите од вашите досегашни залагања или во врска со мене како ваш командант, нема што повеќе да се каже. Но, дозволете ми да ве потсетам. Преку вашата смелост и издржливост вие станавте господари на: Јонија, Хелеспонт, Фригија, Кападокија, Пафлагонија, Лидија, Карија, Ликија, Памфилија, Феникија и Египет. Грчкиот дел од Либија сега е ваш, заедно со дел од Арабија, долна Сирија, Персија и Медија со сите територии кои порано биле или не биле под нивна власт. Сето тоа сега е во ваши раце. Вие сега сте господари на земјите зад Касписките врати, зад Кавказ и Танаис, како и на Бактрија, Хирканија и Хирканиското Море. Ние ги избркавме Скитите назад во пустината, а реките Инд и Хидасп, Акесин и Хидраот сега течат низ земја која е наша. По сите овие достигнувања зошто се двоумите сега да ја проширите моќта на Македонија, т. е. вашата моќ кон Хифас и племињата што живеат од другата страна?“.

И понатаму:

„*Ако се вратите сега, таму ќе останат многу воинствени племиња непокорени помеѓу Хифас и источ-*

ниот океан... Ако се повлечеме сега постои опасност на територијата во која што сè уште не ни е зацврстена власта да биде поттикнат бунт од некој народ што сè уште не сме го покориле. Господа од Македонија и вие мои пријатели и сојузници, ова не смее да се случи.“

И понатаму:

„*О **Македонци и грчки сојузници**, останете цврсти!... Каква голема и благородна работа ќе остваревме ние, ако мислевме дека е доволно спокојно да живееме во Македонија и само да си ги заштитуваме нашите домови, бранејќи се од обидите да бидеме потчинети од Тракијците на нашите граници, од Илирите и Трибалите или можеби од оние Грци кои сакаат да го загрозат нашиот конфор*.“ (Arrian, *Anabasis*, Chap. XXV; Подвлекувањата се мои).

Во овој говор на Александар, зачуван од загубената историја на Птолемеј, недвосмислено се гледа дека самиот најпознат македонски цар правел јасна разлика помеѓу Македонците и Грците како два посебни народа. Тој овде не само што одвоено им се обраќа со "*Македонци и грчки сојузници*", туку и децидно објаснува дека Македонците во Македонија можеле да бидат загрозени од своите соседи: Илири, Тракијци, Трибали и - Грци!

Александар Велики Македонски јасно ги издвоил Македонците од Грците и во своето писмо што го испратил до персискиот цар Дарие како одговор на неговата мировна понуда. Аријан пренесува делови од ова писмо: Еве што, меѓу другото, му напишал Александар на Дарие:

„*Мојот татко* (Филип Втори) *беше убиен од заговорници испратени од тебе како што самиот се фалиш во твоите писма. А по ликвидирањето на Арсе и на Баго и по нелегалното превземање на тронот наспроти законите на Персијанците и по твоето неправедно владеење, ти им испрати на Грците непријателски писма против мене, убедувајќи ги да ми објават војна. Ти*

исто така испрати пари на Спартанците и на некои други Грци, но ниту една држава нив не ги доби, освен Спартанците.“ (Arrian, *Anabasis*, Chap. XIV).

Очигледно дека Александар и овде ги третира Грците како туѓ народ. Познато е дека Спартанците биле единствените Грци кои колку толку успешно се спротивставувале на македонската хегемонија. Овде гледаме дека самиот Александар тврди дека тоа било затоа што биле потплатени со персиски пари. Секако дека ваквото тврдење тој го изнел врз основа на веродостојни информации од свои луѓе во нивните редови.

И во Биографијата за Александар напишана од латинскиот историчар Квинтиј Куртиј Руф, пренесени се изјави од Александар Велики Македонски во кои тој го спомнува посебниот македонски јазик нарекувајќи го „мајчин јазик“ (за што подетаљно пишуваме во одредницата за Квинтиј Куртиј Руф).

Заради сето ова, навистина е нејасно како може денешната грчка историографија и пропаганда и прогрчки настроените автори од други земји да го третираат Александар како „Грк“ кога **самиот тој** јасно ги издвоил Македонците од Грците.

АРИЈАН (I И II ВЕК ПО ХРИСТА)

Аријан е познат историчар од антиката. Неговото целосно име било Лукиј Флавиј Аријан Ксенофон (Lucius Flavius Arrianus Xenophon). Живеел отприлика од 86 до 146 година. Познат е и под името Аријан од Никомедеја, според името на својот роден град што се наоѓал во денешниот северо-западен дел на Турција. Негови најпознати дела се Биографијата на Александар Велики Македонски (позната под името "*Александровата анабаза*") и "*Индика*", која претставувала опис на враќањето на Македонската војска под команда на Неарх од Индија. Од некои современи автори "*Индика*" е третирана како продолжение (Осма книга) од "*Александровата анабаза*", па и ние овде така ќе ја третираме. Аријан имал пишувано дела и од областа на филозофијата и од воената тактика бидејќи извесно време бил ангажиран како командант во Римската војска.

Познато е дека својата Биографија за Александар, Аријан ја напишал главно врз основа на делата на Македонците Птолемеј и Аристобул (кои самите учествувале во походот на Александар). Ова значи дека и тие биле антички автори (во случајов антички Македонци) кои сосема јасно ги издвојувале Македонците од Грците. Повикувајќи се на податоци од нивните, денес загубени, историски записи и Аријан на повеќе места во своето дело децидно ги издвојува Македонците како посебен народ во однос на Грците. Ќе наведеме неколку примери за ова.

Пишувајќи за престојот на Александар во Азија, Аријан вели дека гувернерот на Медија Артопат му испратил стотина жени Амазонки за да ги вклучи во својата војска. Но, Александар не го сторил тоа заради помислата неговите војници да не ги третираат несоодветно Амазонките. Во врска со ова Аријан пишува:

„Александар ги вратил жените назад за да избегне непријатности бидејќи сметал дека тие би можеле непристојно да бидат третирани од страна на неговите војници Македонци и странци“. (Arrian: "*The Campaigns of Alexander",* Translated by Aubrey De Selincourt, *Pengiun books*, USA, 1987, c. 369).

Ова е дециден доказ за посебноста на Македонците во однос на Грците. Имено, познато е дека војската на Александар Македонски била мултиетничка, иако во неа (барем на почетокот) доминирале Македонците. Но, во оваа војска имало и значителен број Грци, Тракијци, Илири и припадници на други балкански народи, а по навлегувањето во Азија кон војската се приклучиле и голем број припадници на други народи во покорената Персиска империја, меѓу кои имало и Евреи. Единиците главно биле организирани по етничка основа. Сепак најпривилегирани од сите си останале Македонците. Овде гледаме дека Аријан јасно ги издвојува Македонците од сите останати народи во Македонската војска (Грци, Евреи, Тракијци, Персијанци и други), кои ги нарекува „*странци*“.

Аријан и во Осмата книга на Биографијата за Александар под наслов „Индика“, јасно ги издвојува Македонците од Грците. За време на престојот во областа Патала, Аријан пишува:

„*Јужниот дел во близина на Патала и устието на Инд беа истражени од страна на Александар и Македонците и од многу Грци* (Indica, VIII, 2)“.

И за ова негово тврдење не е потребен дополнителен коментар. И овде гледаме дека Македонците посебно се издвоени во однос на Грците.

Исклучително децидно раздвојување на Македонците од Грците, Аријан нуди и кога го спомнува списокот на команданти на воените бродови (триреми) со кои Александровата војска патувала низ реката Хидасп. Овде читаме:

„*За команданти на триремите биле назначени: од Македонците - Хефастион, синот на Аминтор; Леонат, синот на Евно; Лизимах синот на Агатокле...* (следуваат уште 22 имиња на команданти, нивните татковци и делови на Македонија од кои потекнувале. Списокот на Македонци завршува со): ... *Пантаух, синот на Никола од Алор и Миле (Milleus) синот на Зоил од Береја. Сите тие биле Македонци. Од Грците биле: Медиј, син на Оксинтемис од Лариса, Евмен, син на Хиероним од Кардија...“* (следува список на уште шест лица). (Indica, VIII, 2).

Од овој извадок гледаме дека не само што Македонците се јасно издвоени од Грците, туку тие имале и доминантна улога во командувањето со војската на Александар Велики Македонски. На воените бродови (триреми) 25 команданти биле Македонци, наспроти само осуммина Грци.

Познато е дека пред да тргне во поход кон Азија, Александар ја зацврстил својата власт над грчките градови-држави. Но, мнозина Грци не ја сакале неговата власт и сметале дека се под окупација на Македонците. Грците од Теба кренале големо востание против македонската власт, кое крваво било задушено. Пишувајќи за настаните пред грчкото востание, Аријан вели дека востаниците "... *влегле во народното собрание, поттикнувајќи ги Тебанците на востание против Александар, давајќи им како изговор стари и славни зборови за слобода и за слобода на говорот и убедувајќи ги дека еднаш и засекогаш ќе се ослободат од тешкото ропство што им го наметнаа Македонците.“* (Arrian, *Anabasis*, 1, 7).

Познато е дека Грците од Теба скапо го платиле овој свој обид да се ослободат од македонската власт. Населението во градот било масакрирано, но масакрот главно го извршиле други Грци - платеници во Македонската војска.

По навлегувањето во Азија, Александар се насочил кон освојување на крајбрежните градови на Егејско Море (кои денес се наоѓаат на територијата на Турција). Населението во овие градови било грчко и се наоѓало под персиска власт. Сепак, наместо да се радуваат на своето ослободување, овие градови пружиле голем отпор против Македонците (за што подетално ќе пишуваме во продолжение). Еден од овие градови бил Милет. Меѓутоа, имало и такви градови, кои понудиле да се предадат. Пишувајќи за овие настани, Аријан и овојпат ги издвојува Македонците од Грците. Овде читаме:

„*Кај него* (Александар) *дојдоа луѓе од Магнезија и Трал со понуда да му ги предадат градовите. Кај нив тој го испрати Парменион со 2.500 пешадијци од грчките помошни единици, ист број Македонци и уште 200 коњаници како придружба“.* (Arrian, *Anabasis*, 1, 18).

И овде јасно е посочено дека единиците во Александровата војска главно биле поделени по етничка основа.

Следува уште еден интересен извадок од "*Александровата анабаза*", повторно поврзан со настаните околу Милет. Овде читаме:

„*Согледувајќи ја надмоќта на Персиската флота, Парменион му советувал на Александар да влезе во поморска битка, надевајќи се дека Грците ќе однесат победа со својата флота поради неколку причини, а посебно поради претскажувањето од божеството, кое го убедило во ваквиот резултат... Тој исто така рекол дека ако тие победат во битката, ќе добијат голема корист од тоа, имајќи ја предвид нивната главна причина за оваа војна, а ако бидат поразени, нивниот пораз нема да биде некоја голема загуба, затоа што и без тоа Персијанците превладувале на море...“*

Да го објасниме овој извадок. Парменион бил Македонец и генерал во војската на Александар. Пред опсадата на поморскиот град Милет (кога Персиската флота сè

уште била силна и надмоќна), Парменион го советувал Александар да ги пушти грчките платеници и сојузници во Македонската војска со своите бродови да војуваат против моќната Персиска флота, па ако победат, тоа ќе биде добро и за Македонците, а ако не - никому ништо! Грците ќе загинат, а Македонците ќе останат поштедени. Значи, еве со какво потценување се однесувал македонскиот генерал кон своите грчки сојузници и платеници, т.е. кон грчките бродови во состав на Македонската војска, кои бил подготвен да ги жртвува во борбата против силната Персиска флота. Меѓутоа, Александар реагирал на ваквиот предлог, па во врска со неговата реакција Аријан пишува:

„Александар одговорил дека Перменион погрешно ја проценил состојбата... Тој сметал дека е брзоплето за него да влезе во битка со неколку бродови против флота која е далеку побројна од неговата... Освен тоа, тој не сакал да ги препушти во рацете на странците, како нестабилен елемент, придобивките што Македонците ги остварile со помош на своите вештина и храброст. И доколку тие (Грците, з.м.) *би биле поразени во поморската битка, нивниот пораз би предизвикал големо штетно влијание врз нивното прво искуство во војната... Грците можеле да бидат поттикнати од поразот на морнарицата да се обидат да кренат бунт...“*

Од одговорот на Александар (иако го одбил предлогот на Парменион) јасно гледаме дека и тој Грците ги третирал како „странци“ во својата војска, кои згора на тоа ги сметал и како "*нестабилен елемент*". Тој сметал дека таква сериозна задача (опсадата на Милет) не смее да се препушти во нивни раце, како и дека доколку бидат поразени, тоа може да ги поттикне останатите Грци во Македонската војска на бунт и непослушност заради жртвувањето на нивната морнарица. Одиме понатаму.

Кога со својата војска стигнал во малоазиските области Ликија и Памфилија, Александар дозволил оние

војници кои штотуку биле оженети да се вратат дома на отсуство. Во врска со ова Аријан (29 поглавие) пишува:

„*Со овој гест повеќе од секој друг, Александар доби популарност среде Македонците. Тој исто така го испрати Клеандер, синот на Полемократ да регрутира војници од Пелопонез, а Парменион во Сард, давајќи му ја командата над регимента коњички придружници, над тесалиската коњаница и над останатите грчки сојузници“*. (Arrian, *Anabasis, Chap. XXIX)*,

Значи, паралелно со отпустот на војниците, Александар превзел активности и за регрутирање нова војска и тоа среде Грците на Пелопонез и Сард. Притоа, како главен заповедник на грчките единици во својата војска (тесалиската коњаница и останатите единици) тој го поставил својот генерал, веќе спомнатиот, Парменион. Практично и во овој извадок е потврдена вистината за разликите меѓу Македонците и Грците.

Познато е дека во редовите на Персиската војска против Македонците се бореле десетици илјади Грци (за што исто така во продолжение поопширно ќе пишуваме). Голем дел од тие Грци биле убиени, а голем дел заробени и испратени на принудна работа во Македонија како замена за работната сила на Македонците, кои во меѓувреме ја освојувале Азија. Додека Македонската војска се наоѓала во Фригија, од Атина кај Александар била испратена делегација со молба да ги ослободи грчките затвореници. Во врска со ова Аријан пишува:

„*Кај Александар дојде делегација составена од Атиињани, кои го проколнуваа да ги ослободи атинските затвореници кои биле заробени кај реката Граник, додека служеле во редовите на персиската војска, а потоа биле испратени во окови на работа во Македонија, заедно со уште две илјади заробеници заробени во таа битка.“*

И за овој пасус речиси не е потребен никаков дополнителен коментар.

Потоа следувала познатата битка кај Ис. Во врска со текот на оваа битка, Аријан (поглавие 8) пишува:

„Само што Дарие добил потврда за приодот на Александар кон битката, тој испратил околу триесет илјади свои коњаници и уште дваесет илјади лесно вооружена пешадија, кои ја поминале реката Пинар за да може полесно да ги подготви своите останати сили. Наспроти тешко вооружената пешадија, тој прво поставил триесет илјади грчки наемници за да се спротивстават на фалангата на Македонците“.

Овде гледаме дека бројката на Грци кои се бореле во Персиската војска против Александар била најмалку триесет илјади, како што претпоставувал Александар. Гледаме дека овие грчки единици биле упатени да се борат токму против најсилниот дел од Македонската војска – Македонската фаланга.

Аријан вели дека во оваа битка најжестокиот судир бил токму помеѓу Македонците и Грците, а главна причина за тоа, покрај другото, била големата омраза помеѓу овие два народа. Во врска со ова Аријан пишува:

„Почнала жестока борба. Дариевите Грци се бореле со цел да ги потиснат Македонците назад кон реката и да ги задржат позициите на своето лево крило... ***Судирот беше уште повеќе загорчен поради старото расно ривалство помеѓу Грците и Македонците****“*. (Arrian: "*The Campaigns of Alexander",* Translated by Aubrey De Selincourt, *Pengiun books*, USA, 1987, стр. 119, подвлекувањето е мое).

Зарем може и да се замисли појасен и поголем доказ за разликите меѓу Македонците и Грците од овој овде? Античкиот грчки историчар Аријан, користејќи податоци од делата на македонските историчари Птолемеј и Аристобул, сосема прецизно запишал дека помеѓу

Македонците и Грците постоело „*старо расно ривалство*“. Тоа е еден од највисоките степени на нетрпеливост и омраза што може да постојат меѓу два народа. И кој може по знаењето на ваквата изјава и натаму да тврди дека Македонците и Грците биле „ист народ“? Какви се тие припадници на еден ист народ, меѓу кои постои „расно ривалство“, т.е. „расна омраза“? Нека одговори на ова денешната грчка пропаганда.

Во продолжение на описот на битката кај Ис, читаме:

„*Целата војска на Дарие се вели дека броела околу шестотини илјади борци. Како што напредувал Александар открил дека теренот е широк, па затоа ги довел своите коњаници и тоа оние што биле наречени ‚придружници' и Тесалијците, како и Македонците, па заедно со нив се лоцирал на десното крило. Пелопонезијците и останатите сојузници од редовите на Грците ги испратил на лево кај Парменион".*

Овде гледаме дека Аријан пишува за Грците кои се бореле во редовите на Македонската војска. Но и нив децидно ги издвојува во однос на Македонците. Гледаме дека како Грци тој ги третира жителите на Пелопонез и Тесалија, кои војувале заедно со „*останатите сојузници од редовите на Грците*“. Практично во тоа време Грците доживувале трагична судбина кога биле принудувани да се борат во редовите на туѓи војски едни против други. Истото ова, по над 23 века ќе ги снајде и Македонците за време на Балканските и Првата светска војна.

Потоа следувала битката кај Гавгамела и последниот тежок пораз на Дарие. Опишувајќи го распоредот на војските во битката кај Гавгамела, Аријан пишува:

„*Единицата на Кратер, синот на Александар, го држеше левото крило на Македонската фаланга... Веднаш до него беше сојузничката грчка коњаница под команда на Еригиј, синот на Ларих.*“ (Arrian, *Anabasis,* 3, 11).

Јасно е дека и во овој извадок Македонците се одделно третирани од Грците, иако се бореле во редовите на иста војска.

Додека Александар се наоѓал во Партија (централна Азија) издал наредби за прераспределување на својата војска. И во описот на овие наредби, Аријан (19 поглавие) јасно ги издвоил Македонците од Грците:

„*Тој* (Александар) *му кажа на Парменион лично да ги земе грчките наемници, Тракијците и сите останати коњаници, освен придружната коњаница и да тргне кон земјата на Кадусјаните во Хирканија. Тој исто така испрати порака до Клит, командантот на кралската единица на коњаницата, кој остана болен во Суза, да ги поведе Македонците кои беа таму оставени... и да појде во насока на Партија.“*

Откако Дарие бил целосно поразен, Аријан (21 поглавие), анализирајќи ја неговата судбина, заклучува:

„*Се случи тој да води војна против Македонци и Грци токму во времето кога ја наследил кралската моќ...“*

Значи пак имаме јасно издвојување на Македонците и Грците како два засебни народа против кои Дарие војувал.

Ваквото раздвојување го среќаваме и во описот на Аријан за походот на Александар против Мардијците (средноазиски народ). Во 24-то поглавие читаме:

„*Враќајќи се кон кампот од каде што започна да ја освојува земјата на Мардијците, тој* (Александар) *откри дека таму стигнале грчките наемници на Дарие, придружувани од гласници Спартанци кои престојувале во амбасадата на кралот Дарие... Тие биле уапсени и спроведени под стража, но притоа биле ослободени гласниците Синопејци бидејќи тие не учествувале во сојузот на Грците поради тоа што се наоѓале под персиска власт... Тој исто така ги ослободил и останатите Грци кои работеле за плата кај Персијанците пред склучу-*

вањето на мирот и сојузот што бил направен помеѓу Грците и Македонците.“

Како објаснување на овој цитат ќе го кажеме следното. Македонците, за време на освојувањето на земјата на Мардијците, заробиле делегација составена од Грци, која била во служба на Персија. Отпрвин сите нејзини членови биле уапсени и спроведени под стража, но подоцна оние Грци, кои работеле за Персијанците поради тоа што дотогаш биле државјани на Персија, биле ослободени, додека останатите (некои Спартанци) останале заточени затоа што работеле против Македонија во времето по воспоставувањето на "сојуз" помеѓу Македонците и Грците против Персија.

Аријан (поглавие 26) ги потенцира разликите помеѓу Македонците и Грците и кога пишува за убиството на македонскиот генерал Парменион, кој бил обвинет за заговор против Александар. Овде Аријан ја спомнува: *„...почитта што ја имал, како од страна на Александар, така и од целата војска и тоа не само од Македонците, туку ито така и од грчките помошни трупи.“*

И кога пишува за поразот на Скитите зад реката Танаис, Аријан повторно ги нагласува разликите меѓу Македонците и Грците:

„*За дваесет дена тој* (Александар) *го утврдил градот и го населил со грчки наемници и со некои од околните барбари кои доброволно се пријавиле да живеат во населбата, како и со некои Македонци од неговата војска, кои биле неспособни за служење војска*.“

Интересен е описот на еден настан што се случил во Персија. За време на една гозба извесен Анаксит (кој не бил Македонец) бил толку восхитен од Александар, што предложил македонскиот цар да биде третиран како бог. Аријан (9 поглавие) пишува:

„*Анаксит започна дискусија велејќи дека во Александар многу позаслужено треба да се верува како во бог*

отколку во Дионис или Херакле, не само заради неговите бројни и моќни подвизи што ги направи, туку и заради тоа што Дионис бил само Тебанец, кој немал никаква врска со Македонците, а Херакле бил Аргивец и тој немал никаква врска со нив, освен со педигрето на Александар кој бил потомок на Херакле. Тој додал дека Македонците треба повеќе да го слават својот крал со божествени почести...“

Во ваквиот предлог на Анаксит јасно се гледа дека Грците Тебанци (кон кои наводно припаѓал Дионис, иако тоа не е сосема точно) немале "*никаква врска со Македонците*". Значи, еве уште едно сведоштво за етно-културните разлики помеѓу овие два народа.

И кога го опишува третманот на Александар кон своите војници, Аријан (12 поглавие) повторно укажува на разликите меѓу Македонците и Грците. Овде читаме:

„Бројот на оние Македонци кои не беа способни за воена служба било поради својата возраст било поради некоја несреќа, нарасна на десет илјади. На сите нив Александар им даде плата не само за времето поминато во служба, туку и за времето што им беше потребно за да се вратат дома. Тој исто така секому му даде по еден талент како дополнителна плата. Ако некои од нив имале деца со азиските жени, им нареди да ги остават со него за да не предизвика неслога во Македонија претставувањето на деца од жени туѓинки, кои се припадници на друга раса во однос на децата што ги оставиле дома родени од македонски мајки. Тој ветил дека ќе се грижи за нив и дека ќе ги доведе како Македонци образовани не само во општите работи, туку исто така и во умешноста на војување. Тој исто така превзеде одговорност да ги доведе нив во Македонија откако ќе станат момчиња и ќе ги одведе кај нивните татковци... Тој му нареди на Кратер да ги одведе овие луѓе назад, а откако ќе го направи тоа, да ја превземе

власта во Македонија, Тракија и Тесалија и да се грижи за слободата на Грците. Тој исто така му нареди на Антипатер да му доведе млади мажи Македонци за да ги наследат оние што се враќаат назад.“

Меѓутоа Антипатер почнал да се однесува како единствен владетел на Македонија и над Грците, па Олимпија му пишала на Александар писмо во кое се пожалила на ваквото негово однесување. Во врска со ова Аријан вели:

„*Кралицата му пишала дека Антипатер претерано дрско се однесувал кон своите претензии за владеење како и за службувањето на Дворот и како да заборавил кој го назначил на тоа место. Наместо тоа сакал да се наметне како најглавен на Грците, па дури и на Македонците.“*

И во овие извадоци толку јасно Македонците се издвоени од Грците, што никаков коментар не е потребен.

Македонците и Грците се спомнати одвоено и во описот на настанот што се случил во Азија по враќањето на Александар од походот во Индија. Откако разбрале за непобедливоста на Александар, разни народи испратиле свои претставници кај него. Аријан (7, 15) пишува:

„*Картагинците испратиле пратеници кај него во тоа време, а исто така дошле гласници кои молеле за пријателство со него од редовите на Етиопјаните, Скитите од Европа, Галите и Иберијците - народи чии имиња за прв пат биле слушнати и чии носии тогаш за прв пат биле видени од Грците и од Македонците*.“

На крајот од својата книга Аријан (7,30), во врска со ликот и делото на Александар, заклучува нешто што ќе го оставиме без коментар:

„*Мислам дека во тоа време не постоела ниту една човекова раса, ниту еден град, па дури и ниту еден поединец до кои името на Александар не стигнало. Заради оваа причина мене ми се чини дека херој, целосно*

различен од секое човечко суштество, не можел да биде роден без посредство на боговите. И се вели дека ова било откриено по смртта на Александар од страна на пророчествата и од визиите што им се прикажувале на разни луѓе, како и од соновите што ги имале разни поединци. Тоа исто така се гледа и од почеста што до денес му ја даваат луѓето, како и од сеќавањето на него според кое тој е запометен како нешто повеќе од обичен човек. Дури и во денешно време (II век по Христа, з.м.)*, по толкав поминат период, постојат пророштва во негова чест и во чест на нацијата на Македонците.“*

На крајот ќе спомнеме извадок и од едно друго дело на Аријан, од кое, поголем дел денес не е зачуван. Се работи за делото под наслов "*Историја на наследниците*". Во еден пронајден фрагмент од папирус (PSI XII.1284), за кој се смета дека претставува дел од ова изгубеното дело, предаден е уште еден доказ за посебноста на македонскиот јазик. Овде читаме дека секретарот на Филип и на Александар Македонски, по име Евмен (цитат): "...*испратил напред еден човек, по име Ксение, кој зборувал македонски* (на англиски преведено како: *who was Macedonian in speech*)*"*... за да преговара со Македонската војска на Неоптоломеј. Овој настан се случил околу 321 година пред Христа.

Како заклучок на сите овие извадоци ќе кажеме дека делото на старогрчкиот историчар Аријан (засновано главно врз делата на античко-македонските историчари Птолемеј и Аристобул) преставува силно оружје против современата грчка пропаганда.

АПИЈАН (ОКОЛУ 95 - 165 ГОД.)

Апијан (Appian) потекнувал од Александрија. Се родил околу 95 година. Околу 120 год. заминал за Рим, каде учел за адвокат. Во 147 бил назначен за прокуратор во Египет. Тој е автор на неколку историски дела, од кои единствено делото „Историја на Рим“ („Романика“) е во целост зачувано. Ова дело било напишано околу 165 година и истото е составено од 24 книги. Од останатите негови дела зачувани се само фрагменти. Едно од неговите нецелосно зачувани дела била и книгата „Македонските војни“. Од оваа книга зачувано е поглавието под наслов „Илирските војни“. Во овој текст Апијан исто така јасно ги одвојува Македонците од Грците.

Така, на пример, пишувајќи за нападите на илирските племиња во Македонија, Апијан вели:

„*...Некои илирски племиња, а посебно Скордизите, Медите и Дарданците повторно заеднички ги нападнаа Македонија и Грција, при што ограбија многу храмови, вклучително и храмот во Делфи.“* (Illyrian Wars, 5).

Значи тој овде јасно ги издвојува етно-културните територии на „Македонија и Грција“ како одделни целини.

Во продолжение Апијан е уште подециден, па одделно ги спомнува и Македонците и Грците како народи. Во 82 фрагмент од својата книга, тој пишува:

„*Римјаните... им објавија војна на Илирите заради нивните ограбувања на храмовите и со тоа Римјаните ги вознемирија Грците и Македонците.“*

И овде гледаме дека Апијан многу децидно ги спомнува Македонците како посебен народ во однос на Грците, спомнувајќи ги во контекст на војната помеѓу Илирите и Римјаните.

Во поглавието „Сириските војни“ (2) од „Историја на Рим“, Апијан уште подецидно ги издвојува Македонците и Грците како два посебни народа. Пишувајќи за почетокот

на непријателствата помеѓу Римјаните и Антиох Трети (крал од македонската династија на Селевкидите кои останале да владеат со дел од Азија по смртта на Александар Велики), Апијан пишува:

„*Овде почнале неговите* (на Антиох Трети, з.м.) *отворени недоразбирања со Римјаните затоа што како што одел кон грчките градови повеќето од нив му се приклонувале и ја примале неговата војска бидејќи се плашеле дека ќе бидат окупирани. Но жителите на Смирна и Лампсак, како и некои други што се спротивставиле, испратиле свои амбасадори кај Фламиниј, римски генерал што претходно го порази Филип Петти Македонски во голема битка во Тесалија. Работите меѓу Македонците и Грците биле тесно поврзани во одделни времиња и места, како што прикажав во мојата ,Грчка историја'".*

Овде нема да навлегуваме во детаљно објаснување на сложените политички процеси од тоа време (кога Антиох тргнал да ги покорува грчките градови, но некои од нив побарале помош од Римјаните), туку ќе се задржиме на темата на нашиов интерес, која уште еднаш овде е децидно потврдена преку јасното издвојување на Македонците и Грците како два посебни народа.

Во своето дело „Сириските војни" (52) Апијан за Македонците дури пишува дека биле посебна „раса" (без оглед на тоа какво значење имал овој збор значел во антиката). Опишувајќи ги настаните по смртта на Александар Велики Македонски, Апијан пишува:

„*Во оваа книга посветена на сирискатa историја јас раскажав како Римјаните дојдоа во посед на Сирија и како ја доведоа до состојбата во која денес се наоѓа. Не е лошо да кажеме нешто и за тоа како Македонците, кои владееја со Сирија пред Римјаните, ја освоија истаа оваа земја.*

По Персијанците, Александар Велики стана владетел на Сирија, како и над народите што таму ги затекнал. Но, тој умрел, оставајќи еден мал син и еден сè уште нероден. Македонците кои биле лојални на расата на Филип, го избрале Аридеј, братот на Александар за крал заради малолетноста на синовите на Александар...“

Во истото дело (58) Апијан пишува за дејноста на Селевк (македонски генерал, а подоцна крал на дел од отцепената империја на Александар) во основањето градови. И во оваа прилика Апијан сосема јасно ги издвојува Македонија од Грција. Тој дури пишува и дека Македонците и Грците имале посебна топонимија на своите градови со која Селевк се служел во именувањето на новооснованите градови. Овде читаме:

„*Тој изградил градови во сите свои области и шеснаесет од нив ги нарекол Антиох во чест на својот татко; пет Лаодика во чест на својата мајка; девет ги именувал со своето име, а четири според имињата на своите сопруги: три Апама и еден Стратоника... На останатите тој им стави имиња од Грција и од Македонија или во чест на своите подвизи или во чест на Александар. Заради тоа во Сирија и среде барбарските области во горна Азија, многу градови носат грчки и македонски имиња.“*

Јасното издвојување на грчките од македонските имиња (топонимија) од страна на познатиот антички историчар Апијан е уште еден удар против современата големогрчка пропаганда, која пишува за некакви „грчко-македонски“ имиња.

Во продолжение на истото дело (63) Апијан нуди еден многу интересен податок со кој се руши уште еден од темелите на современата грчка историографија и пропаганда во врска со етничкото потекло на македонската царска династија Аргеади (од која потекнуваат Филип

Втори и Александар Велики Македонски). Имено, среде јавноста во прилична мера е проширена информацијата дека припадниците на оваа династија потекнувале од местото Арг, кое се наоѓало на Пелопонез (што значи дека биле - „Грци“). Меѓутоа, Апијан пишува нешто сосема поинаку. Во посочениот извадок од неговото дело, тој вели:

„*Постои Арг на Пелопонез, постои друг во Амфилохија и уште еден во Орестија (од каде што потекнуваат македонските Аргеади), а еден има и на Јонското Море...“*

Орестија е област од Македонија. Значи, според Апијан, и во Македонија постоел град со името Арг и оттаму потекнувала македонската династија Аргеади, а не од Арг на Пелопонез! Доколку некој забележи дека за потеклото на македонската династија од Арг на Пелопонез постојат антички сведоштва, ќе одговориме дека и сведоштвото на Апијан е античко сведоштво - ништо помалку вредно и релевантно од оние кои тврдат поинаку.

Но и на Пелопонез во дамнешните времиња кога биле оформени почетоците на македонската династија живеел негрчкиот народ Пелазги, за кои токму Херодот пишува дека не можеле да се разберат со Грците и дека војувале со нив. Оттаму, доколку Аргеадите и навистина потекнувале од Арг на Пелопонез (иако Апијан тврди дека потекнувале од Македонија), тоа воопшто не значи дека биле „Грци“. Посебно ако се знае дека нивните истакнати членови си зборувале на неразбирливиот за Грците, македонски јазик.

Да заклучиме дека и Апијан со своето дело се вклучува во плеадата антички автори кои ја потенцирале етно-културната посебност на античките Македонци.

АМПЕЛИЈ (III век)

За Лукиј Ампелиј (Lucius Ampelius) не се знае речиси ништо. Дури не се знае ниту времето кога живеел. Некои сметаат дека тоа било во II век, но повеќето истражувачи сметаат дека живеел во III век. Ампелиј останал запаметен по своето дело "Liber Memoralis". Тоа е всушност кратка општа историја, која почнува од најраните времиња, а завршува до времето на римскиот цар Трајан (53 - 117 год.).

Во ова дело Ампелиј повеќе пати ги споомнува Македонија и Македонците. Притоа тој недвосмислено ги третира како посебен народ во однос на Грците и останатите народи. Во шестото поглавие на книгата читаме:

„*Во Азија најпознати* (во оригиналот на латински стои clarissimae, што во буквален превод значи „најсјајни“, з.м.) *народи се: Индијци, Сери, Персијци, Меди, Партијци, Арапи, Битини, Фригијци, Кападокијци, Киликијци, Сиријцуи, Лики. Во Европа најпознати (clarissimae) народи се: Скитите, Сарматите, Германите, Дакијците, Мизите, Тракијците, Македонците, Далматите, Панонците, Илирите, Грците, Италите, Галите и Шпанците.“* (Liber Memoralis, De orbe terrarum, VI, 3).

Значи и овде имаме многу јасно издвојување на Македонците и Грците како одделни народи. Во истото поглавие овој антички автор недвосмислено пишува дека Олимп целосно била македонска планина:

„*Најпознати планини во целата земја се: Кавказ во Скитија, Емод во Индија, Либан во Сирија, Олимп во Македонија, Химет во Атика, Тајгет во Лакадемонија, Китерон и Хеликон во Бојотија, Акрокераунија во Епир, Менал во Аркадија, Апенини во Италија, Ерикс во Сицилија, Апли во Галија и Италија, Пиринеи во Галија и Шпанија, Атлас во Африка и Калпа кај каналот кон океанот“.*(Liber Memoralis, De orbe terrarum, VI, 6).

Во десеттото поглавие, посветено на империите, Ампелиј ги спомнува оние народи кои имале свои славни империи, при што, заедно со: Асирците, Медите, Персијанците, Лакадемонците (Спартанците, з.м.), Атињаните и Римјаните, посебно ги спомнува и Македонците.

Во Шеснаесеттото поглавие Ампелиј накратко го опишува периодот од владеењето на Филип и Александар, па се до римската окупација на Македонија.

Пишувајќи за македонско-римските војни, Ampelius вели:

„*Филип, кој жестоко владееше како крал во Македонија седми по ред по Александар Македонски, беше нападнат во Грција. Притоа во Фокида загина конзулот Сулпикио, а потоа откако неговиот син Димитрија беше опколен во Тесалија кај Киноскефале, го предаде целосно кралството и беше казнет од Фламинин. Синот на Филип, по име Персеј со голем број македонски чети и со жесток напад кај Аскуридем во Грција, со помош на имитирање на слонови во празен простор, го поразил конзулот Марцио, за кој е познато дека загина паѓајќи во морето додека бегал со воените залихи. Набргу потоа Емилиј Паул ги поразил Самотракијците и со јуриш ги натерал во бегство во Македонија...*

Паул којшто ги порази Македонците, а за Грците беше ослободител и од кои стекна голема слава, секојдневно... ù се заблагодаруваше на судбината затоа што успеал да ги порази жестоките непријатели на своите дом и држава.“

(На латински целосно: *“Philippus, qui post Alexandrum Macedonem septimo gradu Macedoniae regnavit, invectus in Graeciam cum saeve dominaretur, a Sulpicio consule in Phocide victus est, mox a Flaminino in Thessalia aput Cynoscephalas, ubi dato obside filio Demetrio regni parte multatus est. Perses Philippi filius, cum maximis copiis Macedoniis et cum in Graeciam impetum fecisset, cum inanibus*

elephantorum simulacris a Marcio consule apud Ascuridem paludem victus, praecipitatis in mare thesauris profugit; mox ab Aemilio Paulo tota Macedonia fugatus Samothraciam confugit in asylum, unde data fide cum se Paulo commisisset, ante currum eius in triumphum productus mox libera custodia in Albano consenuit...

...Paulus, qui cum Macedoniam vicisset et Graeciam liberasset et opulentissimum triumphis reportasset, inter ipsos triumphi dies amissis duobus liberis pro contione dixit gratias se agere fortunae, quod in suam potius domum quam in rem publicam saevisset.").

Овде гледаме дека Ампелиј го сметал римскиот генерал Паул Емилиј (кој го поразил последниот македонски владетел Персеј за што во продолжение подетаљно пишуваме) како победник над Македонците и ослободител за Грците, т.е. човек што ги ослободил Грците од претходното македонско ропство под кое се наоѓале.

АНОНИМЕН РАНОХРИСТИЈАНСКИ АВТОР (ОКОЛУ IV ВЕК)

Овој ранохристијански автор е познат само по кратките воведни коментари за некои од Писмата на Свети Павле од Новиот Завет. Овие воведни коментари се претставени и обработени во книгата „*The Gospel History and its transmission*“ („*Историјата на евангелијата и нивното пренесување*“), објавена во 1906 година.

Она што е интересно за темата што ја обработуваме е тоа што овој анонимен автор го третира и етничкото потекло на луѓето на кои свети Павле им ги испраќал своите писма. Така, на пример, под поглавието насловено како „За Галатјаните“, тој пишува: „*Галатјаните се Грци*“.

Под поглавието насловено како „За Коринтјаните“, тој пишува: „*Коринтјаните се од Ахаја*“.

Под поглавието насловено како „За Римјаните“, тој пишува: „*Римјаните се дел од Италија*“.

Под поглавието насловено како „За Колосјаните“, тој пишува: „*Колосјаните, исто како и Лаодикијците, се од Азија*“.

Меѓутоа, под поглавието насловено како „За Тесалоникијците“, тој пишува: „*Тесалоникијците се Македонци, кои го прифатија Словото на вистината и ја зачуваа верата дури и кога беа прогонувани од своите сограѓани* “.

Под поглавието насловено како „За Филипјаните“, тој пишува: „*Филипјаните се Македонци. Тие го прифатија Словото на вистината, го зачуваа со верба и не примија лажни апостоли.“* (Подетаљно во: "*The Gospel History and its transmission*" F. C. Burkitt, Gorgias Press, 2006, ISBN: 978-1-59333-529-8).

Значи еве уште еден антички автор кој немал сомнение дека Македонците биле посебен народ во однос на Грците.

ДЕМОСТЕН (IV ВЕК ПРЕД ХРИСТА)



Демостен се родил во 384 година пред Христа и денес се смета за најголемиот говорник среде античките Грци. Помеѓу другото, тој е познат и по својот анти-македонизам и овој сегмент е многу значаен во неговото дејствување. Само како илустрација ќе спомнеме дека во неговата биографија во светски познатата општа енциклопедија "Микрософт Енкарта" (САД, 1998), уште во првата реченица е спомнато неговото спротивставување на Македонија како една од неговите најзначајни активности во животот. Овде читаме:

„*Демостен (384 - 322 пред Христа) бил најголемиот говорник во античка Грција, кој го предводел атинскиот отпор против Македонија*.“

Во продолжение читаме дека Демостен бил роден близу Атина и дека рано останал без татко. Како возрасен Демостен почнал да се занимава со политика, конкретно се ангажирал за заштита на Грците од опасноста што им

се заканувала од Македонците. Во продолжение на неговата биографија во "Енкарта" читаме:

„*Тој се посветил себеси кон оживување на духот на јавноста во Атина и на заштита на грчката култура, која во тоа време била под удар на агресивниста на кралот Филип Втори Македонски. Повеќето од неговите големи говори биле насочени против опасноста од потчинување на грчките градови од страна на Македонците*.“

Својот прв познат говор против Филип, Демостен го создал во 351 година пред Христа. Овој говор станал познат под името "Прва Филипика". Подоцна Филип го нападнал градот Олинт, кој бил сојузник на Атина. Тогаш Демостен напишал три нови говори против Македонците во кои барал Атина да му помогне на Олинт. Но, Олинт бил завземен, а Демостен учествувал во делегацијата која преговарала помеѓу Атина и Македонија. Во продолжение на неговата биографија во "Енкарта" читаме:

„*За време на следните осум години Демостен продолжил да предупредува против моќта на Македонците*.“

Тогаш биле создадени Втората и Третата Филипика, кои исто така биле говори со анти-македонска содржина. Подоцна била создадена и Четвртата Филипика.

По пресудната битка кај Херонеја помеѓу Македонците и Грците (338 година пред Христа), Филип Втори ги завзел повеќето грчки територии. Но, Демостен продолжил со своите анти-македонски говори, залагајќи се за слобода на Грците. Во врска со последниот период од животот на Демостен, во неговата биографија во "Енкарта" читаме:

„*По смртта на Александар* (Велики Македонски, з.м.) *во 323 година пред Христа, Демостен повторно ги повикел Грците да се борат за слобода, но наследникот на Александар во Македонија, по име Антипатер, го скршил секој отпор и побарал од Атињаните да му ги*

доведат своите водачи патриоти, вклучувајќи го и Демостен.“

Атинското собрание, под притисок на Македонците, донело одлука водачите на анти-македонскиот бунт (заедно со Демостен) да бидат осудени на смрт. Демостен успеал да побегне на еден остров каде извршил самоубиство.

За анти-македонската дејност на Демостен, сведочел и подоцнежниот антички грчки историчар Плутарх (за кого во продолжение подетаљно ќе пишуваме). Во своето дело „Споредба помеѓу Демостен и Кикерон“ (напишано во 75 година по Христа) Плутарх пишува:

„*Демостен... одел низ градовите на Грција и секаде, како што рековме, се вклучувал во судирите во корист на Грците, кои сакале да ги избркат македонските претставници... По своето враќање тој повторно се посветил на истата дејност и продолжил да им се спротивставува на Антпатер и на Македонците*.“

Што се однесува до самите пишувања на Демостен, тој во своите напади против Македонија, исто така јасно ги издвојувал Македонците од Грците како два посебни народа. Уште во Првата Филипика тој го опишал Филип како (цитат): "*човек кој ги потчинил Атињаните и управувал со внатрешните работи на Грција.*"

Демостен дал и децидно сведоштво со кое била оспорена секаква етничка (но, и митолошка) врска помеѓу античките Македонци и „*грчкиот бог Хераклe“*. Во еден од своите бројни анти-македонски говори, тој сосема јасно го оспорил правото на Македонците да се сметаат себеси како *потомци на Хераклe.* Критикувајќи ги македонските пратеници кои неколкупати повториле дека Филип Втори води потекло од Хераклe, Демостен изјавил:

„*Јас сметам дека Хераклe, секако со негодување ги слушна зборовите на пратениците, кои постојано повторуваа дека Филип води потекло од овој бог. Овој бог добро нека го запознае презрителот на сите рели-*

гии. Овој грчки бог нека го согледа тираниот Македонец. Овој бог, мразител, казнувач и уништивач на тиранијата...“ (Квинтиј Куртиј Руф: „Историја на Александар Македонски*“,* во превод од латински на д-р Љубинка Басотова; Скопје, 1998 година, стр. 30).

Сепак најјасниот доказ за негрчкото потекло на Македонците и нивните цареви Демостен дал во Втората Филипика, каде во врска со македонскиот цар Филип Втори, ја дал следнава навредлива изјава:

„Филип, тој човек не само што не е Грк, туку и нема ништо заедничко со Грците. Барем да беше барбарин од некоја пристојна земја - но тој не е ни тоа. Тој е некакво шугаво суштество од Македонија - земјата од која не можеш да доведеш ниту роб што барем нешто вреди.“

Се поставува прашањето: зошто Демостен го нарекол Филипа „*барбарин*“? Што значел овој збор во антиката? Научниците се речиси едногласни кога тврдат дека именката „*барбарин*“ во антиката главно се однесувала за луѓе кои зборувале на неразбирлив јазик за Грците (луѓе кои „*барборат*“) со доза на потценување кон нивната култура. Практично, сите народи кои не зборувале грчки, Грците ги нарекувале „*барбари“*, додека помеѓу себе Грците си се нарекувале „*ксенои*“.

Ова толкување на зборот „*барбари*“ денес е прифатено од поголемиот број историчари. Само како илустрација, ќе го наведеме пишувањето на авторката Ема Стафорд, која во својата книга „*Античка Грција, живот, митови и уметност*“, во врска со значењето и етимологијата на овој збор, пишува:

„*Грчкиот јазик бил основен за Грците за да можат себеси да се дефинираат како поинакви од барбарите, на чиј ба-ба-ба јазик им се потсмевале.*“ (Ema J. Staford: "*Ancient Greece, Life Myth and Art*"; Great Britain, 2004, ISBN 1-84483-044-6, цит. според Јанко Томов: „*Античката*

историја на Македонија и на Балканот во делата на западните автори“, Бризбејн, Австралија, 2005, стр. 72).

Познатата американска историчарка д-р Синдја Сиднор Словиковски, еве како го објаснува значењето на „*барбарин*“:

„*Терминот 'барбарин' се однесувал на нешто спротивно на терминот 'Хелен' во антиката и имал три главни значења кај авторите: неинтелигентен, странски и не-грчки... Антитеза не Хеленот е барбаринот.*“ (D-r Synthia Sydnor Slowikowski: "*Sport and Culture in the Ancient Macedonian Society*, The Pensylvania State University, 1988 стр. 30).

Конечно и самите антички грчки автори пишувале што подразбираат под терминот "*барбари*". Децидно сведоштво за ова дал познатиот атински драмски автор Аристофан (живеел околу 448 - 385 година пред Христа). Во својата драма „Птици“ (напишана во 414 година пред Христа), во врска со „*барбарите*“, Аристофан напишал:

„*Долго време престојував со нив и ги учев да зборуваат, иако порано тие беа барбари*.“

Овде јасно се гледа дека терминот „*барбари*“ за античките грчки автори значел „луѓе кои не зборуваат грчки“, т.е. луѓе кои не се Грци.

Впрочем, постојат огромен број сведоштва од античките грчки автори, во кои тие го употребуваат терминот „*барбари*“ за припадниците на разни азиски, африкански, но и европски, народи и ова е сосема добро познато. Оттаму, доколку, на пример, припадниците на некој далечен азиски народ биле наречени „*барбари*“ само затоа што не зборувале грчки, сосема иста е суштината за употребата на истиот овој термин и во однос на Македонците. Не може терминот „*барбари*“ кога се однесува за Македонците да има едно значење, а за сите други негрчки азиски, африкански и европски народи да има друго значење. Ова го потенцираме затоа што денес некои

грчки и прогрчки настроени автори се обидуваат да ја потценат изјавата на Демостен, во која тој Македонците ги квалификува како „*барбари*“, неубедливо трудејќи се да објаснат дека тој Македонците не ги сметал за инаков народ од Грците, туку дека квалификувајќи ги како „*барбари*“, само сакал да ја „омаловажи нивната култура“, заради „политички причини“ и сл.

Демостен не бил единствениот Грк, кој ги детерминирал Македонците како „*барбари*“, т.е. народ со негрчко потекло. И античкиот грчки автор **Тразимах** (Thrasymachus) во 5 век пред Христа во својот говор за Ларисјаните, го нарекол македонскиот крал Архелај како „*барбарин*“ во однос на Грците Ларисјани (за што ќе пишуваме во продолжение).

Македонците се наречени „*барбари*“ од страна на Грците и во **Лексиконот „*Суда*“** (пишуван од неколку антички и средновековни автори, за што во продолжение исто така ќе пишуваме).

И граматичарот **Хесихиј** (за кого исто така пишуваме во продолжение) ги опишал Македонците како „барбари“. Во описот за значењето на зборот *сариса* (долго копје на Македонската фаланга), тој запишал дека го користеле „*барбарите Македонци*“.

Да заклучиме дека со своите анти-македонски изјави Демостен претставува еден од најзначајните извори за негрчкото потекло на античките Македонци.

ДЕКСИП (III ВЕК)

За историчарот Дексип (Publius Herennius Dexippus) дознаваме од делото на Фотиј (Photius), кој бил патријарх во Цариград и живеел во IX век. Едно од делата на Фотиј е познато под името „Библиотека“. Во ова дело Фотиј објавил кратки содржини (свои рецензии) на вкупно 279 книги што самиот ги прочитал. Добар дел од овие книги денес не се зачувани, па за нив знаеме само преку неговото дело. Исто е и со добар дел од авторите на овие книги. Еден од нив бил Дексип. Се родил околу 210, а починал околу 273 година. Тој бил познат атински генерал, говорник и историчар. Фотиј бил толку воодушевен од книгите на Дексип што дури го споредил со еден од најпознатите антички историчари Тукидид. Од оригиналните дела на Дексип зачувани се само фрагменти, иако овие дела своевремено му биле достапни на Фотиј. Во едно од нив (насловено само како „Историја, историски извадоци“ била опишана историјата на Македонците од периодот по смртта на Александар Велики. Во врска со ова дело Фотиј пишува:

„*Прочитај ја историјата на настани што се случиле по смртта на Александар Велики, напишана од Дексип во четири книги... Тој пишува како престолот го наследил неговиот брат Аридеј, кој бил син на Филип Македонски и Филина од Лариса. Сè уште неродениот син на Роксана од Александар, доколку и навистина ќе бил син, требало да владее заедно со Пердика, кој бил избран од Македонците да раководи со империјата. Што се однесува до поделбата на империјата на Александар, Птолемеј Лагов завладеал со Египет, Либија и со земјите близу Египет. Клеомен, кој од Александар бил назначен за сатрап на овие области, му станал потчинет. Лаомедон од Митилена завладеал со Сирија, Филота со Киликија, Питион со Медија, Евмен со Кападокија,*

Пафлагонија и брегот на Еуксина се до Требизонд. Антигон завладеал со Памфилија и Киликија, сè до Фригија. Асандер со Карија, Менандер со Лидија, а Леонат со фригиски Хелеспонт. Во Европа Лизимах ја завладеал Тракија, а Антипатер цела Македонија, Грција, Илирија, земјата на Трибалите и Агријаните и целиот копнен дел на кој бил поставен за единствен командант уште од времето на Александар. Грижата за одбраната на кралството му била доверена на Кратер, а Пердика завладеал со хилијарсите на Хефастион, што било највисок чин среде Македонците.“ (Photius: *Bibliotheca*, 82).

Очигледно дека и од овие извадоци од историјата на Дексип јасно се гледа дека и тој одделно ги третирал Македонците од Грците (одделно ги спомнува двете земји, а го спомнува и етнонимот Македонци).

ДИКЕАРХ (IV И III ВЕК ПРЕД ХРИСТА)

Дикеарх (Dicaearchus) од Месана се родил околу 350, а починал околу 285 година пред Христа. Тој бил познат старогрчки филозоф, картограф, географ и математичар. Бил ученик на Аристотел и современик на Александар Велики Македонски. Многу малку од неговите дела се зачувани до денес. Едно од неговите најпознати дела (денес познато под името „Животот на Грција“) било посветено на историјата и географијата на грчките територии. Во него биле опишани низа сегменти од животот и културата на старите Грци. Во првиот том (од вкупно три) Дикеарх дал детален опис на географијата и историјата на Грците. Во врска со границите на грчките територии, Дикеарх запишал:

„Границите на Грција ги лоцирав во земјата на Магнесијанците... Над Темпе, кон планината Олимп, се наоѓа земјата на Македонците.“

Тој пишува и дека грчките територии почнувале од Амбракискиот залив (се наоѓа јужно од Епир) и завршува кај реката Пена (*„Меморандум за античките граници на Грција“;* British documents of foreign affairs, Part I, Series F, Europe 1848 - 1914, Vol. 14 "Greece, 1847 - 1914", University publications of America).

Практично и за Дикеарх немало сомнение дека Македонците не биле никакви Грци.

ДИО КАСИЈ (II И III ВЕК)

Дио Касиј (Lucius Cassius Dio) се родил во Никеја во средината на II век, а починал по 229 година. Тој бил бележит римски историчар. Негово најпознато дело е „Историја на Рим“ објавено во 80 томови. Ова дело тој го пишувал цели 22 години, а ја опфаќало историјата уште од најстарите времиња, па се до неговото време. Извесно време бил назначен како гувернер на Смирна, а потоа и за конзул. Подоцна се вратил во родната земја, каде и починал. Некои од томовите се зачувани целосно, а некои само делумно.

Во зачуваните фрагменти Дио Касиј во повеќе наврати пишува за Македонија и Македонците. Во 17 том тој ги опишува воените дејства помеѓу Македонија и Рим. Притоа сосема јасно ги издвојува Македонците од Грците, прецизирајќи дека Грците всушност биле под македонска власт пред да дојдат Римјаните.

„*Центо со помош на флотата ја спаси Атина, која била опсадена од Македонците и го ограбил Калкис, кој бил окупиран од истиот непријател. Во меѓувреме Филип* (Петти) *настапил против Атина, но Центо, враќајќи се, го одбил назад, а потоа уште еднаш го одбил откако овој повторно нападнал. Додека Филип бил зафатен во Грција, Апустиј ја нападнал Македонија, ограбувајќи ја земјата и освојувајќи ги гарнизоните и градовите...* “ ("Roman History", Book 17, 9).

И во делот 16 од истата книга Дио Касиј одделно ги спомнува Македонија и Грција, при продолжението на описот на Римско-македонската војна:

„*Но, да се вратиме на кампањата во Грција и Македонија...“*

Пишувајќи за успехот на римскиот генерал Фламинин во борбите против Филип Петти Македонски, Дио Касиј објаснува дека Фламинин не сакал до крај да го порази

Филип Петти за да не се врати слободарскиот дух кај т Грците, туку да им бидат благодарни на Римјаните и да не посакаат да им се спротивстават. Во истата книга читаме:

„...*Тој стравувал дека ако Филип биде отстранет, Грците можеле да го обноват својот антички дух и повеќе да не им обрнуваат внимание на Римјаните.“*

И овде нема потреба од дополнителен коментар.

Во 20 книга Дио Касиј ги опишува настаните во Македонија пред Третата римско-македонска војна. Овде читаме:

„*Филип* (Петти)*, кралот на Македонија, го осудил на смрт својот дин Димитрија, а се подготвувал да го убие и својот друг син Персеј, но смртта го претекнала. Ова се случило заради тоа што Димитрија ја придобил склоноста на Римјаните за време на својот престој и заложништво и се надевал, заедно со останатиот дел од македонскиот народ, дека тој ќе го наследи кралството по смртта на Филип. Но, Персеј, кој бил негов постар брат бил љубоморен на него и лажно го обвинил за подготвување завера против нивниот татко. Така Димитрија бил принуден да испие отров, по што умрел. Недолго потоа Филип ја разбрал вистината и посакал да го казни Персеј, но немал доволно сила, а недолго потоа умрел. Така Персеј го наследил кралството.“*

Во следните книги Дио Касиј во повеќе наврати ги спомнува Македонија и Грција, но веќе како римски провинции. Во секој случај, Значи Дио Касиј е уште еден антички автор кој бил сосема свесен за етно-културните разлики меѓу Македонците и Грците.

ДИОНИСИЈ ОД ХАЛИКАРНАС
(I ВЕК ПРЕД И I ВЕК ПО ХРИСТА)

Дионисиј од Халикарнас (Dionysius of Halicarnassus) се родил околу 60 година пред Христа, а починал некаде по 7 год. по Христа. Тој бил историчар. Извесно време престојувал во Рим каде го изучувал латинскиот јазик и работел на своите дела. Бил учител по реторика и се дружел со видни личности од своето време. Негово најпознато дело е „Римски старини“ ("Roman Antiquites"), кое ја опфаќало историјата на Рим уште од најстарите времиња, па сè до почетокот на Првата пунска војна. Ова дело било поделено на 22 книги, од кои првите 9 се целосно зачувани, а од останатите се зачувани помали или поголеми фрагменти.

Во Првата книга (3 дел) Дионисиј од Халикарнас ја спомнува Македонија како „најмоќна нација“ во тогашниот свет:

„*...Македонија, која до тогаш била сметана за најмоќна нација на светот, повеќе немала како ривал ниту една нација било барбарска или грчка.“*

Во Втората книга (17 дел) тој јасно пишува дека Македонците им ја одзеле слободата на Грците (Атињани и Тебанци), откако претходно ги поразиле во битката кај Херонеја:

„*А Тебанците и Атињаните преку катастрофата што ја доживеале кај Херонеја биле отстранети од Македонците не само од водството над Грција, туку им била одземена и слободата што ја имале наследено од своите предци.“*

Со ова и Дионисиј од Халикарнас се вброил себеси во оние бројни антички автори кои сведочеле за посебноста на античките Македонци како народ.

ДИОНИСИЈ КАЛИФОНТ
(I ВЕК ПРЕД ХРИСТА)

Дионисиј Калифонт (Dionysus Calliphontis) бил географ кој живеел во I век пред Христа. Извадоци од неговото дело превзедовме од делото „Меморандум за античките граници на Грција“ подготвено од британскиот воен историчар мајорот Ардаг. Во врска со границите на тогашната грчка територија, Дионисиј Калифонт запишал:

„*Амбракија е првиот град во Грција... Грција се протега од Амбракија до Пена.“* („*Меморандум за античките граници на Грција“;* British documents of foreign affairs, Part I, Series F, Europe 1848 - 1914, Vol. 14 "Greece, 1847 - 1914", University publications of America).

Ова е претставува децидно сведоштво дека не само Македонците, туку и Епирците не биле третирани за грчки народ од страна на Дионисиј Калифонт, но и други автори.

ДИО КРИСОСТОМ

Дио Крисостом е познат и како Дион од Пурса. Тој живеел во I и II век по Христа (од околу 40 до 120 година). Тој бил писател, говорник, филозоф и историчар во времето на Римската империја. Се родил во Пурса (денешна Бурса) во провинцијата Битинија (денешна Турција). Како млад заминал за Рим каде во тоа време владеел царот Веспазијан (69 - 79 год.), а потоа ги посетил Тракија, Мизија, Скитија и земјата на Гетите. Бил близок и со римските императори Нерва и Трајан. Животот го завршил во родната Пурса. Најголем дел од неговите трудови денес не се зачувани или се зачувани само во одделни фрагменти.

Во своето дело „Диоскури“ Дио Кристостом нуди една интересна легенда за настанокот на Македонците, која му била раскажана во Александрија од страна на некој Фригиец. Овде читаме:

„*Орфеј со своите песни ги скротувал дивите животни и ги правел чувствителни на хармонија... И овде ќе ви раскажам приказна што ја слушнав од еден Фригиец кој бил роднина на Езоп... Орфеј ги пеел своите песни низ Тракија и Македонија, како што ни беше кажано, и многу суштества дошле кај него за да му прават друштво... Најбројни од нив биле птиците и овците... И така, се додека Орфеј бил жив тие го следеле насекаде, слушајќи го додека тој го минувал времето на планините и меѓу долините. Но, кога тој умрел, тие потиштено го оплакувале во својата болка. Потоа мајката на Орфеј Калиопа, заради љубовта кон својот син, го замолила Зевс да ги смени нивните тела и да им даде човечки облик, но душите да им останат исти... Фригиецот ми кажа дека од овие диви суштетсва што Зевс ги трансформирал бил роден родот на Македонците. И припадници на овој род подоцна тргнале со*

Александар и се населиле овде. Тој додаде дека тоа е причина што луѓето во Александрија се толку занесени по музиката како никој друг и дека кога слушаат звуци на лира... сите си го припомнуваат Орфеј" (Dio Chrysostom *Discourses*, Vol. III).

Ова сведоштво е интересно од неколку аспекти. Како прво овде Македонците се јасно издвоени како посебен народ со митско потекло. Понатаму гледаме дека тие доминирале во Александрија дури и во времето на Дио Крисостом, т.е. околу 400 години по основањето на овој град од страна на Александар Велики Македонски. Интересен е и описот на Македонците како музикален народ, кој настанал од птиците песнопојки што го придружувале митскиот пеач Орфеј додека шетал низ Македонија и Тракија. Практично, изразената љубов кон песната (која овде е посведочена среде Македонците во Александрија) е уште еден заеднички сегмент помеѓу античките и денешните Македонци.

Дио Крисостом дава уште едно многу интересно сведоштво. За жителите на островот Родос пишува дека за една иста работа му давале различни информации. Овде читаме:

„*На пример за една иста статуа тие еднаш велат дека била грчка, друг пат велат дека била римска, а потоа дека била македонска или персиска".* Dio Chrysostom *Discourses*, Vol. III, 159).

Од ова сведоштво, пак, гледаме дека и самите жители на Родос во антиката правеле разлика помеѓу грчките и македонските културни вредности.

Во „Четвртиот дијалог посветен на кралството" Дио Крисостом опишува измислен дијалог помеѓу Александар Велики Македонски и Диоген. Во овој дијалог Александар го прашал Диоген:

„*А уште кои непријатели ќе ми останат, рекол тој, ако ги освојам сите оние народи што ги спомнав?"*

Потоа следи одговорот на Диоген:

„*Најтешко е да ги освоиш не оние што зборуваат персиски или медиски како што зборува Дарие, туку македонски и грчки*.“

На ова Александар се вознемирил, и налутил, јадосан заради сознанието дека други знаеле оти во Македонија или Грција некој подготвува бунт против него. Тој прашал: „Кој е мојот непријател во Грција или Македонија? (Исто, стр. 195).

На ова Диоген му одговорил дека тој многу добро ги знаел своите непријатели.

Натаму нема да претставуваме извадоци од овој дијалог, туку досега изнесеното ќе го разгледаме од аспект на темата што овде ја обработуваме. Овде гледаме дека Дио Крисостом (преку наводната реплика на Диоген) јасно ги издвојува македонскиот и грчкиот јазик како два одделни **говорни** јазика. Истото го прави и со етно-културните територии на „Македонија и Грција“, кои ги спомнува одделно, а тоа го прави и Александар.

Во продолжение на истиот дијалог Александар себеси јасно се определил како „*водач на Грците и крал на Македонците*“, со што уште еднаш се потенцирани разликите помеѓу античките Македонци и Грци.

Со ова и Дио Крисостом се вклучува во плеадата антички автори што јасно ги потенцирале етно-културните разлики помеѓу Македонците и Грците.

ДИОДОР СИЦИЛИЈАНЕЦОТ (I ВЕК ПРЕД ХРИСТА)



Диодор Сицилијанецот е познат антички историчар, кој исто така напишал Биографија за Александар Велики Македонски. Тој живеел во I век пред Христа. Бил роден во градот Агириум на Сицилија. Друго ништо не се знае за неговиот живот, но дел од неговите трудови останале зачувани. Тие се собрани под заеднички наслов „Историска библиотека“ и поделени се во 40 книги. Првите шест книги ја опишуваат историјата, географијата и културата на антички Египет, Месопотамија, Индија, Скитија, Арабија, Северна Африка, Грција и Европа. Од седмата до седумнаесеттата книга опишана е историјата на светот, почнувајќи од Тројанската војна, па сè до периодот на Александар Велики Македонски. Од осумнаесеттата до четириесеттата книга опишани се настаните од периодот кога владееле наследниците на Александар (главно Птолемеи и Селевкиди), па сè до времето на Гај Јулие Цезар (средина на I век пред Христа).

На Биографијата за Александар што ја запишал Диодор како дел од својата Историја, нема подетаљно да се задржуваме. Само ќе цитираме два извадока како најударни во однос на темата што ја обработуваме.

Едниот од нив се наоѓа во 17 книга и се однесува на соработката на Грците со Персија во времето по битката кај Гавгамела (Арбела). Во врска со ова Диодор Сицилијанецот пишува:

*„Во оваа година (*околу 330 пред Христа) *во Грција стигнаа вестите за битката близу Арбела* (Гавгамела) *и многу грчки градови беа растревожени од растежот на македонската моќ, така што решија да се борат за својата слобода сè додека случајот со Персијанците беше актуелен. Тие очекуваа дека Дарие ќе им помогне, заради што му испратија голема сума пари. Тие се надеваа дека ќе ги спојат обете војски, така што Александар ќе требаше да ја раздели својата војска за да им се спротивстави. Од друга страна, до колку Грците останеа само како неми набљудувачи на поразот на Персијанците, тие тогаш ќе останеа осамени без никаква шанса да размислуваат за својата слобода... Лакадемонците* (Спартанците) *тогаш се побунија и упатија повик до Грците да се обединат во борбата за слобода.“* (Диодор, 17.62.1, 17.62.3 и 17.62.6).

Значи, еве уште едно директно античко сведоштво, од кое се гледа не само фактот дека тогашните Грци се чувствувале окупирани од Македонците, туку и огромната омраза што тие ја чувствувале кон нив. Грците биле подготвени дури и да се спојат со своите вековни непријатели Персијанците, само за да се ослободат од македонската окупација. И тоа дури и во времето по битката кај Гавгамела по која Персиската војска дефинитивно била скршена.

Диодор пишува и за ранувањето на Александар Велики Македонски кога не се знаело дали тој ќе преживее. Кога слушнале за ова Грците, кои биле оставени да

живеат во средноазиските области Бактрија и Согдијана, помислувајќи дека Александар е мртов, се побуниле против Македонците, сакајќи да се вратат назад во својата татковина. За ова Диодор (17.99.5 - 17.99.6) пишува:

„Со денови кралот лежеше беспомошен и под надзор. Грците, кои беа оставени во Бактрија и Согдијана и кои беа несреќни и се досадуваа живеејќи помеѓу луѓе од друга раса, разбраа дека кралот умрел од здобиените повреди и се побунија против Македонците. Тие се собраа околу три илјади мажи. На патот кон дома претрпеа многу тегоби, а по смртта на Александар сите беа масакрирани од Македонците.“

Диодор пишува и за бунтот во самите грчки градови против Александар, кој бил предводен од Леостен.

Од сите овие сведоштва (кои секако дека не се и единствени) јасно се гледа дека и за познатиот антички историчар Диодор Сицилијанецот, Македонците и Грците претставувале два засебни народа, кои најчесто негувале меѓусебно непријателство.

ЕВТРОПИЈ (IV век)

Евтропиј бил римски историчар, кој живеел во IV век по Христа. Тој го придружувал императорот Јулијан (361 - 363 год.) во походот против Персијанците, а неговото име се спомнува и во времето на царот Валенс (364 - 378 год.), кому Евтропиј го посветил своето дело "Breviarium historiae Romanae". Ова дело ја опфаќало историјата на Рим во десет тома. И овој антички автор сосема јасно ги третирал Македонците како одделен народ во однос на Грците. Во Третата книга тој пишува за војната помеѓу Картагина (Ханибал) и Рим. Тој го спомнува и македонскиот крал Филип Петти, кој му понудил сојузништво на Ханибал против Римјаните, а за возврат побарал подоцна тој да му помогне против побунетите Грци. Овде читаме:

„*Отприлика во ова време Филип кралот на Македонија, испратил амбасадори кај Ханибал, нудејќи му помош против Римјаните, но под услов, откако ќе ги поразат, за возврат, тој да добие помош од Ханибал против Грците.*“

Јасно е дека и Филип Петти ги сметал Грците како инаков народ во однос на своите Македонци. Впрочем, добар дел од грчките територии во негово време биле потчинети на Македонците.

Со ова сведоштво и Евтропиј се вклучува во листата антички автори кои ги сметале античките Македонци како посебен народ во однос на античките Грци.

ЕВСЕВИЕ КЕСАРИСКИ (III И IV ВЕК)

Евсевие Кесариски (Eusebius of Caesarea) се родил околу 263, а починал околу 339 година. Тој е познат како „Татко на црковната историја“. Не се знае каде се родил, а малку се знае и за неговата младост. Во 296 година престојувал во Палестина каде го видел лично царот Константин Велики, кој тогаш таму бил во посета. Потоа престојувал во палестинскиот град Цезареја, каде се спријателил со Памфилиј од Цезареја со кого проучувал текстови од Библијата. Престојувал и во Тир и Египет, по што бил назначен за епископ на Цезареја Маритима. Активно бил вклучен во дискусии околу контроверзните теолошки теории на еретикот Аријан, а извесно време го поддржувал еретикот Ориген. Точната година на неговата смрт не е позната. Денес е зачуван голем дел од неговите дела, било во автентична форма, било како цитати од други автори.

Во својата книга „Хроника“ Евсевие наведува детални податоци за владетелите на разни народи и држави

(имиња, времетраење на нивното владеење и сл.). Во делот посветен на перискиte владетели, Евсевие го спомнува крајот на персиската империја под Дарие Трети, по што со некогашната персиска империја завладеале Македонците. Тој јасно пишува дека познатата египетска кралица Клеопатра (Седма) била Македонка, потомок на македонска династија што останала да владее со Египет по смртта на Александар. Овде читаме:

„*По Александар македонските кралеви владееле уште 295 години, сè до смртта на кралицата Клеопатра, која отприлика владеела до времето на 187-та олимпијада* (32 - 29 год. пред Христа)“. (Eusebius of Cesarea, *Chronicon*, 2008, translated by Andrew Smith).

Евсевие нуди и други интересни податоци. Тој објавува подолг список победници на античките олимпијади. Во овој список фигурираат и имињата на неколку Македонци победници на олимпијадите (секако откако им било дозволено да учествуваат, т.е. по времето на Александар Велики Македонски). Така, на пример, на 113-та олимпијада одржана во 328 година пред Христа, победник во трка бил извесен „Клитон од Македонија“. Потоа следува „Антигон од Македонија“ кој бил двократен победник во трка на 122 и 123 олимпијада (одржани во 292, т.е. 288 год. пред Христа). На 128-та олимпијада победил тркачот „Селевк од Македонија“. На 149-та олимпијада (184 год. пред Христа) на трката победил извесен Хипострат од македонската област Пиерија.

Евсевие прави детален преглед и на сите македонски владетели (со имиња и времетраење на нивните владеења). Иако тој ја пренесува теоријата за потеклото на македонската царска династија од Пелопонез, сепак Македонците ги третира како посебен народ:

„*Во времето пред Првата олимпијада, Каран бил воден од амбицијата да собере сили од Аргеадите и од останатиот дел од Пелопонез, со цел да ја поведе оваа*

*војска на територијата на Македонците.“ (*Eusebius of Caesarea: "*The Kings of the Macedonians").*

Во продолжение (во истото дело) Евсевие Кесариски пишува:

„*Најверодостојните историчари потеклото на македонските кралеви го поврзуваат со Хераклe. Од Каран, кој бил првиот што владеел со сите Македонци, до Александар, кој ја потчинил Азија, имало 24 кралеви кои вкупно владееле 453 години.“*

Во врска со владеењето на македонскиот крал Антигон, Евсевие пишува:

„Антигон... станал крал на Македонците во првата година од 126-та олимпијада. Антигон сосила ја освоил Грција“.

Евсевие Кесариски одделно ги спомнува Македонците и Грците и во книгата „Докази за Евангелието“. Во Третата книга (поглавие 7), спомнувајќи ги народите што потпаднале под римска власт, Евсевие Кесариски пишува:

„Од тогаш еврејскиот народ станал потчинет од Римјаните, исто како и Сиријците, Кападокијците, Македонците, Битијанците и Грците и сите други народи, кои се под римска власт.“ (Eusebius of Caesarea: "Demonstratio Evangelica", Tr. W.J. Ferrar , 1920, Book 3 Chapter VII).

Гледаме дека и кај Евсевие Кесариски постојат јасни артикулации за разликите помеѓу античките Македонци и античките Грци.

ЕМИЛИЈ СУРА (II ВЕК ПРЕД ХРИСТА)

Емилиј Сура (Aemilius Sura) бил римски историчар, за кого малку се знае. Се претпоставува дека живеел во II век пред Христа. Автентичен цитат од неговото историско дело е пренесен од подоцнежниот римски историчар Марко Велеј Патеркул (за кого пишуваме во продолжение). Во својата Прва книга од историјата на Рим (пасус 6) Марко Велеј Патеркул пишува:

„Емилиј Сура во својата книга за историјата на Рим вели: Асирците биле први од сите народи, кои биле светска сила. По нив биле Медите, по нив Персијанците, а по нив Македонците. Потоа, по победата на кралевите Филип и Антиох кои имале македонско потекло, која се случила по уништувањето на Картагина, светска сила станал римскиот народ“. (Marcus Velleius Paterculus, *Roman History,* Book I, 6).

Од овој автентичен извадок, гледаме дека и римскиот историчар Емилиј Сура јасно ги третирал Македонците како посебен народ кој своевремено владеел со светот.

ЕСХИН (IV ВЕК ПРЕД ХРИСТА)



Есхин (Aeschines) се родил во 389, а починал во 314 година пред Христа. Тој бил познат атински говорник и политичар, чија кариера била тесно поврзана со Македонија.

Една од првите мерки што ги превзел Филип Втори (таткото на Александар Велики Македонски) по засилувањето на моќта на Македонија, била да ги избрка грчките колонисти од македонскиот брег. Една од овие колонии бил градот Олинт, кој во 348 година пред Христа, бил завземен од Македонците, а голем дел од грчкото население (заедно со војниците) биле продадени во ропство. По ова Есхин бил испратен од Атина на Пелопонез во мисија да ги бунтува и предупредува тамошните Грци против опасноста од Македонија. Оваа дејност на Есхин продолжила и следната 347 година пред Христа, кога Есхин ги убедувал и Грците од Аркадија да се обединат

против опасноста од Македонците. Но, истата година кај Есхин се случил голем пресврт. Тој бил испратен во мировна мисија во Македонија кај Филип Втори и толку останал восхитен од него, што целосно застанал на страна на неговата политика. Оттогаш Есхин сите свои активности ги посветил во убедување на Грците да не им се спротивставуваат на моќните Македонци, туку да го го одржуваат мирот со нив. Меѓутоа мнозинството Грци биле против ваквите идеи затоа што сакале да си ја зачуваат независноста. Најгласни од нив биле Демостен и Тимарх, кои во Атина, но и среде останатите Грци, биле најголемите опоненти на промакедонската политика на Есхин, обвинувајќи го за велепредавство. Есхин пак возвраќал со напади против нив преку своите пишани дела. Едно од ваквите дела е познато под името „Против Тимарх*“.* Потоа (во 343 година пред Христа) Демостен го нападнал Есхин со говор познат под името „За лажната амбасада*“*. Есхин одговорил со говор со ист наслов. Во оваа борба помеѓу промакедонски и антимакедонски настроените Грци се вклучил и извесен Ктесифон на страната на Демостен. Тој предложил Демостен да добие златна круна за своите заслуги за татковината (Атина). На ваквиот предлог реагирал Есхин со објавувајќи го својот говор насловен како „Против Ктесифон“. Сепак во Атина надвладеале идеите на Демостен за спротивставување кон Филип и Македонија. Заради тоа Есхин заминал на Родос, а подоцна и на Самос, каде починал на возраст од 75 години.

Иако Есхин бил огнен бранител на промакедонската политика на Грците, сепак тој јасно ги издвојува Македонците како посебен народ во однос на Грците. Во „Говорот против Ктесифон*“*, Есхин, меѓу другото, пишува:

„*...Министрите на Филип стигнаа во Атина, а нашите сè уште беа во странство, работејќи на тоа да ги бунтуваат Грците против Македонија“.* ("*The Oration*

against Aeschines", Translation, introduction, and notes by Thomas Leland (1722-1785).

Овде практично Есхин ги обвинувал приврзаниците на анти-македонската политика на Атина, кои ги бунтувале Грците од регионот против Македонија, дури и во време кога Македонците испратиле свои мировни претставници во Атина.

Опишувајќи еден друг настан во врска со настаните од тоа време (на чии детали во интерес на просторот не можеме да се задржиме), во врска со Филип Втори, Есхин пишува:

„*Во тоа време Филип ниту се наоѓал во Македонија, ниту во кој било дел од Грција, туку престојувал далеку во Скитија - тој за кого Демостен се осмелува да каже дека јас сум им го довел на Грците.“*

И во оваа реченица јасно се гледа дека Есхин ја смета Македонија како различна од грчките територии („Грција“), а Филип го сметал како туѓинец, за кого самиот бил обвинет од Демостен дека им го „*довел на Грците“.*

Доказ дека Есхин не ги сметал Македонците за Грци има и во неговиот говор „За амбасадата*“* ("On the Embassy"). Но, пред да го претставиме треба да дадеме едно дополнително објаснување поврзано со постарата историја на Грците. Се работи за Амфиктионскиот Совет. Овој Совет (некаде опишан како „Лига“), бил создаден кон крајот на VII век пред Христа. За да дадеме објаснување за неговото создавање и намена, ќе пренесеме цитат од светски познатата ЦД енциклопедија „Микрософт Енкарта“ (1998 год. наслов *Amphictyonic League*), овде читаме:

"*Амфиктионскиот Совет бил заедница од античките грчки племиња и бил создаден за да го заштити храмот на Деметар од Антела, во близина на Термопилите. Подоцна оваа заштита била пренесена и на храмот на Аполон во Делфи. На почетокот тоа била религиозна организација, но подоцна станала политички*

инструмент во интерес на нејзините најмоќни членови. Дванаесетте членови на овој Совет се среќавале еднаш во шест месеци во Делфи или на Термопилите."

Значи Амфиктионскиот Совет бил сегрчка етно-културна заедница и ова денес е сосема добро познато. Есхин ги набројува племињата кои го сочинувале овој Совет. Тие биле: *Тесалијци, Беотијци, Дорци, Јонци, Перабејци, Магнети, Локријанци, Етени, Фтиоти, и Малеанци* (Aeshines, "*On the Embassy*", 2.116)

Не само што Македонците овде не се спомнати како членови на овој сегрчки Совет, туку таков е случајот и со племињата кои живееле во Епир. Ова е навистина силен аргумент во полза на фактот за не-грчкиот етнички карактер не само на Македонија, туку и на Епир, но и на други области, кои денешната грчка историографија ги претставува како „грчки“ во времето на антиката. Практично ниту Македонците ниту Епирците себеси се сметале за Грци, ниту пак тогашните Грци ги сметале нив за свои "сонародници".

Значаен е и фактот дека имињата на грчките племиња кои го сочинувале Амфиктионскиот Совет ги дале и други антички автори, независно еден од друг (за кои пишуваме во продолжение). И кај ниту еден од нив Македонците (но и Епирците) не се третирани за Грци.

ЕФОР (V И IV ВЕК ПРЕД ХРИСТА)

Ефор бил антички историчар кој живеел во четвртиот век пред Христа. Потекнувал од Мала Азија. Малку се знае за неговиот живот. Бил ученик на Исократ, под чие влијание се посветил на пишувањето историја. Неговото најпознато дело содржело 29 книги. Делата на Ефор не се зачувани во оригинал, но за нив се знае од пренесените делови од други подоцнежни автори. Еден од нив бил Страбо. Цитирајќи го Ефор, кој ги опишувал тогашните граници на грчкиот свет, тој пишува:

„*Ефор вели дека ако почнеме од западните делови, Акарнанија е првата област на почетокот од Грција, затоа што, додава тој, Акарнанија прва граничи со племињата на Епирците. Но, исто како што Ефор, користејќи го морскиот брег, почнува со Акарнанија (тој се одлучил за морето како еден вид водич бидејќи ако постапел поинаку, можел да претстави делови што граничат со земјите на Македонците и на Тесалијците како почеток) сосема е во ред ако и јас исто така ги следам природните карактеристики на овие области и го искористам морето како мој водич.*“

И понатаму:

„Грција е составена од два многу големи делови од копно, едниот е дел внатре во Истмус, а вториот е надворешен дел, кој се протега се до Пиле и до реката Пена (подоцнежниот тесалиски дел од Грција).“

И овде е толку јасно опишана границата на грчките територии, што никаков коментар не е потребен.

ЗОСИМ (V И VI ВЕК)

Зосим (Zosimus) бил византиски доцноантички историчар, кој живеел во Константинопол за време на византискиот цар Анастасие (491 - 518). Работел во служба задолжена за императорското злато. Тој е автор на делото „Историја нова“ ("Historia Nova") составено од шест книги. Интересно е тоа што тој бил паган, иако во тоа време христијанството било во полн замав.

И делото на овој автор ќе го анализираме од аспект на темата што ја обработуваме, а тоа се античките сведоштва за разликите меѓу Македонците и Грците. Во Првата книга од „Историја нова“, опишувајќи го ширењето на Римската империја, Зосим пишува:

„*И сè уште желни за проширување на својата империја, тие го поминале Јонското Море, ја освоиле Грција и ги уништиле Македонците, чиј крал го одвеле во Рим окован во ланци.“* (Zosimus, *New History,* London: Green and Chaplin;1814, Book 1).

Значи, јасно е дека и Зосим одделно ги третирал Македонците од Грците, кои пред да бидат освоени од Римјаните, биле под македонско ропство.

Тој ги спомнува Македонците и на други места во своето дело, при што припадниците на династијата на Селевкидите (кои по смртта на Александар Велики Македонски останале да владеат со поголем дел од Азија) сосема јасно ги детерминира како „*Македонци*“.

ИСОКРАТ (V И IV ВЕК ПРЕД ХРИСТА)



Исократ (Isocrates) бил античко-грчки оратор. Се родил во 436, а починал во 338 година пред Христа. Практично, тој бил современик на Филип Втори Македонски. Потекнувал од богато семејство, кое осиромашело заради Пелопонеската војна. Но, Исократ повторно се збогатил откако во 392 година пред Христа отворил училиште за реторика. Денес се зачувани само дел од неговите говори (*писма*). Еден од овие говори е познат како „Филип*“* (The Philippus). Во овој говор (писмо) Исократ упатува повик до Филип Втори Македонски да застане на чело на Грците и да превземе воена акција против Персија. Овој говор бил создаден во 346 година пред Христа, недолго по воените успеси на Филип Втори Македонски против Грците. Практично, откако Исократ сфатил дека Филип е воено надмоќен над Грците, наместо натамошно спротивставување против него, тој постапил прагматично и им понудил на Грците да се потчинат под командата на Филип и заедно да ја нападнат Персија. Во ова свое обраќање Исократ исто така недвосмислено ги третира Македонците и Грците како два одделни народа.

На почетокот Исократ му пишува на Филип дека кога ја изложил својата идеја да му напише писмо пред свои познати, некои од нив го критикувале, обидувајќи се да го разубедат. Исократ ги пренесува нивните изјави. Еден од нив му рекол дека тој (Исократ) не може да знае каков е интересот на Филип, та да му нуди свои совети. Притоа Исократовиот критичар кажал:

„*Понатаму, тој* (Филип, з.м.) *околу себе ги има најкомпетентните луѓе од Македонија, кои иако, веројатно не се доволно упатени во други работи, го разбираат неговиот интерес подобро од тебе. Освен тоа, многу Грци живеат во неговата земја и тие таму имаат свој углед и репутација и му помагаат со свои совети...“* ("*Philippus*", 19).

Од овој извадок гледаме дека критичарот што се обидел да го разубеди Исократ да не пишува писмо до Филип (чии зборови овде Исократ ги пренесува), исто така јасно ги третирал Македонците како посебен народ. Имено тој го критикува Исократ, како Грк, да не му пишува писмо на Филип бидејќи ем не ги знаел плановите на Филип, ем ако Филип сакал совет од Грци, тогаш ќе побарал од оние угледни Грци кои живееле (како малцинство) во неговата земја (Македонија).

Во продолжение, следува директното обраќање кон Филип од страна на Исократ во кое, меѓу другото, се вели:

„*Јас мислам дека твојот татко, основачот на твоето кралство и потомок на твојата раса... ќе ти ги дадеше истите совети како и јас.“* (Исто, 105).

И понатаму:

„*Твојот татко имаше пријателски односи со сите овие држави* (се мисли на грчките градови-држави)*, кон кои те советувам да го свртиш своето внимание. Тој беше основач на твојата империја и неговите амбиции беа поголеми од амбициите на неговите земјаци... Тој ја напушти Грција сосема сам и се посвети себеси за*

воспоставување кралство во Македонија, бидејќи тој знаеше дека Грците не се навикнати на монархија... Како резултат на ова... неговото владеење беше прилично различно од останатите. Самиот тој среде Грците изјавуваше дека владее над народ кој не им е во роднинска врска

Овде Исократ, иако ја застапува теоријата според која „таткото на Филип“ (симболично се мисли на првиот познат предок на неговата династија Темен) потекнувал од „грчкиот“ Арг на Пелопонез, сепак тој (како Грк) недвосмислено ги спомнува Македонците како посебна (нероднинска) „раса“ (народ) во однос на Грците.

Во натамошното обраќање до Филип, Исократ вели:

„*Велам дека ти мора да бидеш доброчинител на Грците, крал на Македонија и владетел над што е можно повеќе барбари. Ако успееш во ова, сите ќе ти бидат благодарни - Грците заради користа што ќе ја добијат, Македонците затоа што ќе владееш со нив како крал, а не како тиранин, а остатокот од човештвото ако ги ослободиш од власта на барбарите и ако обезбедиш заштита на Грција“* (Исто, 154).

Сметаме дека ниту за ова не е потребен дополнителен коментар.

Од сето ова јасно е дека и Исократ, како еден од постарите античко-грчки историчари, јасно сметал дека Македонците се различен народ во однос на Грците.

ИСИДОР ОД СЕВИЉА



Ако го прифатиме верувањето дека антиката завршила со Големата преселба на народите, по што почнал Средниот век, тогаш Исидор од Севиља (San Isidoro de Sevilla) живеел некаде на самата граница меѓу овие два периода (се родил во 560, а починал во 636 година). Тој бил архиепископ на Севиља и бил еден од најголемите учени во своето време. Меѓу другото се занимавал и со пишување историја. Во своето дело „Etymologiriarum sive Originum“ (Liber XIV, 4, *De Europa*) напишано на латински (за чиј превод изразувам благодарност на М-р Роберт Петковски) Исидор од Севиља пишува и за Македонија. Меѓу другото, овде читаме:

„Македонија отпрвин се нарекувала Ематија според името на областа Емарија... Таа граничи на исток со Егејското Море, од југ со Ахаја, на запад со Далмација, од север со Мезија. Татковината на Александар Велики е

плодна и убава земја полна со рудници за злато и сребро. Поседува и полуостров што наликува на бисер. Таму се наоѓа и планината Олимп, што толку високо се издигнува, што изгледа дека нејзиниот зашилен врв стигнува до облаците... Планината Олимп е најголема и највисока во Македонија... Оваа македонска планина граничи со Тракија. Гората Атос е македонска и таа е висока и темна.“

Интересно во овој пасус е тоа што и за Исидор од Севиља нема сомнение дека Олимп е македонска планина, иако тој живеел дури во VI и VII век, кога Македонија речиси 800 години не постоела како самостојна држава. Истото го тврди и за гората Атос.

ЈОВАН МАЛАЛА (V И VI ВЕК)

Јован Малала (Johannes Malalas) се родил околу 491 година во Антиохија. Тој е автор на делото „Хронографија“, кое било составено од 18 книги, од кои се зачувани фрагменти. Починал во 578 година.

Во Осмата книга Јован Малала дава опис на историјата на светот почнувајќи од настанокот, па се до неговото време (VI век). Притоа значаен дел посветува и на Македонија и Македонците (пред сè на Александар Велики Македонски). Во врска со активностите на овој македонски цар, Јован Малала пишува:

„*Тој ги ослободил градовите и селата и сите земји на Римјаните, Грците и Египјанитте од потчинетост и ропство што ги имаа од Асирците, Персијанците, Партијците и Медите... Од Адам до победата на Александар Македонецот поминаа 5557 години.“*

Од аспект на темата што ја разгледуваме во оваа книга, јасно е дека и овде Македонците се издвоени од Грците (кои се спомнати заедно со други народи кои биле ослободени од „*Александар Македонецот*“).

Интересно е што Јован Малала нуди податоци кои не соодветствуваат со претходните сознанија. Така, на пример, тој пишува дека за време на основањето на градот Александрија во Египет, Александар наводно наредил да биде жртвувана девица по име „*Македонија*“, што секако не одговара на вистината. Малала пишува и дека Александар бил потомок на тројанскиот јунак Ахил и го опишува како „*Ахил Македонецот*“ („*Хронографија“*, Книга 8).

Во продолжение на истата (осма) книга, повторно во врска со Александар Велики, Малала пишува:

„*Тој потчинил 22 барбарски и 13 грчки народи. Тој и неговите придружници основале многу градови. Од Адам до смртта на Александар Македонецот поминале 5593 години како што забележал хроничарот Теофил.“*

Гледаме дека и овде Малала одделно ги спомнува Грците во однос на „*Александар Македонецот*“. Секако

дека тие „*13 грчки народи*“ се всушност Грците жители на разни градови на денешните територии на Грција, но и Мала Азија.

Малала ги опишува и наследниците на Александар, кои останале да владеат со територииte од распаднатата македонска империја. Во врска со Птолемеите пишува:

„*Птолемеј владеел со Египјаните во име на Македонците 42 години... Тринаесетти и последен крал на Птолемејската династија била Клеопатра... Таа била кралица 22 години. Тринаесетте македонски кралеви од Птолемејската династија - од Птолемеј синот на Лаг, се до Клеопатра владееле со целата египетска земја вкупно 300 години“.* („Хронографија“, Книга 8).

Во врска со Селевкидите, Малала меѓу другото, запишал:

„*Селевк... наредил месеците во Сирија да бидат именувани на македонски начин... Самиот Селевк потекнувал од Пела, град во Македонија“...* (Исто).

Да заклучиме дека и во делото на Јован Малала Македонците се јасно издвоени како посебен народ во однос на Грците.

ЈОСИФ ФЛАВИЈ (I ВЕК ПО ХРИСТА)

Јосиф Флавиј е уште еден антички историчар, кој пишувал за античките Македонци, а кој е малку познат и обработен во современата македонска историографија. Тој е најпознатиот антички еврејски историчар. Се родил во Ерусалим некаде околу 36 година, што значи само неколку години по распнувањето на Исус Христос. Неговото вистинско име било Јосиф Бен Мататија. Потекнувал од кралско и свештеничко јудејско семејство. Бил член на фарисеите и бил позната личност во еврејското општество. Иако имал пријатели меѓу Римјаните, учествувал во еврејското востание против римската власт, по што бил заробен и затворен. Веспазијан го ослободил, поради што во знак на благодарност Јосиф го зел неговото семејно име - Флавиј. Крајот на животот го поминал во Рим, пишувајќи за историјата на Евреите. Негови дела се "Историјата на Евреите" ("Jewish Antiquites"), кое го напишал во 20 тома; потоа "Војната на Евреите" ("Jewish War"), кое го напишал во седум тома и "Флавиј Јосиф против Апион"

("Flavius Josephus Against Apion"), дело во кое им се спротивставил на тогашните хеленистички историчари, кои со потценување пишувале за Евреите. Напишал и своја автобиографија. Флавиј (иако бил јудеец и фарисеј), како историчар, оставил извонредно значајни историски податоци и за дејствувањето на Исус Христос, а оставил сведоштва и за дејствувањето на свети Јован Крстител. Јосиф Флавиј оставил и многу вредни податоци за животот на Македонците во Светата земја, не само од времето кога тие целосно владееле со Палестина (со нејзиното освојување од страна на Александар Велики Македонски), туку и многу подоцна.

Подетално на пишувањата на Јосиф Флавиј за животот на Македонците во античка Палестина, се задржавме во книгата "Исус Христос и Македонците", а овде само ќе потсетиме на неколку од нив.

Откако го опишува освојувањето на Светата земја од страна на Александар Велики Македонски (за кого пишува во позитивна конотација), Флавиј продолжува со описот на настаните што се случиле по смртта на Александар. Познато е дека со Светата земја останала да владее македонската династија на Селевкидите, која ја основал генералот на Александар по име Селевк. Во средината на II век пред Христа, поради лошото владеење на Антиох Четврти од оваа македонска династија, Евреите кренале востание, кое на крајот завршило со успех и со основање нивна независна држава. Овде треба да спомнеме еден многу значаен податок. Имено, кога Јосиф Флавиј пишува за востанието на Евреите против династијата на Селевкидите, сосема јасно пишува дека Евреите всушност се бореле за своја слобода против ропството што им било наметнато од - Македонците! Кога пишува за смртта на еврејскиот водач Јуда Макавеј, Флавиј вели:

„Јуда... остави зад себе голем углед и спомен, борејќи се за слободата на својот народ и избавувајќи го од ропството под Македонците.“(*Jewish Antiquities* XII, 11,2).

Во врска со успесите на водачот на востаниците Јуда Макавеј против Македонците Селевкиди, Јосиф Флавиј пишува:

„Еврејскиот народ ја обнови својата слобода откако претходно беше под ропство на Македонците... Но, не беа малку оние (Евреи, з.м.), *кои поради основните потреби и поради тоа што не можеа да се носат со мизерувањето и со гладот што им надвиснаа над глава, избегаа од својата земја и појдоа кај Македонците.* (*Jewish Antiquities* XIII, 1,1).

Овде терминот *Македонци* повторно се однесува на Селевкидите, кои и покрај губењето на територијата на Јудеја, и натаму останале да владеат со голем дел од Палестина и пошироко.

Дека Евреите се наоѓале под "*власта на Македонците"* (мислејќи на Селевкидите), Флавиј пишува и во деветнаесеттата книга (*Jewish Antiquities* 6,2) и на други места.

Флавиј пишува и за загриженоста на македонскиот војсководител Бакид, што ја искажал кога разбрал дека загинатиот еврејски водач Јуда Макавеј бил заменет со својот брат Јонатан. И овде Флавиј, Селевкидите ги нарекува „*Македонци“.* Овде читаме:

„Кога Бакид го слушна ова, се уплаши поради тоа што Јонатан можеше да му направи многу неприлики на кралот на Македонците, исто како што правеше и Јуда пред него...“ (*Jewish Antiquities* XIII, 1,2).

Флавиј ги нарекува Селевкидите како „*Македонци“* и кога пишува за барањето на Евреите што го упатиле до египетскиот крал Птолемеј Филометор (исто така Македонец), во кое тие го замолиле Птолемеј да им дозволи да изградат јудејски храм во Александрија. Ова барање го

упатил синот на високиот еврејски свештеник по име Онија, кој прво живеел во Палестина, а потоа се преселил во Александрија. Кога Онија видел дека неговата Јудеја е угнетувана од Македонците го замолил египетскиот крал да им дозволи на Евреите да изградат еврејски храм во Александрија за да ги потсетува на нивната угнетена татковина. Во врска со ова Флавиј пишува:

„Синот на високиот свештеник Онија, кој исто така се викаше Онија, како што веќе рековме, сега живееше во Александрија, кај кралот Птолемеј Филометор. Кога овој Онија виде дека Јудеја е угнетувана од Македонците и од нивните кралеви... реши да упати молба до кралот Птолемеј и до неговата жена Клеопатра да им дозволи да изградат храм во Египет, ист како оној во Ерусалим.“ (*Jewish Antiquities* XIII, 3,1).

Сето ова се извонредно значајни податоци посебно затоа што во многу светски енциклопедии и други дела не сосема точно пишува дека Селевкидите во својата држава наводно ја ширеле "*грчката култура и јазик*"; дека граделе "*грчки градови*" и слично. И навистина во културата што тие таму ја ширеле имало елементи од разни култури, па и од грчката, но тоа не значи дека тие биле "*Грци*". Впрочем, од сведоштвата на Флавиј гледаме дека самите Евреи биле сосема свесни дека се наоѓаат под македонско (а не под грчко) ропство.

Флавиј ги нарекува Селевкидите како Македонци и во својата книга „Војната на Евреите“. И овде тој пишува за борбата на Симон Макавеј против Селевкидите, па вели:

„Симон... ги ослободи Евреите од власта на Македонците по сто и седумдесет години од империјата на Селевкидите. (*War of the Jews*, I, 2,2).

Основањето на независната еврејска држава од страна на Симон Макавеј, Флавиј го опишува со зборовите:

„Симон беше избран од мнозинството за висок свештеник и уште првата година од неговото владеење тој го ослободи народот од ропството под Македонците“. (*Jewish Antiquities* XIII, 6,7).

Значи еве уште една потврда од Флавиј за етничкиот македонски карактер на Селевкидите и тоа двесте години по првото доселување на Македонците во Светата земја!

Веќе рековме дека на подеталните написи за Македонците во Светата земја од страна на Јосиф Флавиј се задржавме во книгата "Исус Христос и Македонците", а овде само ќе спомнеме уште дека и Јосиф Флавиј ги третирал Македоцните како посебен народ во однос на Грците.

Во својата книга „Флавиј Јосиф против Апион“ Флавиј ги спомнува Македонците како жители на египетскиот град Александрија. Во вториот дел (6), тој пишува дека: "*Грците и Македонците го поседуваа градот"*, а во продолжение тој ги обвинува Египјаните дека поради расната омраза кон Евреите ги придобиле Македонците и Грците да се свртат против Евреите кои живееле во Александрија. Значи гледаме дека тој овде одделно ги спомнува Македонците и Грците.

За Македонците како доминантни жители на Александрија во тоа време Јосиф Флавиј пишува и на други места во своите дела. Така, на пример, кога пишува за населувањето на Евреите во Александрија од страна на македонскиот владетел Птолемеј Први, Флавиј пишува дека овој владетел на Евреите "...*во Александрија им дал исти привилегии на граѓани, какви што имале и самите Македонци"* (*Jewish Antiquities,* XI, 12, 1).

Флавиј спомнува и еден говор на јудејскиот крал Агрипа Втори (прв век по Христа) во кој исто така сосема јасно се спомнати Македонците како доминантни жители на Александрија, но и како жители на неколку останати

области во Египет (*War of the Jews*, II, 16,4). Овој говор веќе го спомнавме во поглавието за Агрипа Втори.

Практично Јосиф Флавиј е уште еден антички историчар, чии дела се во спротивност со современата грчка пропаганда.

ЈУСТИН (II, III ИЛИ IV ВЕК)


IVSTINI EX
TROGO POMPEIO HI-
STORIA, DILIGENTISSIME NVNC
quidem ſupra omneis omnium hactenus æditiones re-
cognita, & ab innumeris mendis, uetuſti
exemplaris beneficio re-
purgata.

NVIC ACCESSIT COMMENTARIOLVS, QVI
præterquam quod hiſtoriæ breuitatem paſſim il-
luſtrat, multa inſuper ſcitu non in-
digna addit.

BASILEÆ
Baſileæ, apud Michaelem Iſingrinium,
M. D. XXXIX.

Вистинското име на Јустин е Марко Јунијан Јустин (Marcus Junianus Justinus). Речиси ништо не се знае за неговиот приватен живот, освен тоа дека живеел и работел во римско време. Негово дело е "Historiarum Philippicarum Libri XLIV", кое (според неговото тврдење) претставувало извадок од обемното историско дело напишано во времето на Август од страна на Помпеј Трог, под наслов "Historiae Pillippicae et Totius Mundi Origenes et Terrae Situs". Врз основа на јазикот на кој пишувал Јустин, денешните историчари временски го лоцираат помеѓу II и IV век по Христа.

Она што е важно за нас е дека во своето горе-спомнато дело (кое рековме дека претставува извадок од делото на Трог), Јустин над двесте пати ги спомнува Македонија и Македонците, опишувајќи ја во детали

историјата на Македонија и притоа јасно издвојувајќи ги како посебен народ во однос на Грците. Во продолжение ќе наведеме неколку вакви извадоци.

Пишувајќи за доаѓањето на Филип Втори Македонски на власт и за заканите што се надвиснале над Грците и над Азија, Јустин констатира:

„*...Името на Македонците кое претходно било непознато, наеднаш станало доминантно. А Филип, кој три години бил држан како заложник во Теба и бил под влијание на Епаминонда и Пелопида, ја зголемил моќта на Македонија која сега претставувала ропски јарем над вратовите на Грците и на Азија*.“ (Јустин, цит. дело, 6,9).

И за овој извадок нема потреба од дополнителен коментар.

Седмата книга од своето дело Јустин ја посветил на Македонија. Ќе пренесеме неколку интересните извадоци од оваа книга:

„*Македонија отпрвин се викала Ематија од името на кралот Ематион... Нејзините жители биле нарекувани Пелазги, а земјата Пајонија... Во областа Пајонија, која денес е дел од Македонија се вели дека владеел Пелегон, татко на Астеропај, чие име го среќаваме во Тројанската војна помеѓу најистакнатите бранители на градот.“*

И понатаму:

„Грчките држави... бескрупулозно се обидувале да се уништат една со друга, сè додека не биле загрозени од трета сила, па така загубата за секоја од нив станала загуба за сите. Филип, кралот на Македонија, гледајќи од висина можност да им ја одземе слободата, ги поттикнувал нивните (меѓугрчки) *расправии преку тоа што им помагал на послабите, ги фалел победниците, а на крајот сите ги поразил и потчинил под својата кралска власт.“* (8, 1).

Пишувајќи за битката кај Херонеја што се одиграла помеѓу Македонците предводени од Филип Втори Македонски и грчките градови-држави, Јустин вели:

„Но, само што заздравел од своето ранување, тој (Филип Втори, з.м.) *им објавил војна на Атињаните, која одамна кришум ја посакувал. Тебанците се уплашиле дека ако Атињаните бидат поразени, војната, како оган во соседството, може да ги зафати и нив. Заради тоа меѓу овие два града бил создаден сојуз, иако до пред извесно време биле непријателски настроени еден кон друг. Тие испратиле пратеници низ цела Грција велејќи дека на заедничкиот непријател можат да му се спротивстават само со обединета сила бидејќи Филип немал намера да запре, доколку успеел во своите први потфати, додека не ја покори цела Грција. Некои од градовите ги прифатиле овие аргументи и им се придружиле на Атињаните, но некои, заради стравот од војна, одбиле да му се спротивстават на Филип. Во битката што се одиграла, иако Атињаните имале далеку побројна војска, биле поразени и освоени заради смелоста на Македонците... Тој ден бил ставен крај на славниот суверенитет и древна слобода на цела Грција*.“ (9,3).

И ова е толку јасна артикулација што ниту овде коментар не е потребен.

Јустин јасно ги издвоил Македонците од Грците и кога пишува за подготовките на Македонската војска пред битката кај Ис. Познато е дека тогаш Александар ги обиколил своите единици, кои биле поделени по етничка основа. На припадниците на сите народи во нивниот состав, тој им кажувал различни причини за важноста на оваа битка со цел да го подигне нивниот дух. Од ова се гледа дека тој бил и голем психолог. Овде читаме:

„*Тој* (Александар, з.м.) *ги возбудил Илирите и Тракијците опишувајќи им ги богатствата и ризниците на непријателите, а на Грците им зборувал за војните*

на нивните предци и нивната огромна омраза кон Персија. Македонците ги потсетувал на нивното освојување на Европа и на нивната желба да ја освојат и Азија, фалејќи ги дека ниту една воена сила на светот не може да им се спротивстави и убедувајќи ги дека оваа битка е последна во нивните потфати, која ќе биде круна на нивната слава.“ (11,9).

Гледаме дека овде сите четири народи, од кои главно се состоела војската на Македонија, се одделно спомнати: Илири, Тракијци, Грци и Македонци.

Кога пишува за престојот на Александар во Египет и посетата на едно тамошно пророчиште, Јустин вели:

„*Одговор од пророчиштето добиле и неговите придружници според кој тие требало да го почитуваат Александар како бог, а не како крал. Оттогаш неговата занесеност многу пораснала и чудна аргонација му се родила во душата, едно пријатно чувство, иако ограничено со филозофијата на Грците и навиките на Македонците, кои сега биле запоставени*.“ (11,11).

Ова сведоштво се однесува на пророчиштето во Египет кога на Александар му било кажано дека е "божји син", кој и самиот треба да биде третиран како бог. Ова било целосно во склад со дотогашната египетска традиција, според која фараоните истовремено биле третирани и како цареви и како богови. Но, ова било чудно и неприфатливо за Македонците и за Грците за кои Александар бил и останал третиран само како цар и обичен човек. Меѓутоа, и овде Јустин јасно ги издвоил овие два народа.

Во својата 12-та книга Јустин го опишува грчкото востание против македонската власт кое било кренато уште веднаш по заминувањето на Александар Велики Македонски во освојување на Азија. Овде читаме:

„*По заминувањето на Александар од Македонија, речиси цела Грција, со намера да се обиде да ја обнови својата слобода, крена вооружено востание...* (12,1).

Навистина е нејасно како при знаењето на ваквите чисти артикулации, некои можат и натаму да тврдат дека античките Македонци биле „Грци“.

Пишувајќи за војните што ги воделе Грците низ историјата, Јустин констатира:

„*Грција постојано била изложена на големи вознемирувања, прво заради војните со Персијанците, потоа заради оние со Галите, како и со оние војни со Македонците...“* (Јустин, 29,3).

И овде сосема јасно се издвоени Македонците, не само како посебен народ, туку и како еден од трите главни историски непријатели на Грците.

Јустин пишува и за македонско-римските војни водени од македонскиот крал Филип Петти. Тој потенцира дека Грците ја искористиле оваа војна и се сојузиле со Римјаните за да кренат востание против македонската власт. Овде читаме:

„*Недолго потоа, цела Грција, беше поттикнувана од Римјаните и од надежта дека ќе си ја поврати својата древна слобода, да востане и да објави војна на Филип*.“ (Јустин, 30, 3).

Во продолжение Јустин е уште подециден, па вели:

„*Филип* (Петти) *од друга страна дозволи дека можеби може да им се потчини на Римјаните, но тој не сакаше ни да слушне Грците, кои беа потчинети од неговите претходници Филип и Александар и кои беа поробени од Македонската империја, нему да му диктираат услови за мир, небаре тие беа победници*.“ (Јустин, 30, 3).

И навистина ме интересира како реагира современата грчка пропаганда на ваквите сведоштва.

Јустин ги спомнува одделно Македонците од Грците и кога вели:

„*Растечката моќ на Римјаните требаше да ги проголта античките империи на Грците и на Македонците*.“ (Јустин, 30, 4).

Јустин дава уште едно вредно сведоштво. Пишувајќи за историјата на Евреите, тој ја спомнува династијата на Селевкидите како "македонска династија". Овде читаме:

„*Прв кој ги потчинил Евреите бил Ксеркс, кралот на Персија. Подоцна тие, заедно со Персија, биле освоени од Александар Велики, а потоа долго биле под власта на кралевите на Сирија од македонската династија.“* (Јустин 36, 3).

Ова сведоштво е важно заради следново. Познато е дека по распадот на империјата на Александар Велики Македонски со нејзините делови и натаму останале да владеат Македонци (македонски династии). Со Египет владееле Птолемеите, а со дел од Азија владееле Селевкидите. Меѓутоа, веќе спомнавме, дека денес голем број современи историчари овие династии ги нарекуваат „грчки“, иако биле основани од Македонци, а такви биле и идните нивни владетели. Ваквите неточни тврдења се во спротивност со сведоштвата од античките автори, кои сосема јасно овие династии ги опишуваат и нарекуваат како „македонски“.

На крајот од овој краток преглед на делото на Јустин да заклучиме дека и овој автор исто така претставува непријатен предизвик за современата грчка пропаганда.

КВИНТИЈ КУРТИЈ РУФ (ОКОЛУ I ВЕК)

Македонците јасно се издвоени како посебен народ во однос на Грците и во Биографијата за Александар Велики Македонски, напишана од латинскиот историчар Квинтиј Куртиј Руф. Нема податоци за животот на овој историчар, но се смета дека живеел во I век по Христа. Бидејќи неговото дело е преведено кај нас, нема да се задржуваме подетаљно на извадоци од истото. Само ќе спомнеме еден пасус, кој несомнено е најударен во однос на темава што ја обработуваме.

Се работи за сведоштво во врска со посебноста на јазикот на античките Македонци. Квинтиј Куртиј Руф сосема јасно запишал дека античките Македонци и Грци меѓу себе комуницирале преку - преведувачи!

Позната е случката кога било судењето на Македонецот Филота, кој подготвувал заговор за убиство на Александар Македонски. Заговорот бил откриен и Филота бил јавно испрашуван лично од страна на Александар.

Квинтиј Куртиј Руф, опишувајќи ја оваа случка, сосема јасно запишал дека Македонците зборувале на засебен јазик. Тој дури цитира и изјава на самиот Александар Македонски, во која тој, обрнувајќи им се на Македонците во прво лице множина, го споменува (цитат): "*мајчиниот и нашиот јазик*". Александар му се обрнал на Филота со зборовите:

„*Сега тебе ќе ти судат Македонците. Те прашувам: дали ќе им се обратиш на мајчиниот јазик?*“

Филота одговорил одречно, со образложение дека, освен Македонци, имало присутни и припадници од други народи. На тоа, Александар им рекол на присутните Македонци:

„*Еве, гледате ли? До таму ли дошол Филота, та да се гнаси од мајчиниот јазик?... Но, нека зборува како што сака, а вие спомнете си дека тој поседнакво се отуѓил и*

од нашите обичаи и од нашиот јазик“. (Quintus Curtius Rufus, "De Rebus Gestis Alexandri Macedonis, VI, 10; Квинтиј Куртиј Руф: "*Историја на Александар Македонски",* во превод од латински на д-р Љубинка Басотова; Скопје, 1998 година, стр. 272).

Но, Филота не останал рамнодушен на овие обвинувања, па во својот одговор, рекол:

„*Мене ми се префрла што одбивам да зборувам на мајчиниот јазик и дека сум се грозел од обичаите на Македонците. Значи така јас му се заканувам на кралството, што го презирам? Но, уште порано, оној родниот јазик, беше напуштен во општењето со другите народи, па така и победниците и победените требаше да учат еден туѓ, странски јазик*.“ (К.К.Руф, цит. дело, стр. 274).

Сепак, во обвинувањата против Филота се вмешал Александровиот војсководец Болон кој, меѓу другото, го обвинил Филота дека (цитат): "...*иако бил Македонец, не се срамувал, **преку преведувач**, да ги ислушува луѓето што зборувале на неговиот роден јазик*".

И оваа случка е толку јасна во однос на постоењето на посебниот македонски јазик, што никаков коментар не е потребен. Исто така, од овој опис гледаме дека дел од Македонците, поради практични причини (поголема можност за општење со другите народи и сл.), го користеле и јазикот коине, иако меѓу себе, и натаму си зборувале на мајчиниот македонски јазик.

Гледаме и дека за време на судењето на Филота му било забележано од страна на Александар затоа што не сакал на Македонците да им се обрати на „*мајчиниот јазик*“.

Филота, пак, го обвинил Александар за воведувањето на јазикот коине, па рекол дека македонскиот јазик одамна бил запоставен, така што сега и победниците (Македонците) и поразените (Грците, Персијанците и другите

народи кои потпаднале под македонска власт) требало да го учат овој нов јазик.

На ова се вмешал Болон, кој го обвинил Филота дека, иако бил Македонец, додека ја имал власта, комуницирал со Македонците преку преведувачи. Ова е извонредно важно сведоштво и доказ дека во тоа време мнозина Македонци воопшто не го знаеле јазикот коине, па кога сакале некому да му се обратат, тоа го правеле преку преведувачи. Филота, иако го знаел македонскиот јазик, не сакал да ги слуша Македонците на својот јазик, туку инсистирал нивните зборови нему да му се преведуваат на јазикот коине.

Квинтиј Куртиј Руф и на други места одделно ги спомнува Македонците и Грците како засебни народи. Во врска со покорувањето на азиското племе Арахоси и во престојот во нивната земја, К. К. Руф пишува:

„Таму (Александар, з.м.) *ја соединил војската што била под заповедништво на Парменион. Тоа биле шест илјади Македонци, двеста благородници и пет илјади Грци со шестстотини коњаници...“* (К.К.Руф, цит. дело, стр. 292).

Сето ова е уште еден силен доказ против современата грчка пропаганда.

КИКЕРОН (II И I ВЕК ПРЕД ХРИСТА)



Кикерон (Marcus Tullius Cicero) се родил во 106 година пред Христа, а починал во 43 година пред Христа. Тој бил познат римски филозоф, говорник, правник и законодавец. Тој се смета за еден од најголемите оратори во антиката. Извесно време работел како посредник (адвокат) во судските спорови, при што се стекнал со голема вештина за ораторство. Потоа почнал да се занимава со политика и во 74 година пред Христа влегол во Римскиот сенат. Таму се спротивставил на заговорот што го подготвувал неговиот политички ривал Каталина и наредил неколку членови на заговорот да бидат погубени. Поради тоа Јулие Цезар (но и некои римски сенатори) го обвиниле Кикерон дека не им дозволил на заговорниците судење, туку ги ликвидирал без да биде слушната нивната страна. Кикерон се спротивставил на ваквите тврдења и дошло до конфликт помеѓу него и Цезар. Поради тоа Кикерон бил испратен во прогонство во Македонија, каде поминал цела

година. Подоцна бил повикан од Помпеј да се врати во Рим. Практично еден од најславните оратори своевремено подолго време живеел во нашата земја.

Во еден од своите трудови наречен „In Pisonem" (напишан околу 55 година пред Христа и посветен на неговиот непријател Писо), Кикерон јасно ги спомнува границите на тогашните грчки земји. Овде читаме:

„...*Спореди го, ако можеш, твоето отсуство со моето. Ти доби конзулска провинција без никакви органичувања, освен оние што законот на твојата алчност, а не законот на твојот зет, е валиден. За тој најпочитуван закон на Цезар, слободните народи се навистина и вистински слободни. Но, со тој закон за кој никој освен тебе и твоите колеги не го смета за закон воопшто, цела Ахаја и Тесалија и Атина - на кратко цела Грција беше доверена на тебе.“* (Cicero, *In Pisonem*, 37).

Практично гледаме дека за Кикерон сосема било јасно дека Грција била составена од Ахаја, областа околу Атина и Тесалија. Македонија воопшто не е спомната како „грчка земја“.

КЛЕНЕЈ (III ВЕК ПРЕД ХРИСТА)

Кленеј (Chlaeneas) потекнувал од Етолија (област лоцирана веднаш над западниот дел на Пелопонез). Тој бил испратен како пратеник од страна на Етолците кај Лакадемонците (второ име за Спартанците) во 212 година пред Христа. Негова главна цел била да ги убеди Спартанците да му се спротивстават на тогашниот македонски крал Филип Петти, кој под своја власт држел значајни грчки територии. Говорот што Кленеј го одржал пред раководството на Спарта, во целост е зачуван и оригинално пренесен од историчарот Полибиј (за кого во продолжение пишуваме). Во својот говор Кленеј ги обвинува Македонците за многу несреќи што им ги нанеле на Грците во минатото. Меѓу другото, Кленеј им рекол на Лакадемонците (Спартанците):

„Луѓе Лакадемонци. Вистински сум убеден дека никој нема да биде толку дрзок за да негира дека ропството во кое се наоѓа Грција се должи на кралевите од Македонија...“

Потоа Кленеј прави осврт кон минатите времиња, конкретно кон времето на Филип Втори, Александар Велики Македонски и неговите наследници:

„Порано постоеле неколку грчки градови во Тракија, основани од Атињаните и Халкидијаните од кои Олинт бил најпознат и најмоќен. Но Филип (Втори) *не само што ги продаде во ропство нивните жители за да послужат како пример и не само што ја превзеде власта во овие тракиски градови, туку и ги потчини Тесалијците. А кога, недолго потоа, ги порази Атињаните во битката против нив, тој се покажа дарежлив, но не во полза на Атињаните - далку од тоа - туку за да може со својата љубезност кон нив да ги наведе другите без поговор да ги исполнуваат неговите наредби. Угледот на вашиот*

град сè уште опстојува и изгледа дека со текот на времето вие ќе бидете водечка сила во Грција".

Овде Клеомен потсетува на настаните кога Филип Втори ги елиминирал грчките колонии на македонскиот и на тракискиот брег, а на оние што се спротивставиле, населението им го продал како робје.

Потоа Кленеј прави осврт и на односот на Александар Велики Македонски и неговите наследници кон Грците:

„*Тој* (Филип Втори) *бил наследен од Александар. Овој крал, заради тоа што помислил дека во Теба останала искра од некогашна Грција, го уништил тој град, за што сите добро знаете. А за наследниците на Александар, зарем треба детаљно да ви објаснувам како тие се однесуваат кон Грците? Никој не може да биде рамнодушен кон фактите или да се прави дека не слушнал колку сурово Антипатер* (македонски крал) *по победата над Грците кај Ламија, се однесувал кон несреќните Атињани, но и кон останатите Грци. Тој отишол толку далеку во својата безобзирност и беззаконие што наредил во различни градови да бидат испратени ловци на бегалци кои ги ловеле оние што се спротивставувале или на каков било начин се огрешиле на Кралската куќа во Македонија. Некои од нив сосила биле исфрлани од храмовите, а други биле извлекувани од олтарите по што биле брутално убивани, додека оние кои побегнале биле избркани од цела Грција, така што немало место каде да побегнат освен територијата на Ахајската лига. А кој може да ја игнорира дејноста на Касандар, Димитрија и Антигон Гонат за кои сеќавањата се сè уште свежи? Некои од нив со поставувањето свои гарнизони во градовите, а други преку тиранија, не оставија ниту еден град за кој може да се каже дека не е поробен.*

Практично Кленеј овде потсетил на уништувањето на Теба од страна на Александар Велики Македонски, откако претходно тамошните Грци кренале бунт против Македонците, а посетува и на однесувањето на подоцнежните македонски владетели против оние Грци кои исто така се бунтувале против македонската доминација.

Во продолжение Кленеј прави осврт на нападот на Македонците против спартанскиот лидер Клеомен, при што, единствени кои претходно им се спротивставиле на Македонците биле Етолците (во чие име сега пред Спартанците зборувал Кленеј). Во врска со ова Кленеј, меѓу другото, рекол:

„Етолците беа единствени меѓу Грците кои се осмелија да му се спротивстават на Антипатер и понудија заштита за несреќните жртви од неговите неправди...“ (сите цитати се од: Polybius, "*Histories",* Book VII, 28-31).

Јасно е и од овој извадок дека тој не ги сметал Македонците за никакви „Грци“ штом неговите Етолци биле единствените Грци, кои се спротивставиле на Македонецот Антипатер.

На крајот од својот говор Кленеј ги повикал Спартанците да им се придружат на Етолците во отпорот кон Македоцните.

Да заклучиме дека Кленеј бил уште еден антички деец кој оставил јасни сведоштва за посебноста на античките Македонци.

КЛАВДИЈАН (IV И V ВЕК)

Клавдијан (Claudius Clauidianus) потекнувал од Александрија. Некаде пред 395 година се преселил во Рим, каде по извесно време станал дворски поет на императорот Хонориј. Своите дела ги пишувал на латински. Неговите поеми и денес се високо оценувани. Се претпоставува дека починал во 404 година.

Во своето дело „Војната против Гилдо“ ("The War Against Guildo") Клавдијан на едно место ги спомнува царот Филип и Македонците. Овде читаме:

„...*Филип ги владееше градовите во Грција - слободата им згасна пред нападот на Македонското злато.“*

Сосема доволно, кратко и јасно. Практично со овој извадок и Клавдијан јасно ги издвојува Македонците од Грците, чии градови ја загубиле слободата пред налетот на „Македонското злато“ (синоним за Македонската моќ).

КЛИМЕНТ АЛЕКСАНДРИСКИ (II И III ВЕК)

Климент Александриски (Titus Flavius Clemens) се родил околу 150, а починал околу 216 година. Тој бил еден од највлијателните ранохристијански дејци. Со своите дела тој дал значаен придонес кон развитокот на христијанството, успешно вклопувајќи во него елементи од претходните антички учења. Автор е на неколку зачувани дела, од кои најпозната му е трилогијата составена од делата: „Предупредување до Грците“ ("Protrepticus"), „Инструктор“ ("Paedagogus") и „Антологија“ ("Stromata").

Делата на Климент Александриски овде ќе ги користиме исклучиво од аспект на темата што ја обработуваме, а тоа се етно-културните разлики помеѓу Македонците и Грците.

Во книгата „Предупредување до Грците“ (Петто поглавие: „*Мислењето на филозофите во врска со Бог*“) Климент Александриски ги критикува паганските верувања на некои од тогашните народи. Тој ги спомнува народите што го обожавале огнот и притоа одделно ги спомнува Македонците од Грците. Овде читаме:

„...*Многу народи од Азија го обожавале огнот, а покрај нив и Македонците, како што забележува Диоген во Првата книга на својата ‚Персика'... Тие не ги третирале дрвјето и камењата како ликови на своите богови како Грците, ниту ибисите како Египјаните, туку огнот и водата како филозофите.“*

Со оваа реченица и Климент Александриски се вклучува во античките автори кои сведочеле за разликите помеѓу Македонците и Грците.

Инаку, тој дава и други податоци за Македонците (главно историски), а во книгата „Антологија“ (5, 8) го спомнува и името на македонското божество „Веду“.

КОРНЕЛИЈ НЕПО (I ВЕК ПРЕД ХРИСТА)



Корнелиј Непо (Cornelius Nepos) се родил околу 100, а починал околу 24 година пред Христа. Се родил во близина на денешна Верона. По потекло бил Гал. Познати се насловите на неколку негови дела, кои не се зачувани, туку се спомнати и цитирани од други автори. Единствено зачувано дело е „Excellentium Imperatorum Vitae“, кое било објавено за време на императорот Теодосиј Први (347 - 395 год.).

Во ова дело Корнелиј Непо на неколку места јасно става до знаење дека Македонците не биле Грци. Во 18 поглавие (1) под наслов „Евмен“, Корнелиј Непо пишува за животот и делото на грчкиот воен заповедник Евмен (362 - 316 год. пред Христа), кој служел во Македонската војска. Евмен живеел среде Македонците, но иако дал голем придонес за нивните кампањи и иако потекнувал од угледно семејство, сепак тие не го прифатиле целосно во своите редови само затоа што бил странец (Грк). Овде читаме:

„*Евмен бил роден во Кардија* (грчка област)... *Се случило тој да живее во време кога Македонците биле во подем и за него било непријатно да живее среде нив бидејќи доаѓал од туѓа земја... Иако потекнувал од семејство кое било угледно во нивниот роден град, Македонците сепак не биле задоволни и не верувале дека тој кога и да е може да биде почитуван од нив.“*

Во 19 поглавие под наслов „Фокион“ (3) Корнелиј Непо пишува за настаните во Атина по смртта на Александар Велики Македонски. Овде читаме:

„*Во тој период во Атина имало две партии... Секоја од нив се потпирала на Македонците. Народната партија го фаворизирала Полисперхон, а аристократската била на страната на Касандар.“*

И овде јасно се гледа дека Непо ги третирал Македонците како посебен народ. Грците во Атина политички биле поделени во склад со политичките поделби во Македонија како супер-сила која доминирала над нив и без која тие не можеле самостојно да одлучуваат.

Во 21 поглавие (под наслов „За кралевите“) Непо уште подецидно става до знаење дека Македонците не биле никакви Грци. Тој претходно ги набројува имињата на најпознатите грчки воени заповедници (генерали): Тимолеон од Коринт, Фокион од Атина, Евмен од Кардија, Агесилај од Спарта, Пелопида од Теба, Епаминода од Теба, Датам од Карија, Тимотеј од Атина, Кабрија од Атина, Ификрат од Атина, Дион од Сиракуза, Конон од Атина, Тразибул од Атина, Алкибијад од Атина, Лисандер од Спарта, Кимон од Атина, Павсанија од Спарта, Аристид од Атина, Темистокле од Атина и Милитад од Атина. Потоа за сите нив пишува:

„*Ова се речиси сите генерали од Грција, кои се достојни за спомнување, со исклучок на кралевите, но нив овде нема да ги обработиме бидејќи нивните активности посебно ги опишавме.“*

Гледаме дека во списокот со имиња на грчки генерали не е спомнат ниту еден Македонец! И не само тоа. Во продолжение Корнелиј Непо одделно ги спомнува најистакнатите личности од редовите Македонците, т.е. (како што самиот пишува) „*од нацијата на Македонците*“. Во истото 21 поглавие (2) Непо пишува:

„*Од нацијата на Македонците, два кралеви далеку ги надминаа останатите според своите заслуги: Филип, синот на Аминта и Александар Велики, кој умре од болест во Вавилон, додека Филип беше убиен од Павсанија во близина на театарот во Еге, додека одел да ги набљудува игрите.“*

И овој пат се прашуваме како реагира денешната грчка историографија пред ваквите децидни сведоштва? Корнелиј Непо е уште еден антички автор, чии вредни дела се во целосна спротивност на артикулациите на современата грчка историографија и пропаганда.

КОЕН (IV ВЕК ПРЕД ХРИСТА)

Коен (Coenus) бил еден од најдоверливите генерали на Александар Трети Велики Македонски. Годината на неговото раѓање е непозната, но се смета дека починал во 326 година пред Христа. Тој го придружувал Александар за време на походот во Азија, со тоа што есента 334 година пред Христа се вратил во Македонија заедно со други војници и офицери кои добиле одмор, по што пак се придружил на Македонската војска (во малоазискиот Гордиум) Тоа било пролетта 333 година пред Христа. Потоа учествувал како командант на пешадијата и фалангата во најзначајните битки на Александар. Сепак во пишаните извори Коен останал запаметен по својот говор што го одржал пред Александар и кој во голема мера е зачуван од страна на старогрчкиот историчар Аријан.

Во одредницата за Александар Велики Македонски го спомнавме говорот што овој цар го одржал пред своите офицери кога тие, на барање од војниците, одлучиле да не го следат натаму во конечното освојување на Индија и посакале да се вратат во своите домови. Меѓутоа, никој од нив отпрвин не се осмелувал да му го соопшти тоа. Александар сфатил што се случува, ги повикал на состанок своите офицери и им одржал говор во кој ги потсетил за сите достигнувања што ги добиле со походот против Персија. Веќе спомнавме и дека во својот говор Александар јасно ги издвоил Македонците од Грците.

По овој негов говор офицерите долго молчеле, а потоа Коен, собрал храброст и му се обратил. Коен му рекол на Александар дека офицерите се преблагодарни и задоволни од она што досега го постигнале и добиле од својот цар, но дека сепак дошло време да се стави крај на натамошните напредувања. Меѓу другото Коен рекол:

„*Вие самиот видовте колку Македонци и Грци го почнаа ова освојување, а колку малку од нас останавме*

денес. Тесалијците ги испративте дома од Бактрија бидејќи знаевте дека нивните срца не се повеќе внесени во оваа работа. Од другите Грци некои беа населени како колонисти во градовите што ги основавте во кои тие останаа не сосема по своја желба. Македонските војници и другите Грци, кои и натаму останаа да ги споделуваат опасностите и тешкотиите на војната, беа убиени во битките, беа онеспособени заради тешките ранувања или беа оставени во разни делови на Азија, каде мнозинството од нив умреа заради болест. И така само неколкумина останаа, а и тие веќе ја немаат претходната виталност во своите тела, додека во души, се уште повеќе исцрпени. Немојте повеќе да не водите сега против нашата волја. Ние не сме веќе истите луѓе кои влегуваа во опасности. Наместо тоа, вратете се во Вашиот дворец во Вашата земја. Видете си ја повторно Вашата мајка. Средете ги работите со Грците и однесете ги во домовите на нашите татковци овие големи и многубројни победи па други Македонци и Грци ќе Ве следат - млади мажи наместо старите, свежи единици наместо исцрпените.“ (Аријан, цит. дело, стр. 292 - 298).

Коен на крајот укажал дека секој треба да знае кога да запре со некоја работа. Присутните офицери му аплаудирале, а Александар разочаран им рекол дека оној што сака, може да си оди дома. Потоа, како што е познато, Александар налутен се повлекол во својот шатор потајно надевајќи се дека офицерите ќе се предомислат. Но, откако тоа не се случило, тој ги известил офицерите дека одлучил војската да престане со освојувањата и да се врати назад.

И овој говор на Коен Аријан го превзел од изгубената историја на Птолемеј

Она што е важно е фактот дека и во говорот на офицерот Коен сосема јасно се издвоени Македонците од

Грците, т.е. тие се спомнати како два различни народа („...*Вие го знаете бројот на* ***Грците и Македонците*** *кои го почнаа ова освојување...“* и „...*Други единици* ***Македонци и Грци*** *ќе Ве следат...“*).

Практично овде имаме уште едно сведоштво од антички Македонец кој јасно ги издвоил Македонците од Грците.

МАРКО ВЕЛЕЈ ПАТЕРКУЛ

Марко Велеј Патеркул (Marcus Velleius Paterculus) бил римски историчар. Се родил во угледно семејство од Кампанија околу 19 година пред Христа. Како млад служел војска во Македонија, Тракија и некои грчки области, а од 4 година по Христа служел во Германија и Панонија. Бил

промовиран во претор, но потоа, бил обвинет за заговор и осуден на смрт. Бил погубен во 31 година по Христа. Неговото историско дело насловено како „Преглед на римската историја“ се состои од две книги, кои го опфаќаат периодот од по опсадата на Троја, па сè до 29 - 30 година по Христа. Во својата Прва книга (6-ти пасус) Марко Велеј Патеркул го цитира постариот римски историчар Емилиј Сура, кој ги спомнува Македонците како посебен народ што своевремено бил најмоќен во светот. Во истата книга (пасус 11) пишувајќи за настаните по крајот на последната Римско-македонска војна Марко Велеј Патеркул ги спомнува Македонците и Грците (Ахајците) како два посебни народа. Всушност тој го спомнува неуспешното востание на Македонците против римската власт. Овде читаме:

„*По поразот и заробувањето на Персеј, кој по четири години почина во Алба како заробеник, извесен псевдо-Филип, наречен така заради неговото лажно претставување дека се викал Филип и дека бил од кралското семејство (иако припаѓал на ниска класа), воено ја завзел Македонија, вообразувајќи дека е крал, но набргу бил казнет заради својата дрскост. Квинтиј Метел (Quintus Metellus) преторот кој заради своите смели воени дејства го доби прекарот Македоникус, постигна славна победа над него и над Македонците. Тој исто така во голема битка ги порази и Ахајците, кои кренаа востание против Рим.*“

И овие артикулации се толку јасни што дополнителен коментар не е потребен.

ПАВСАНИЈА (II ВЕК ПО ХРИСТА)

Павсанија е познат старогрчки географ, патеписец и историчар. Живеел во II век по Христа во времето на римските императори Хадријан, Антоние Пиј и Марко Аврелиј. Негово најпознато дело е "Описот на Грција" во кое дал детален преглед од прва рака (како сведок и патеписец) на голем број делови од територијата на која живееле античките Грци. Тој многу патувал и меѓу другите земји ги посетил: Египет (каде ги видел пирамидите), Ерусалим, западниот брег на Мала Азија, Рим и други делови од Италија, а останало запишано дека престојувал и во Македонија каде го посетил гробот на митскиот пеач Орфеј.

Што се однесува до неговото дело "Описот на Грција", тоа е напишано во десет книги. Овде ќе го разгледаме ова дело од аспект на темата што ја обработуваме, а тоа се античките сведоштва за посебноста на античките Македонци.

Ќе почнеме со самата глобална содржина на "Описот на Грција". Во десетте книги (според нивните наслови) опфатен е описот на следниве области: Атика (Атина), Коринт, Лаконија, Месенија, Елис, Ахаја, Аркадија, Боетија, Фокија и Локрис. Дури и самата ваква содржина е сосема

доволен аргумент против современата грчка пропаганда. Се поставува прашањето: ако Македонија во антиката била „грчка земја“, зошто тогаш Павсанија (како еден од најпознатите антички автори, кој згора на тоа и самиот престојувал во Македонија), не ја спомнал како таква во своето капитално дело составено од описи на тогашните грчки земји? Но, тоа не е сè.

Во самите описи на делови од античката територија на Грците, тој (правејќи осврт на некои историски настани) повеќе десетици пати ги спомнува Македонија и Македонците. Притоа, на многу места сосема јасно ги издвојува Македонците како посебен народ во однос на Грците. Ќе наведеме неколку вакви извадоци.

Опишувајќи ја Пиреја во Атина, Павсанија навел податок дека таму имало портрети од заслужни Атињани и богови. Меѓу нив имало и портрет на извесен Леостен, кој бил познат среде Грците заради тоа што успешно војувал против Македонците. Овде читаме:

„*Овде се наоѓа портрет на Леостен и неговите синови, насликан од Аркесилај. Овој Леостен бил водач на Атињаните и на обединетите Грци, кои ги поразиле Македонците во Боетија, а потоа и кај Термопилите, потиснувајќи ги кон Ламија.* (Pausanias, *Description of Greece,* 1,1,2).

Овој настан се случил во средината на III век пред Христа, кога Грците со променлив успех се обидувале да се ослободат од македонското ропство. И овде толку јасно се издвоени Македонците и Грците, што никаков коментар не е потребен.

Павсанија го опишува навлегувањето на Келтите на Балканот во III век пред Христа. И во дел од овој опис, кристално јасно ги издвојува Македонците и Грците како два одделни народа кои со векови војувале помеѓу себе и тоа речиси секогаш на штета на Грците. Овде читаме:

„Тоа било порано пред да се појави името ‚Галија'. Во минатото тие се нарекувале Келти, како меѓу себе, така и од другите. Нивната војска се свртела кон Јонското Море, ги окупирала Илирите и сите кои живееле до Македонија, вклучително и самите Македонци и ја преминала Тесалија. А кога се доближиле до Термопилите, Грците главно не се ни помрднале за да го спречат навлегувањето на овие барбари, бидејќи (Грците) *претходно биле неколку пати поразувани од Александар и Филип, Антипатер и Касандар, кој потоа целосно ги сокршил. Така ослабени нивните држави не чувствувале никаков срам заради тоа што не превзеле ништо за одбрана на својата земја. Но, Атињаните, иако биле најмногу исцрпени во однос на кои било други Грци поради долгата Македонска војна и кои воглавно постигнувале неуспеси во битките што ги воделе, и покрај сè, испратиле претходница кај Термопилите... Завземајќи го преминот од западната страна, тие се обиделе да ги спречат странците да навлезат во Грција".* (Pausanias, *Description of Greece,* 1,4,1, и 1,4,2).

Не ми е јасно каков е одговорот на современата грчка пропаганда на овој цитат од делото на античкиот грчки автор Павсанија. Овде гледаме дека тој јасно ги спомнува Атињаните како припадници на античките Грци, кои војувале против Македонците. За македонскиот крал Касандар (наследник на Александар Велики Македонски), кој владеел од 316 до 297 година пред Христа, дури пишува дека толку "*ги сокршил*" Грците во војната против нив, што не биле способни да организираат никаква одбрана на својата земја против навлегувањето на Келтите.

Во истата (Прва) книга (1,6,3) Павсанија пишува за превземањето на мртвото тело на Александар Велики Македонски од страна на Птолемеј, кое било пренесено во Египет каде било (цитат): "*погребано во Мемфис според македонските ритуали*".

Павсанија го опишува и крајот, т.е. самоубиството на Демостен, за кого веќе пишувавме. Заради својата антимакедонска политика, власта во Атина (која била марионетска и им служела на Македонците) го прогонила Демостен, но пред да биде уапсен и предаден на Македонците (конкретно на Антипатер) за да му судат, тој побегнал во Калаврија каде извршил самоубиство. Овде читаме:

„*Демостен уште еднаш заминал за Калаврија, каде извршил самоубиство со отров. Тој бил единствениот Грк кој успеал да побегне од Архија, кој сакал да го предаде на Антипатер и на Македонците. Архија бил Турием, кој превзел мерки да му ги предаде на Антипатер заради казнување оние кои се спротивставувале на Македонците, уште пред Грците да бидат поразени во Тесалија... Таква награда добил Демостен за својата посветеност на Атина".* (Pausanias, *Description of Greece,* 1,8,3).

Нема потреба од коментар ниту овој извадок од писанијата на Павсанија. Тој овде ја осудува и поданичката политика на тогашна Атина, која го прогонила својот најголем говорник само за да не ги иритира Македонците против себе.

Во Првата книга Павсанија ја пренесува и содржината на еден натпис во светилиштето посветено на божицата Атина итониска, кое се наоѓало недалеку од градот Атина.

Пред да ја разгледаме содржината на овој натпис, да кажеме накратко нешто околу причините за неговото настанување. Од 278 до 275 година пред Христа со Македонија владеел епирскиот (молосијанскиот) хегемон Пир. Во текот на борбите околу власта во Македонија, несигурната состојба ја искористил Пир, кој бил крал на Епир. Две години владеел со поголем дел од Македонија. Потоа неговата војска била избркана од македонската војска на Лизимах (кој пред тоа исто така владеел со дел од Маке-

донија). Инаку кралот Пир е познат по изразот „Пирова победа“ што настанал откако во една битка ги поразил Римјаните, но претрпел огромни загуби. Во битката против Македонците Пир успеал да заплени дел од нивното вооружување, како и дел од штитовите на Галите, кои се бореле како платеници во Македонската војска. Дел од запленетите галски штитови биле подарени на светилиштето посветено на божицата Атина итониска, додека запленетите македонските штитови Пир ги подарил на светилиштето посветено на Зевс. Во итониското светилиште имало и натпис во кој, меѓу другото, пишувало:

„*Пир Молосијанецот ги остави овие штитови, запленети од силните Гали, како подарок на итониска Атина, отако претходно ја уништи војската на Антигон* (Македонската војска, з.м.) (...).

Оттогаш овие штитови се овде, но штитовите на самите Македонци, тој ги посвети на додониски Зевс. И таму исто така има натпис кој гласи:

‚Овие штитови порано ја покорија златната Азија и ги поробија Грците. А сега, без своите сопственици, лежат крај столбовите на храмот на Зевс како доказ за уништените самофалби на Македонија'“. (Pausanias, *Description of Greece,* 1, 13, 2).

Јасно е дека Грците во Пир (како Епирец и припадник на народот Молосјани) виделе свој сојузник заради тоа што успешно се борел против Македонците, под чие ропство тие тогаш се наоѓале. Очигледно дека и тој Грците ги сметал за свои сојузници штом ги подарил на нивните светилишта запленетите штитови од македонските војници и нивните сојузници. Во натписите од овие светилишта јасно е кажано дека тоа вооружување порано ги поробило Грците и ја уништило Азија, а сега, лежело беспомошно како доказ за поразот на Македонија.

Павсанија се навраќа и на состојбите во Атина и останатите грчки региони во времето пред и по владе-

ењето на Филип и Александар Велики Македонски (IV век пред Христа). Познато е дека Грците биле окупирани од Филип по битката кај Херонеја, а по смрта на Александар кренале востание за да се ослободат од македонското ропство, кое било задушено. Во врска со овие настани Павсанија пишува:

„*Катастрофата кај Херонеја била почеток за несреќите на сите Грци, а посебно за оние кои биле поробени затоа што биле слепи за опасноста што доаѓала од Македонија. Најголемиот дел од нивните градови Филип ги освоил... Извесно време Атињаните останале пасивни, посебно за време на владеењето на Филип и на неговиот наследник Александар. Но, кога по смртта на Александар, Македонците го избрале Аридеј за свој крал, а низ целата империја се јавила недоверба кон Антипатер, Атињаните помислиле дека не смее да се дозволи Грција засекогаш да остане под власта на Македонците, заради што почнале војна повикувајќи ги и другите да им се придружат.“* (Pausanias, *Description of Greece,* 1,25,3).

Во продолжение читаме за описот и текот на ова грчко востание против Македонците.

Во Втората книга Павсанија пишувал за настаните околу Ахајската лига (за која подетално пишуваме кај записите од Плутарх). Пишувајќи за односите во оваа лига и влијанието на Македонците во нејзините внатрешни работи, Павсанија вели:

„*Освен тоа, бидејќи сите Грци се плашеа од Македонците и од Антигон, кој беше старател на Филип, синот на Димитрија, тој ги наговори Сикијците, кои беа Дорци, да се придружат на Ахајската лига.“* (Pausanias, *Description of Greece,* 2,8,4).

Значи Антигон си поставувал свои луѓе во грчката Ахајска лига, заради тоа што бил свесен дека Грците се плашат од него и од Македонците. Потенцираме дека овде

Павсанија пишува за "Грците" (како народ), а не одделно за Атињаните, Спартанците, Тебанците и другите нивни сонародници. Впрочем, такви се сите досегашни сведоштва што овде ги наведуваме.

Во Четвртата книга Павсанија, пишувајќи за областа Месенија и за Грците што во неа живееле (Месенијците), оставил уште едно децидно сведоштво за разликите помеѓу Македонците и Грците. Имено, Месенијците имале недоразбрања со останатите Грци (што впрочем било честа појава меѓу грчките градови-држави) и тие во еден период се сојузиле со Филип Втори Македонски. Но, кога тој требало да војува против останатите Грци во битката кај Херонеја, Месенијците одбиле да учествуваат на страна на македонската војска, со образложение дека не сакаат да војуваат против своите сонародници. Ова навистина претставува силен доказ за тоа дека Грците во тоа време биле сосема свесни дека Македонците се сосема поинаков народ од нив.

Претходно Месенијците Грци биле нападнати од Спарта, а Атина одбила да им помогне. Во врска со ова Павсанија пишува:

„*Конечно Месенијците склопија сојуз со Филип синот на Аминта и Македонците. Поради тоа, како што велат тие, не учествувале во битката што Грците ја воделе кај Херонеја. Меѓутоа, тие одбиле и да се борат против Грците.“* (Pausanias, *Description of Greece,*, 4,28,2).

Но, подоцна Месенијците сепак се бореле против Македонците на страна на останатите Грци. Во продолжение Павсанија пишува:

„*По смртта на Александар, кога Грците почнале втора војна против Македонците, Месенијците, како што веќе спомнав, учествувале во судирите на Атика.“* (Pausanias, *Description of Greece,*, 4,28,2).

И на овој цитат коментар не е потребен. Павсанија дава детаљи за нападот на Месенијците Грци на маке-

донскиот гарнизон во нивната област што се случил за време на ова грчко востание против македонската власт.

Во Шестата книга Павсанија нуди доказ за тоа на колку високо ниво била македонската етничка свест среде античките Македонци. Да го проследиме и овој цитат:

„*Во близина на Дамиск има статуа од некого, чие име не ми го кажаа, но тоа е Птолемеј синот на Лаг, кој ја приложил оваа статуа. Во натписот на неа Птолемеј себеси се нарекува Македонец, иако тогаш бил крал на Египет*.“ (Pausanias, *Description of Greece,* 6,3,1).

Постојат и други сведоштва за македонската свест на припадниците на македонските династии кои владееле со делови од Азија и Африка од кои, некои наведовме во претходните книги.

Павсанија во своите патеписи опишува и споменици на загинати Грци во борбите против Македонците. Во Шестата книга го спомнува и името на македонскиот скулптор Лиз (Pausanias, *Description of Greece,*, 6,17,1).

И во Седмата книга Павсанија ја спомнува битката кај Херонеја помеѓу Македонците и Грците. Пишувајќи за Ахајците, тој вели:

„*Од оние војни што се воделе подоцна од страна на Грците организирани во конфедерација, Ахајците учествувале во битката кај Херонеја против Македонците предводени од Филип*. (Pausanias, *Description of Greece,* 7,6,5).

Следниот цитат доволно зборува за односот на Македонците кон Грците во нивните меѓусебни војни. Станува збор за востанието на Грците од Теба против Александар Велики Македонски, кое веќе го спомнавме. Еве како ова го опишува Павсанија:

„*Теба била толку уништена од Александар што кога, по неколку години, Касандар ги вратил во неа нејзините граѓани, тие биле толку слаби што не можеле сами да опстанат. Атињаните, пак,.. никогаш не се*

совземале од војната со Македонците.“ (Pausanias, *Description of Greece,* 7,6,9).

Павсанија јасно ги издвојува Македонците од Грците и на друго место во својата Седма книга. Овде читаме:

„*Кога Филип, синот на Димитрија, стана полнолетен, а Антигон бескрупулозно го превзеде владеењето над Македонците, тоа внесе страв во срцата на Грците.“* (Pausanias, *Description of Greece,* 7,7,5).

Павсанија пишува и за римската окупација на Македонија во која на Римјаните (иако со извесни колебања) им помогнале и Грците од Ахајската лига. Во Седмата книга (8,1 и 8,2) Павсанија пишува:

„*За време на своето доаѓање Фламинин* (римски генерал) *ја завзел Еретија, поразувајќи ги Македонците кои ја бранеа. Потоа настапил против Коринт каде што имало гарнизон на Филип, каде организирал негова опсада. Истовремено испратил писмо до Ахајците во кое ги наговарал да дојдат кај Коринт со војска доколку сакаат да бидат нарекувани сојузници на Рим, а истовремено да направат нешто добро и за Грција.*

Но, Ахајците силно го обвиниле Фламинин, исто како и Отилиј пред него, заради нивното дивјачко однесување кон античките грчки градови, кои со ништо не им наштетиле на Римјаните, туку само биле во служба на Македонците против својата волја. Тие исто така му одговориле дека Римјаните дошле за да завладеат со Ахајците и со остатокот на Грција, всушност да ги заменат Филип (Петти, з.м.) *и Македонците. На состанокот на лигата многу спротивставени ставови биле изнесени, но на крајот превладала проримската струја, по што Ахајците му се придружиле на Фламинин во опсадата на Коринт*.“

Значи, иако на Ахајците им било јасно дека македонското ропство ќе го заменат со римско, сепак на крајот се вклучиле во војната против Македонците што ја воделе

Римјаните. Тоа доволно зборува за омразата кон Македонија од страна на тогашните Грци. Тие овде му забележале на Рим заради лошото однесување кон оние грчки градови кои им пружиле отпор заради тоа што со нив раководеле Македонци, т.е. во нив имало македонски гарнизони.

Во продолжение Павсанија пишува за поразот на Филип Петти од страна на Римјаните и последиците што од него произлегле:

„*Филип бил толку убедливо поразен што како последица на тоа загубил голем дел од својата војска и се согласил пред Римјаните да ги напушти сите градови во Грција што претходно ги освоил и принудил да му се потчинат.“* (Pausanias, *Description of Greece,* 7,8,7).

Во продолжение Павсанија (7,8,8 и 7,8,9) пишува:

„*Историјата на Македонија, моќта што ја доби за време на Филип, синот на Аминта* (Филип Втори) *и нејзиниот пад во времето на подоцнежниот Филип* (Петти) *биле претскажани од инспиративната Сибила. Ова е нејзиното пророштво:*

‚Вие Македонци што се гордеевте со вашите кралеви Аргеади.

За вас владеењето на Филип ќе биде подеднакво добро и лошо.

Првиот ќе ве направи владетели над градови и народи.

Помладиот ќе ја загуби вашата чест, откако ќе биде поразен од луѓето од запад и исток.’"

Павсанија не дава податоци од каде му е текстот на ова пророштво за Македонија и кога за прв пат истото било запишано.

Пишувајќи за односот на Филип Втори Македонски кон Грците и за нивните меѓусебни предавства, Павсанија пишува:

„*За време на владеењето на Филип, синот на Аминта, Спарта бил единствениот грчки град што не се предал. Останатите градови во Грција повеќе настрадале заради предавства отколку порано од чума.*“ (Pausanias, *Description of Greece,* 7,10,3).

Во продолжение Павсанија пишува за суровоста што Римјаните (како нови окупатори) ја покажале кон Грците. Сите оние Грци, кои во Македонско-римската војна биле обвинети дека му помагаат на македонскиот крал Персеј, биле испратени на суд во Рим. Павсанија (7,10,10) пишува дека никој претходно не се однесувал така кон Грците:

„*Римјаните... ги испратија на суд во Рим сите оние кои Каликрат ги обвинил дека му помагале на Персеј. Никогаш порано Грците не биле така третирани, дури ни од најмоќните Македонци како што биле Филип, синот на Аминта и Александар, кои исто така ги испраќале во Македонија оние Грци кои им се спротивставувале, но им дозволувале да го изнесат својот случај пред Амфиктион*.“

И овде којзнае по кој пат е потврдена вистината за разликите меѓу Македонците и Грците.

Павсанија (7,15,6) ги спомнува овие два одделни народа и кога пишува за Грците од Аркадија, кои побегнале пред битката кај Херонеја водена помеѓу Македонците и Грците:

„*Аркадијците... дезертирале од редовите на Грците кои се бореле кај Херонеја против Македонците предводени од Филип*.“

И ова античко грчко сведоштво претставува силен удар против денешната грчка пропаганда, која се обидува да ги претстави Македонците како "Грци".

Во Осмата книга (7,4) Павсанија пишува за односот на Филип Втори Македонски кон Аркадијците пред битката кај Херонеја:

„*Филип дошол во Аркадија за да ги привлече Аркадијците на своја страна и да ги оддели од останатите припадници на грчкиот народ.“*

Во Деветтата книга (29,3) Павсанија потсетува дека деветте антички музи всушност биле македонски божества, востановени од Македонецот Пиер. Овде читаме:

„*Пиер Македонецот, според чие име е наречена планината во Македонија, дошол во Теспија и ги востановил девете музи, на кои им ги ставил денешните имиња.“* (Повеќе детаљи околу тоа кои божества во антиката, кои денес неправедно се третирани како „грчки“, всушност биле македонски или биле создадени од други не-грчки народи, презентиравме во книгата „Античко-македонското наследство во денешната македонска нација - прв дел фолклорни елементи“).

Кога сме кај оваа тема ќе го спомнеме и гробот на митскиот пеач Орфеј за кој Павсанија напишал дека се наоѓал во Македонија. Во Деветтата книга (30, 7), читаме:

„*Македонците кои живеат во областа под планината Пиерија и градот Диум велат дека токму овде Орфеј го завршил својот живот од рацете на жени. Одејќи од Диум по патот кон планината, на околу дваесет стадиуми, се доаѓа до столб со камена урна во која, според луѓето кои таму живеат, се наоѓаат коските на Орфеј*.“

Во продолжение Павсанија пренесува необични и мистериозни случки што му ги раскажале луѓето таму, поврзани со гробот на Орфеј.

Давајќи опис на Херонеја (9,40,7) Павсанија вели дека таму сретнал два споменика подигнати од Римјаните во чест на нивните победи. Но, немало споменик од Македонците, иако тие таму однеле победа над Грците. Ова Павсанија го објаснува со зборовите:

„*Филип, синот на Аминта, не подигнал споменик во чест на победата, ниту овде ниту за која било друга*

негова победа извојувана над Грци или над не-Грци, бидејќи Македонците немале обичај да подигаат споменици на победата.“

И овде толку јасно се издвоени Македонците од Грците, што навистина не знам како ова сведоштво денес го толкува грчката пропаганда.

Следново сведоштво од Павсанија е можеби најдиректното во кое Македонците се детерминирани како негрчки народ. Тој овде јасно и гласно ги нарекува Македонците како "*не-Грци*"!

Пишувајќи за настанокот на обичајот Македонците да не подигаат трофеи за своите победи, Павсанија (9,40,8-9) вели:

„*Македонците велат дека Каран* (првиот македонски крал) *го поразил во битка Кисеј, кој бил водач на соседната земја. Во чест на оваа победа Каран подинал трофеј според обичајот на Аргеадите* (неговата династија)*, но се вели дека споменикот бил турнат од еден лав од планината Олимп, кој потоа исчезнал. Тогаш Каран сфатил дека ќе згреши ако дозволи да се изложи на постојана омраза од страна на не-Грците кои живеат таму, па затоа, како што велат, било прифатено правило, ниту еден крал на Македонија, било тоа да е Каран или некој од неговите наследници, да не подигнува трофеи.“*

Јасно е дека Каран владеел со Македонците, кои овде се наречени "*не-Грци*".

Во Десетата книга (7,8) Павсанија повторно го потенцира македонското етничко потекло на Птолемеите:

„*Кралевите на Египет сакале да бидат нарекувани Македонци, затоа што и навистина беа такви.“*

Павсанија ги спомнал и имињата на грчките племиња кои припаѓале на Амфиктионскиот Совет, за кој спомнавме дека бил сегрчка организација. Тие биле: Јонци, Долопи, Тесалијци, Енијци, Магнети, Малеанци, Фтиоти, Дорци, Фокијанци, Локријанци ("*British documents of foreign affairs*",

Part I, Series F, Europe 1848 - 1914, Vol. 14 "Greece, 1847 - 1914", University publications of America).

И овде не само што не се спомнати Македонците, туку не се спомнати ниту Епирците како „грчки народи“.

На крајот да заклучиме дека и пишувањата на античкиот грчки автор Павсанија претставуваат уште едно силно оружје против современата грчка пропаганда.

ПЛУТАРХ (I И II ВЕК ПО ХРИСТА)

Плутарх е уште еден старогрчки историчар со чии дела директно е засегната денешната грчка пропаганда. И тој на повеќе места јасно запишал дека античките Македонци не биле никакви „Грци“, туку посебен народ со сопствен јазик. Ќе направиме краток преглед на некои од овие сведоштва.

Плутарх се родил околу 46 година по Христа, а починал во 120 година. Се родил во Херонеја во Беотија, а се школувал во Атина, каде бил свештеник во познатиот храм во Делфи. Последните години од својот живот ги помнал во родната Херонеја. Тој бил близок до римската власт. Неговите дела генерално можат да се поделат во две групи. Првата група опфаќа есеи и дијалози. Овие трудови се опфатени под заедничкиот назив „Моралија“. Вториот дел од неговиот опус се однесува на историјата и истиот опфаќа биографии на познати личности од антиката. Овие дела денес претставуваат незаменлив историски извор за современите истражувачи. Повеќето

свои дела Плутарх ги напишал околу 75 година.

Ќе почнеме со **Биографијата за Александар Велики Македонски**. Меѓутоа, бидејќи ова дело е преведено и објавено кај нас, сметаме дека е доволно познато, па од него нема да презентираме поголем број извадоци. Само ќе потсетиме на сведоштвото за посебноста на македонскиот јазик. Опишувајќи една расправија помеѓу Александар Македонски и еден негов пријател, Плутарх (глава 53) запишал:

„Александар... рипнал на нозе и почнал на македонски да ги довикува своите штитоносци, што беше знак за голема вознемиреност." (Плутарх: *„Александар Македонски",* во превод на македонски, Скопје, 1994).

Ова сведоштво всушност се однесува на настанот кога Александар помислил дека животот му е загрозен од неговиот другар Клит со кого се расправале во пијана состојба. Во еден миг Александар помислил дека Клит сака да го нападне, па ги повикал своите телохранители (штитоношци) да го заштитат. Плутарх јасно пишува дека тој нив ги повикал на македонски јазик.

За да го објасниме значењето на ова сведоштво од Плутарх, потребно е прво да укажеме на неколку моменти. Познато е дека официјален јазик во Македонската империја (па и во војската) за време на македонската доминација бил јазикот коине. Тоа бил мешан јазик, создаден од елементи од извесен број јазици од народите кои биле во Македонската империја. Освен зборови од грчките дијалекти, во јазикот коине имало зборови и од македонскиот јазик, но и од други јазици. Овој јазик Александар го вовел заради практични причини. Веројатно тој бил свесен дека ќе наидел на голем проблем и отпор доколку се обидел сосила да го наметнува на разните народи во својата империја не многу познатиот македонски јазик.

Значи, коине бил еден вид мешан (заеднички) јазик, кој бил форсиран и подоцна од македонските династии како универзален јазик во земјите со кои владееле, исклучиво заради полесна комуникација помеѓу различните народи.

Денес научниците сметаат дека јазикот коине всушност бил еден вид есперанто во тоа време. Како илустрација за ова ќе го спомнеме пишувањето на д-р Чарлс Френсис Потер, кој инсистира на фактот дека јазикот коине не бил никаков „чист“ грчки јазик, туку дека бил еден вид есперанто - мешавина од повеќе тогашни јазици. Во врска со ова д-р Потер пишува:

„*..Коине (мешавина од различни јазици)... настанал како резултат на освојувањата на Александар Македонски на тогашниот познат свет. Коине... бил заеднички или универзален јазик на тоа време, еден вид есперанто, што се употребувал во конверзацијата, во комерцијалата и во пишувањето со векови пред и по првиот век по Христа...“* (Dr Charles Francis Poter: "*The Lost Years of Jesus Revealed";* A Fawcett Gold Medal Book, Published by Ballantine Books, 1962, 1958, CBS Publications, стр. 40).

Уште подециден е српскиот црковен историчар Веселиновиќ, кој во врска со карактерот на јазикот коине, уште во 1908 година, запишал:

„*Јазикот коине треба да го разликуваме од стариот класичен грчки јазик. Тој бил создаден во времето на Александар Велики како заеднички јазик за сите народи во Македонското царство. Бил наречен и како: заеднички или Александриски дијалект, бидејќи главно се развивал во Александрија. На тој јазик било преведено Светото Писмо во времето на Птолемеј Филаделф...“* (С. М. Веселиновиќ: "*Лекције из Светог Писма - Законске књиге Старог Завета"*, Београд, Нова штампарија *Давидовиќ*, Дечанска 14, 1908 год. стр. 17-18).

Значи, да заклучиме дека Александар со своите војсководители и војска (во која, иако доминирале Македонците, имало и голем број Грци, Тракијци, Евреи и припадници на други народи), официјално комуницирал на јазикот коине.

Но, кога во еден миг, помислил дека неговиот живот е во опасност, тој инстинктивно проговорил на својот мајчин јазик, т.е. на јазикот што најпрво го научил во животот и што најдобро го познавал, а тоа бил македонскиот јазик. Ваквото негово реагирање е целосно во склад со човековата психологија и сигурно дека така би реагирале голем број луѓе кога би се нашле во слична состојба. Неговата инстинктивна и миговна реакција, за време на која тој, така да се каже, практично немал време да размислува како да ја склопи реченицата за повикување помош на туѓиот јазик коине, и знаејќи дека неговите телохранители се исто така Македонци (факт е дека Александар во своето најблиско окружување имал претежно Македонци), е недвосмислен доказ за тоа каков бил неговиот мајчин јазик.

Плутарх го спомнал посебниот македонски јазик и во својата **Биографија за Марко Антоние**. Познато е дека по смртта на Александар Велики Македонски неговата империја се распаднала, а со нејзините делови останале да владеат неговите врвни војсководители. Така, на пример, неговиот војсководител, другар од детството (а според некои извори и полубрат) Птолемеј Први останал да владее со Египет и некои околни земји. Тој ја основал династијата Птолемеи, која останала да владее со Египет и по неговата смрт. Најпознат потомок на оваа македонска династија е славната египетска кралица Клеопатра Седма. Во Биографијата за Марко Антоние, Плутарх посветува поголем простор на ликот на Клеопатра. Притоа тој индиректно спомнува дека нејзиниот мајчин јазик бил македонскиот. Плутарх пишува:

„Беше вистинско задоволство да се слуша звукот на нејзиниот глас со кој, како инструмент со многу жици, таа преоѓаше од еден јазик во друг, така што, имаше само неколку барбарски народи со кои разговараше преку преведувач, додека со поголемиот дел од нив таа директно разговараше. Такви беа: Етиопјаните, Троглодите, Евреите, Арапите, Сиријците, Медите, Партијците и многу други, чии јазици таа ги научи. Тоа беше уште поизненадувачко затоа што повеќето од нејзините предци кралеви одвај се мачеа да го научат египетскиот јазик, а некои од нив прилично го запоставија и македонскиот." ("Antony" by Plutarch, во превод на англиски од драматургот John Dryden, кој живеел од 1631 до 1700 год. Електронска верзија на овој превод на: http://classics.mit.edu/Plutarch/antonz. html).

Ова многу значајно сведоштво од Плутарх ни зборува дека мајчиниот јазик на Птолемеите бил токму македонскиот јазик. Гледаме дека, според Плутарх, некои од нив (веројатно поради политички причини) го запоставувале македонскиот јазик на сметка на заедничкиот јазик коине (за кој ќе пишуваме во продолжение). Но, Плутарх не пишува такво нешто и за Клеопатра, што значи дека таа си го задржала својот мајчин македонски јазик.

Плутарх пишува за посебниот македонски јазик и во својата **Биографија за Евмен.** Опишувајќи го појавувањето на Евмен пред македонските војници, Плутарх запишал:

„При првото видување на нивниот омилен генерал, војниците го поздравија на македонски јазик, заѕвечија со оружјето и со силни повици го предизвикаа непријателот да нападне, сметајќи дека тие се непобедливи додека тој беше на чело. (На англиски: "...*On the first sight of the general of their heart**, the troops saluted him in the Macedonian language**, clanked their arms, and with loud shouts challenged the enemy to advance, thinking themselves*

invincible while he was at their head." ("*Eumenes"* by Plutarch 14,10, translated by John and William Langhorne.

Електронска верзија на: http://www.attalus.org/old/-eumenes.html. Патем, Џон Лангхорн живеел во XVIII век. Бил познат англиски поет, а преводот на делата од Плутарх го направил заедно со својот брат Вилијам. Овој превод се појавил во 1770 година, значи преку половина век пред појавата на грчката држава).

Плутарх и на други места во своите дела дава сведоштва за посебноста на Македонците. Едно од нив е **Биографијата за Емилиј Паул**, која Плутарх ја напишал во 75 година по Христа.

Емилиј Паул бил римски генерал, кој им го нанесол пресудниот пораз на Македонците, по кој античка Македонија била окупирана од Римјаните и престанала да постои како држава. Пред да поминеме на делови од пишувањата на Плутарх, да ги објасниме накратко настаните што тогаш се случувале во и околу Македонија.

По смртта на Александар Велики Македонски познато е дека огромната Македонска империја се распаднала на неколку административно-политички организирани делови, со кои Македонците останале и натаму да владеат. Меѓу македонските наследници на Александар тогаш постојано се воделе судири заради меѓусебно освојување на што поголем дел од територииите на некогашната голема империја.

Самата Македонија останала како самостојна држава и истата била освоена од Римската империја, откако претходно биле водени три големи македонско-римски војни.

Првата македонско-римска војна се водела од 215 до 205 година пред Христа, а втората од 200 - 197 година пред Христа. Пресудна била Третата македонско-римска војна, која се водела од 171 до 168 година пред Христа, по која Македонија престанала да постои како држава. На

детален опис на овие војни овде нема да се задржуваме, туку ќе направиме краток осврт на дел од Третата македонско-римска војна. Конкретно оваа војна завршила со пресудната битка помеѓу Македонците и Римјаните што се одиграла кај Пидна на 22 јуни 168 година пред Христа. Главен војсководител на Римјаните бил токму Паул Емилиј. Битката почнала уште од раните утрински часови. Отпрвин Македонците имале успех, но заради нерамниот терен, Македонската фаланга ги проретчила своите редови, по што Римјаните почнале да навлегуваат во нејзините „празнини“ каде со своите кратки мечеви (погодни за борба од близу) им нанеле големи загуби на Македонците. По овој пораз, остатокот на Македонија бил завземен за само два дена, а последниот македонски цар Персеј бил заробен и одведен во Рим, каде и умрел.

А сега да се вратиме на делото на Плутарх, т.е. на неговата Биографија за Емилиј Паул. Во ова прилично обемно дело Плутарх прави осврт кон животот и војничката кариера на овој римски генерал при што се задржува и на настаните што се случувале во Македонија за време на последниот период од нејзиното постоење како самостојна држава.

Најнапред Плутрах пишува за потеклото на Емилиј Паул и вели дека тој потекнувал од старо аристократско римско семејство. Имал сестра Емилија која била мажена за славниот римски генерал Скипион Велики (Африканецот). Во продолжение Плутарх со пофални зборови пишува за војничките способности на Емилиј Паул и прави хронолошки преглед на неговите покрупни војнички успеси во времето на Римската империја. Како резултат на неговите победи на територијата на денешна Шпанија, бил назначен за конзул. Првата жена му се викала Папирија, но од неа се развел. Потоа се оженил по втор пат. Во врска со настаните од животот на Емилиј Паул, Плутарх во продолжение пишува:

„*Тоа беше во времето кога Римјаните водеа војна против Персеј, калот на Македонците и кога беа упатувани големи забелешки кон римските команданти кои, иако поседуваа храброст, толку срамно командуваа што повеќе нанесуваа штети на сопствената војска отколку на непријателот. Тие што недолго пред тоа го принудија Антиох Велики да отстапи од остатокот од Азија и да се повлече зад планината Таур, радосен што успеал да го купи својот мир со петнаесет илјади таленти: тие што недолго пред тоа, откако го поразија кралот Филип во Тесалија, ги ослободија Грците од македонскиот јарем... не веруваа дека Филип по доживеаниот пораз значително ги подобри силата и дисциплината во македонската војска* ("*Aemilius Paulus"* by Plutarch, translated bz John Drden).

Пред да продолжиме на презентирањето на преостанатите делови од ова историско дело на Плутарх, предлагам да дадеме дополнително објаснување на овој пасус. Овде Плутарх го опишува времето од Третата македонско-римска војна. Познато е дека Емилиј Паул бил поставен за генерал во Римската војска откако неговите претходници не успеале да постигнат успех против македонската војска. Плутарх притоа потсетува на претходните успеси на Римската војска, конкретно на нивната победа над царот Антиох Трети Велики, кој припаѓал на македонската династија на Селевкидите, која тогаш владеела со дел од Азија, како и на победата над македонскиот крал Филип Петти за време на претходните македонско-римски судири. Но, сега не бил таков случајот со римските генерали кои војувале против Персеј и затоа бил доведен генералот Емилиј Паул. Во овој пасус се забележува и еден интересен и значаен момент.

Се работи за реченицата, според која, Римјаните (цитат): „...*ги ослободија Грците од македонскиот јарем*.“ Не знам како грчката пропаганда денес реагира на овој

дециден доказ од страна на својот познат антички историчар за разликите меѓу Македонците и Грците, но и за фактот што Грците со векови се наоѓале под ропство на Македонците. Плутарх овде јасно ги споменува Грците (а не посебно Атињаните, Тебанците, Спартанците и други), што значи дека терминот „Грци“ овде е предаден исклучиво во етничка смисла на зборот и истиот е одделно спомнат од Македонците, т.е. од „македонскиот јарем“.

Во продолжение Плутарх раскажува како се случила Македонско-римската војна, па ги опишува настаните во Македонија уште од времето по смртта на Александар Велики Македонски. Овде читаме:

„Антигон, кој беше најмоќниот генерал и наследник на Александар и кој себеси си ја додели титулата крал, имаше син што се викаше Димитрија, кој беше татко на Антигон наречен Гонат, кој исто така имаше син Димитрија, кој владееше кратко време и откога умре, го остави својот млад син Филип. Тогаш македонските првенци, плашејќи се дека може да настане конфузија, го повикаа Антигон (братучед на последниот крал) и го оженија за вдовицата и мајка на Филип.“

Плутарх пишува дека Антигон бил наречен „Досон“ и дека отпрвин бил сметан за регент и генерал, но откако се докажал како вешт војсководител, бил поставен за нов крал на Македонија. Во продолжение Плутарх пишува:

„Антигон... бил наследен од Филип (Петти) *кој додека бил млад давал надеж дека ќе биде најдобар од кралевите и дека еден ден ќе и го врати на Македонија некогашното достоинство и кој ќе се покаже како човек што може да се спротивстави на силата на Римјаните, кои тогаш беа во подем, ширејќи се низ целиот свет*.“

Но, наместо да се случи тоа, Плутарх пишува дека Филип бил поразен од римскиот генерал Тит Фламиниј поради што бил принуден на барање милост, проследена со низа отстапки кон Римјаните. Овие отстапки се

состоеле од: предавање на македонските малоазиски поседи, плаќање огромна сума пари на Рим, забрана на држење војска поголема од 5.000 луѓе, отстапување на Македонската флота (освен пет бродови) и друго. Но подоцна, вели Плутарх, Филип успеал да ја обнови македонската војска и да се подготви за нова војна против Рим. Тој собрал триесетилјадна војска, а обезбедил и големи количества жито. Плутарх пишува дека Филип Петти обезбедил пари со кои Македонија можела да плаќа десет илјади платеници во текот на десет години. Но, пред да ги стави во функција сите овие подготовки, Филип Петти умрел. Бил наследен од својот син Персеј, кој негувал голема омраза кон Рим, за разлика од својот брат Димитрија (исто така син на Филип Петти), кој бил проримски настроен, но кој бил убиен по наредба на својот татко (откако претходно бил наклеветен од Персеј).

Потпирајќи се на воениот потенцијал на Македонија, Персеј влегол во војна со Рим. Плутарх пишува дека отпрвин Персеј им нанел неколку тешки порази на Римјаните. Овде читаме:

„*Тој* (Персеј) *му нанесе тежок пораз на Публиј Ликиние* (Publius Licinius), *кој прв навлезе во Македонија. Во битка, во која учествуваше и коњаницата, беа убиени две илјади и петстотини добро обучени римски војници, а беа заробени шестстотини*."

Во ова време Персеј успеал да зароби дваесет римски кораби со целиот нивни товар. Во продолжение Плутарх пишува:

„*Тој* (Персеј) *втората битка ја водеше против Хостилие* (Hostilius)*, офицер на конзулот. Во мигот кога тој навлегуваше во Елимеја, Персеј го принуди на повлекување*."

Во продолжение Плутарх пишува дека Персеј извршил поход и против Дарданците, во кој загинале илјадници од нив. Подоцна успеал да ги убеди Илирите да станат

негови сојузници. Интересно е што Плутарх пишува дека Персеј во тоа време дури планирал да изврши напад врз самата Италија. Сето ова ги натерало Римјаните сериозно да се загрижат за натамошниот тек на војната со Македонија. Во такви услови на местото на неспособните римски генерали, бил доведен во тоа време најспособниот римски генерал Емилиј Паул со цел да ја реши војната со Македонија. Плутарх пишува:

„*Емилиј Паул... веднаш беше поставен да командува со Македонската војна. Се зборува дека, откако бил прогласен за генерал што ќе војува против Персеј, бил испратен во својот дом во слава од голема група луѓе. Таму ја нашол својата ќерка Терита, која тогаш била мало дете, како плаче. Тој ја зел во рацете и ја прашал зошто плаче, а таа, прегрнувајќи го околу вратот и бакнувајќи го, му рекла: ‚Тато, знаеш ли дека Персеј е мртов?' Притоа таа мислела на своето куче што го носело името Персеј и кое живеело во нивниот дом. На ова Емилиј одговорил: ‚Ова е добар знак дете мое. Ќе го прифатам ова претскажување'.*

Плутарх пишува дека откако бил избран за генерал кој ќе војува против Македонија, Емилиј Паул одржал говор во кој побарал целосна поддршка од Римјаните. Јавноста во Рим со воодушевување го прифатила неговиот говор, по што тој ги почнал подготовките за нов напад против Македонија.

Потоа Плутарх прави анализа на војната помеѓу Риманите на чело со генералот Емилиј Паул и Македонците. Плутарх пишува дека Емилиј Паул ја добил војната благодарение на низа околности. Тој дава податоци и за подготовките на Македонците за оваа пресудна војна, па во врска со ова пишува:

„*На барање од Персеј дојдоа десет илјади коњаници од Бастраните и исто толку пешадијци, кои одеа заедно со нив и ги заменуваа доколку некој од нив падне. Сите*

тие беа добро обучени војници... Кога дојдоа во областа Медика и кога се стационираа и измешаа со војниците на кралот... тие им влеаја нова храброст на Македонците кои помислија дека Римјаните нема да можат да им се спротивстават на овие војници."

Но, Плутарх пишува дека Бастраните наеднаш побарале поголемо количество злато од договореното, што Персеј одбил да им го даде. Само нивните офицери барале по илјада златници за да учествуваат во војната.

Персеј почнал да се колеба и, како што покажуваат историските настани, тој го одбил предлогот на Бастраните, по што тие незадоволни си заминале преку Дунав. Иако имал пари да ги плати, Персеј покажал колебливост и мнозина историчари сметаат дека тоа било пресудно за неговиот пораз и за сломот на Македонија.

Критики кон Персеј за неговата колебливост упатува и Плутарх, правејќи споредба помеѓу него и неговите славни претходници Филип и Александар Велики Македонски. Тој пишува дека Персеј се плашел да го допре огромното богатство небаре му припаѓало на некој друг, а не на Македонија. Критикувајќи го заради ваквата колебливост, Плутарх пишува:

„*И сето тоа го направи човекот што не потекнуваше од Лидијците или од Феникијците, туку човек што претендираше дека има нешто заедничко со Александар и Филип со кои беше сврзан уште од своето раѓање. Тие беа луѓе кои го освоија светот, сметајќи дека империја се создава со пари, а не пари со империја*."

Во продолжение Плутарх потсетува на неколку примери на успешно работење со парите од страна на Александар Велики Македонски, но и на промашувања од страна на Персеј, кој не умеел правилно да го користи македонското богатство за одбрана на Македонија, а не умеел ни да преговара со своите потенцијални сојузници.

Во таква состојба, пишува Плутарх, дошло до решавачката војна помеѓу колебливиот Персеј и успешниот римски генерал Емилиј Паул. Македонската војска броела околу четири илјади коњаници и четириесет илјади добро обучени пешадијци во составот на Македонската фаланга. Имало поставено утврдувања долж целата македонска граница.

Откако стигнала Римската војска, неколку дена не превзела никакви акции. Бил проучуван планот за напад. Тогаш Емилиј Паул бил известен дека во македонската одбрана имало еден небранет премин низ кој Римската војска можела да се пробие. Емилиј Паул ги повикал своите команданти на консултации. Еден од командантите бил и најстариот син на Емилиј Паул, кој се викал Фабиј Максим (Fabius Maximus). На Римјаните на помош им дошле Тракијци и Критјани. Се било подготвено за големиот судир. Плутарх пишува дека пред судирот владеела необична тишина каква што никогаш пред тоа немало помеѓу две големи војски. Во продолжение на делото на Плутарх читаме дека еден Критјанец побегнал од Римската војска и отишол кај Персеј, известувајќи го за планот на Римјаните да навлезат преку небранетиот премин. Персеј испратил една единица за да го заштити тој премин. Во врска со ова Плутарх пишува:

„*Персеј... испрати десет илјади платеници и две илјади Македонци под команда на Мило со наредба што побргу да го запоседнат премнот*.“

Но, кон преминот веќе била упатена и една единица на Римската војска. На врвот од планината дошло до жесток судир помеѓу македонската и римската војска во кој Римјаните излегле како победници. Македонскиот командант Мило побегнал од бојното поле. Така, на Римјаните им бил отворен патот кон внатрешноста на Македонија.

По поразот на единицата на Мило, кралот Персеј со голема загриженост наредил дислоцирање на својот камп

и негово пренесување во близина на Пидна, каде се очекувало да се случи пресудната битка. Советниците се обидувале да ја смират неговата загриженост, потенцирајќи му дека тој има поголема армија и дека македонските војници похрабро ќе настапат во битката затоа што војуваат заради заштита на своите домови, жени и деца, а посебно заради својот крал, кој и самиот бил на бојното поле. Така, довербата повторно се вратила кај Персеј и тој ги издал потребните наредби за дочек на Римската војска. Плутарх го опишува и местото на битката. Тоа било поле во кое имало ридови еден до друг. Имало и две реки кои не биле длабоки.

Во меѓувреме, на римската единица, која го поразила македонскиот командант Мило, им се придружила главнината на војската на чело со Емилиј Паул. Помладите команданти го терале Емилиј Паул што побргу да нападне, но искусниот генерал им рекол дека ќе нападне тогаш кога ќе процени дека дошло време за тоа. Потоа настапила ноќта, а војниците вечерале и отишле на спиење. Плутарх ја опишува ноќната атмосфера до двата кампа - римскиот и македонскиот. Римјаните запалиле оган во кампот, додека Македонците биле крајно вознемирени.

Следниот ден битката почнала. Плутарх дава опис на Македонската војска, па пишува дека најпрво биле поставени Тракијците, кои изгледале застрашувачки. Тие имале сребрени штитови, а нозете исто така им биле заштитени со метал. Биле вооружени со железни копја што ги носеле преку десното рамо. Веднаш до нив биле платениците од разни народи, кои различно биле облечени и вооружени. Плутарх пишува:

„*По нив следуваше третата единица составена од одбрани луѓе, родени Македонци, избрани според својата храброст и сила*.“

По оваа елитна македонска единица настапувала Македонската фаланга наречена „*Метални штитови“*.

Плутарх пишува дека целата Македонска војска сјаела на сонцето поради блескавите штитови. Тогаш почнала битката. Плутарх пишува:

„*Само што почнала битката Емилиј сфати дека првите редови на Македонците веќе ги фиксираа врвовите на своите копја во штитовите на неговите Римјани, така што било невозможно тие да им се доближат со своите мечови.“*

Плутарх пишува дека Емилиј видел како Македонците се втурнале со своите копја врз римските штитови со толкава сила, каква што никогаш пред тоа немал видено во бројните битки што ги водел:

„*Македонците ги носеа своите долги сариси со обете раце и ги прободуваа оние што им застануваа на патот дури и преку нивниот оклоп. Ниту еден штит или оклоп не можеше да ја сопре силата на ова оружје.“*

На тој начин првите римски редови претрпеле големи загуби, а преостанатите биле принудени на отстапување. Емилиј Паул со голема вознемиреност ја следел оваа глетка, но не сакал да пушти нови единици во борбата против ваквата фаланга, која била непробојна и непристапна. Тој се надевал дека фалангата ќе навлезе во нерамен терен, каде нема да може да биде толку ефективна. Емилиј Паул наредил неговата војска да се подели на помали и поподвижни единици, а не целосно да влегува во фронтален судир со фалангата. Ваквите мали единици ја провоцирале фалангата да навлезе на нерамен терен. Таму дошло до борба гради в гради, затоа што заради нерамниот терен Македонската фаланга се проретчила и веќе не можела да настапува како непробојна целина. Во таа борба Римјаните биле поуспешни со своите кратки мечеви наспроти долгите копја на Македонците, кои не биле погодни за борба гради в гради. Така завршила пресудната битка кај Пидна. Плутарх пишува дека, според римски извори, во оваа битка паднале околу дваесет и пет

илјади македонски војници. Битката траела кратко. Римјаните биле пресеќни што извојувале победа и истата ја прославиле со песни во знак на благодарност кон боговите.

Што се случувало во меѓувреме со Персеј? Плутарх пишува дека Персеј уште пред крајот на битката тргнал кон Пела:

„*Што се однесува до Персеј, тој од Пидна, заедно со својата коњаница, која остана речиси негибната, тргна кон Пела. Но, тогаш им се придружија и пешадијците, кои почнаа да ги обвинуваат коњаниците дека се кукавици и предавници, обидувајќи се да ги симнат од нивните коњи*.“

Персеј се уплашил од ваквата реакција на своите војници. По патот мнозина од нив го напуштиле, а кога ноќта стигал во Пела, таму го пречекале чуварите на богатството Евкт и Евдеј, кои толку го изнервирале со своите забелешки што лично ги отепал обајцата. Потоа, заедно со огромното богатство, во придружба на Критјани, Персеј заминал за Амфипол, а оттаму во Галепсус. Всушност, Критјаните му останале верни само заради огромното богатство што го носел со себе. Плутарх пишува дека Персеј дури бил принуден една златна чинија, која порано му припаѓала на Александар Велики Македонски, да им ја даде на Критјаните и тоа го сторил со солзи во очите. Оттаму Персеј заминал на островот Самотраки. Во продолжение Плутарх пишува:

„*Македонците отсекогаш биле сметани како големи обожаватели на своите кралеви, но сега, откако нивниот водач беше скршен, тие се предадоа и му се потчинија на Емилиј Паул, кој за два дена стана господар на целата држава*.“

Веста за победата на Римјаните над Македонците (кои тогаш биле нивни најтежок непријател), со огромна

радост била дочекана во Рим. Во врска со ова Плутарх пишува:

„*На четвртиот ден откако Персеј беше поразен кај Пидна, додека народот во Рим ги набљудваше трките со коњи, наеднаш во театарот се прошири веста дека Емилиј Паул го поразил Персеј во голема битка и дека ја ставил цела Македонија под своја власт. Откако веста се прошири меѓу луѓето, настана општа веселба со извици и акламации, кои траеја целиот ден низ улиците на градот*."

Но, тогаш Римјаните сфатиле дека оваа вест е лажна затоа што не успеале да го најдат нејзиниот автентичен извор, туку секој ја слушал од некого и како таква ја пренесувал. Тогаш прославата била заменета со нова неизвесност. Но, по неколку денови стигнала и официјална вест за победата на Римјаните, по што се случила нова прослава, а претходниот настан бил третиран како чудо, т.е. претскажување.

Во меѓувреме римскиот командант Кнеј Октавијан го заобиколил островот Самотраки со својата флота и му понудил на Персеј да се предаде со тоа што достојно ќе биде третиран. Плутарх пишува дека Персеј се обидел да го наговори Критјанецот Ороандес (кој имал мал брод) да ги извлече него и неговото семејство, заедно со богатството од Самотраки. Но, Критјанецот го измамил. Прво го наговорил Персеј да го натовари златото, а вечерта тој да дојде на бродот со свето семејство. Кога вечерта Персеј дошол, сфатил дека е измамен затоа што Критјанецот избегал со неговото богатство. Тогаш на Персеј не му преостанало друго, освен да му се предаде на Кнеј Октавијан. Подоцна Персеј бил одведен пред Емилиј Паул, кој станал од своето седиште и тргнал да го пречека поразениот македонски крал. По краткиот разговор Персеј бил одведен во ропство.

Во продолжение читаме дека Емилиј Паул ја распоредил римската војска по гарнизоните, а самиот тој отишол во посета на територијата на денешна Грција. Во Делфи нашол голем столб направен од бел мермер, на кој требало да биде поставена златна статуа на кралот Персеј. Емилиј Паул наредил таму да се постави неговата статуа. Потоа ја посетил и Олимпија.

Емилиј Паул одржал говор пред видни Македонци во кој им рекол дека ќе ја задржат управата на своите градови, но дека ќе мораат да плаќаат двојно поголем данок од оној што го плаќале на своите кралеви. Во врска со ова Плутарх пишува:

„*Тој на Македонците повторно им ги додели нивните градови и земја, ветувајќи им дека ќе живеат во слобода и според нивните сопствени закони, но дека ќе треба да плаќаат данок од сто таленти, што беше двојно повеќе од сумата што порано ја плаќаа на своите кралеви.“*

Потоа читаме дека Емилиј Паул присуствувал на разни претстави и игри и принесол жртви на боговите. Во врска со подоцнежните активности на Емилиј Паул, Плутарх пишува:

„*Средувајќи ги добро сите работи, напуштајќи ги Грците и предупредувајќи ги Македонците, дека имајќи ја предвид слободата која ја добиле од Римјаните, тие треба да се обидат да ја задржат со почитување на законите и соработката меѓу себе, тој замина за Епир.“*

Мислам дека коментар не е потребен ни за овој запис од познатиот антички грчки историчар Плутарх. И овде сосема јасно се издвоени Македонците од Грците.

Во продолжение читаме дека Емилиј Паул стигнал во Италија заедно со ограбеното богатство од Македонија. Но, неговите војници не биле задоволни од делот што ним им припаднал, па затоа подготвиле заговор против него, обвинувајќи го дека сурово се однесувал кон нив. Тоа го

искористил Галба, кој бил противник на Емилиј Паул, за да го обвини пред Сенатот. Во Сенатот настанала дебата со напади против римскиот генерал. Но, тогаш, во одбрана на Емилиј Паул, станал угледниот Марко Сервилил. Притоа тој истакнал дека овој генерал успеал да го порази македонскиот крал и да ја "*донесе славата на Филип и Александар во посед на Римјаните*". По овој говор, опонентите на Емилиј Паул се повлекле, а тој бил опсипан со слава. Целиот Рим излегол на улица за да го прославува враќањето на Емилиј Паул и прославата траела цели три дена. Најглавен настан во прославата било победничкото дефиле, кое исто така траело три дена.

Првиот ден низ градот биле носени колосални статуи и уметнички слики кои биле ограбени од Македонија. Плутарх пишува дека тие биле носени во двесте и педесет коли.

Во врска со дефилето од вториот ден Плутарх пишува:

„*Вториот ден во голем број коли беше носено најубавото и најскапоцено вооружување запленето од Македонците*.“

Плутарх дава детален опис на видот на ваквото вооружување и опрема, која била уметнички украсена. Биле носени и покажувани штитови, сабји, украсени оклопи, скапоцени наметки, па дури и сариси запленети од Македонската фаланга. По оваа поворка, следувала поворка, која го носела запленетото богатство од Македонија. Плутарх пишува дека во оваа поворка учествувале дури три илјади мажи, кои носеле сребрени пари во седумстотини и педесет садови, од кои, секој тежел по три таленти и бил носен од четворица луѓе. Преостанатите носеле сребрени садови и други вредни предмети.

Финалната церемонија на дефилето била предвидена за третиот ден. Уште од рано наутро, низ градот почнале да одат трубачите, кои свиреле борбени мелодии.

По нив оделе млади мажи, кои го носеле ограбеното македонско злато. Златните пари биле носени во седумдесет и седум садови, кои тежеле исто како оние во претходниот ден. Потоа следувала поворка која носела други вредни предмети запленети од Македонија, какви што биле: садовите на Антигон и на Селевк, потоа златните чинии од кои јадело семејството на кралот Персеј, неговата дијадема и друго. По ова била водена кралската кочија на Персеј, во која било ставено неговото лично вооружување. На мало растојание од кочијата биле водени децата на заробениот македонски крал (два сина и една ќерка) во придружба на нивната послуга, негувателка и учители. Плутарх пишува дека некои од нив имале солзи во очите. На крајот бил воден и самиот македонски крал Персеј. Плутарх пишува дека целиот бил облечен во црно и дека носел "*обувки од својата земја*". По него оделе лицата од неговото најблиско окружување (роднини и пријатели). По нив биле носени околу четиристотини златни круни, кои различни градови му ги испратиле на Емилиј Паул во чест на неговата победа. Потоа се појавил самиот Емилиј Паул, седејќи во скапоцена кочија и облечен во скапоцена облека. По него оделе целата негова војска, која учествувала во војната против Македонија.

Во продолжение Плутарх пишува дека Персеј подоцна бил префрлен во место каде имал привилегии во однос на останатите затвореници. Пишува и за разните верзии за неговата смрт, како и за судбината на неговите деца, кои умреле во Рим. На крајот дава податоци за натамошните активности на Емилиј Паул.

Плутарх оставил записи за посебноста на античките Македонци и во други свои дела. Едно од нив е **Биографијата на Агесилај** (исто така напишана околу 75 година).

Агесилај (Agesilaus) живеел во 5 век пред Христа (умрел во 401 година пред Христа). Плутарх ги опишува

најзначајните настани од неговиот живот. Овде Плутарх ги спомнува Македонците како победители над Персија. Во неговиот запис повторно недвосмислено и бескомпромисно е потенцирано дека Македонците биле одделен народ во однос на Грците. Тој пишува дека Грците со жалење констатирале дека славата добиена во војната против Персија му ја оставиле на Александар и на Македонците, додека тие (Грците) меѓусебно се расправале едни со други и војувале едни против други. Во врсска со ова читаме:

„*Грција почна да се развива како барбарска земја... Што може да се каже друго за сите оние изливи на љубомора и заговори на Грците, како и за нивните сопствени злоби, кои направија нивното оружје, што веќе беше свртено против барбарите, да го свртат против самите себе и повторно да ја вратат војната во Грција, иако таа беше надвор од неа? Целосно се согласувам со Демартус од Коринт, кој рече дека тогашните Грци испуштиле да почувствуваат големо задоволство затоа што доживеале да го видат Александар седнат на тронот на Дарие. Сигурно дека ќе им се појавеа солзи во очите пради овој настан, откако ќе сфатеа дека таквото задоволство* (да седне на тронот на Дарие) *им го отстапија на Александар и на Македонците, додека тие* (Грците) *ги погубија сите свои големи војсководители во меѓусебните војни...*“

И ова е уште еден доказ во кој Македонците се јасно издвоени од Грците. Овде гледаме дека Плутарх под терминот „Грци“ ги подразбира: Спартанците, Атињаните, Тебанците, Коринтјаните и други, т.е. сите оние кои тогаш помеѓу себе војувале. Но, тој одделно од сите нив ги спомнува Македонците, иако и тие војувале и со Грците и со Персијанците. Тој овде пишува дека Грците залудно го трошеле своето време во меѓусебните борби на одделните градови-држави, наместо да се свртат сите заедно

против Персија. И додека Грците така го губеле своето време, пари и војска, Македонците успеале да го остварат нивниот сон и да ја поразат Персија.

Многу јасен доказ дека Македонците не биле никакви Грци, Плутарх дава и во **Биографијата на Агис**. Агис бил крал на Спарта. Плутарх пишува дека во времето кога Филип Македонски ги покорил Грците, ниту еден грчки крал не загинал на бојно поле, со исклучок на Клеомбротус. Овде читаме:

„*Видовме дека во многуте битки водени помеѓу Лакадемонците* (друго име за Спартанците) *и останатите Грци, се до времето на Филип Македонски, ниту еден крал не бил убиен на бојно поле со исклучок на Клембротус, кој почина откако беше ранет со копје во битката кај Леуктра*.“

Ова е исто така голем доказ дека Гркот Плутарх (за разлика од денешните грчки шовинисти) сосема јасно знаел дека Македонците не се никакви Грци. Едноставно, тој овде пишува дека се до времето на Филип Македонски, т.е. до времето кога грчките градови-држави биле поробени од Македонците, ниту еден грчки крал (освен Клеомбротус) немал загинато за време на некоја битка. Доколку Македонците биле "Грци", тогаш оваа констатација треба да се однесува и на нив. Но, тоа воопшто не е така. Имено, се знае дека во битка загинал македонскиот крал Пердика кој владеел од 365 до 359 година пред Христа, т.е. пред времето на Филип Македонски. Овој македонски крал загинал токму во битка и тоа против дарданскиот водач Брадил. Значи, доколку Македонците биле "Грци", Плутарх ќе го спомнел и Пердика Трети како "грчки крал", кој загинал во битка. Но, тој тоа не го сторил токму поради фактот што Македонците не ги сметал за Грци.

Плутарх оставил вредни податоци за Македонците и во **Биографијата на Клеомен**. И тој бил спартански крал, а живеел во III век пред Христа.

Впрочем, судбината на Клеомен била поврзана токму со Македонците. Но, за да бидат појасни цитатите што ќе ги пренесеме од неговата биографија, прво ќе приложиме кратко објаснување на тогашните историски настани во Спарта и во јужниот Балкан воопшто.

Најнапред ќе ја спомнеме Ахајската лига. Тоа било сојуз (еден вид конфедерација) на 10 и 12 градови-држави на територијата на денешна Грција, конкретно на Пелопонез. Во врска со настанокот и дејствувањето на оваа Лига, во општата ЦД енциклопедија "Microsoft Encarta " (САД, 1998, наслов "Achaean League "), читаме:

„*Ахајската лига била конфедерација од 10 или 12 градови во античка Грција. Таа била основна од древните Ахајци, кои биле народ што зборува грчки и кои живееле на северниот брег на Пелопонез, полуостров на јужниот дел од Грција. Оригиналната лига имала мал удел во војните од V век пред Христа, а кон крајот на IV век пред Христа, таа била освоена од Македонците*.“

Гледаме дека и во оваа позната американска енциклопедија Македонија е повторно спомната како засебен етно-културен простор, кој ја освоил грчката Ахајска лига.

По смртта на Александар Велики Македонски, познато е дека во Македонија настанале низа потреси и континуирани борби за власт. Во такви услови, приближно педесет години по смрта на Александар Велики Македонски, Ахајската лига, користејќи ја нестабилната состојба во својот окупатор Македонија, повторно била обновена. Кон неа сега биле придодадени и Сикион, Коринт, Мегалополис и Аргос на Пелопонез. Обновената Ахајска лига сега била федерација. Секој нејзин член имал своја автономија, но сите заедно имале свои претставници во заедничкиот Совет.

Спартанскиот крал Клеомен (Трети) за кого овде пишуваме, во 235 година пред Христа, предизвикал војна со членките на Ахајската лига. Поради неговата воена

надмоќ, Ахајската лига побарала и добила помош од Македонија. Во битката кај Селасија, што се одиграла во 222 година пред Христа, Македонците ја поразиле војската на Клеомен Трети, но и Ахајската лига повторно била потчинета од Македонија. Подоцна Ахајците пак посакале да се одвојат од патронатот на Македонија. Во спомнатата енциклопедија „Енкарта“ во врска со ова читаме:

„*Во 235 година пред Христа, Клеомен Трети, кралот на Спарта, предизвикал војна со лигата... По два сериозни пораза Ахајците побарале и добиле помош од Македонија. Клеомен Трети конечно бил поразен кај Селасија во 222 година пред Христа. Како цена за помошта од претходниот непријател, Ахаја повторно била потчинта од Македонија. Во 198 година пред Христа, Ахајците станале сојузници на Римјаните против Македонците*.“

Но, ниту Римјаните не и помогнале на Ахајската лига без сопствен интерес. Откако ја потчиниле Македонија, Римјаните ја потчиниле и Ахајската лига, престорувајќи ги нејзините територии во своја провинција.

Што се однесува до пишувањето на Плутарх, тој најнапред вели дека Клеомен упатил категорично барање до Ахајската лига во кое побарал тој да биде водач на лигата. Овие настани Плутарх ги опишува со зборовите:

„*Ова ги растури односите во Грција, која штотуку почна да закрепнува од својата катастрофа и да покажува извесна способност за да се ослободи себеси од дркоста и алчноста на Македонците*.“

Коментар и на овој цитат од Плутарх не е потребен Овој древен грчки историчар сосема јасно го опишал чувството на огромниот број Грци, не само во тоа време, туку и претходно, кои едноставно биле угнетувани од Македонците како никогаш пред тоа. Интересно е како историјата подоцна се повтори, но овојпат со замена на

улогите - Македонците и денес национално се угнетувани од Грците.

Водачот на Ахајската лига Аратус не сакал ни да слушне да биде заменет со Спартанецот Клеомен Трети. Затоа тој ги повикал на помош своите довчерашни непријатели Македонците. Во врска со ова Плутарх пишува:

„*Аратус... го повикал Антигон* (тогашниот македонски крал) *во Грција и целиот Пелопонез се наполнил со Македонци, со истите тие против кои тој* (Аратус) *како млад се бореше, исфрлувајќи ги нивните гарнизони од Коринт и бркајќи ги од истата таа земја* (Пелопонез)."

Плутарх пишува дека заради поканата упатена на македонскиот крал Антигон да дојде на Пелопонез се јавиле сомнежи кон Аратус од страна на останатите членови на Ахајската лига.

Плутарх го критикува Аратус затоа што ги повикал Македонците на Пелопонез, па вели:

„*Иако тој* (Аратус) *изјавуваше дека претрпел значителни загуби и дека поминал низ големи опасности за да може да ја ослободи Атина од гарнизонот со Македонци, сепак на крајот тој самиот ги доведе истите тие вооружени луѓе во својата земја, во својот дом, па дури и во женските одаи*."

Плутарх со жалење констатира дека Аратус направил погрешен избор и дека требало да дозволи Клеомен да стане главен на Ахајската лига, наместо повторно да ги доведува Македонците на Пелопонез. Наместо да го прифати реформаторот Клеомен тој (цитат): „*реши да се потчини себеси заедно со Ахаја, на дијадемата и на пурпурот, односно на заповедите и наредбите на Македонците и на нивните сатрапи*."

Овде сакам да потенцирам дека не случајно се спомнати „*дијадемата и пурпурот*" како симболи на Македонија, т.е. на македонската власт. Познато е дека македонските владетели носеле дијадема, а се облекувале во

пурпур, посебно за време на свеченостите. Интересно е тоа што овие два елемента (дијадемата и пурпурот) многу векови подоцна биле главна одлика и на византиските цареви од Македонската династија, за кои исто така се смета дека потекнувале од генот на античките Македонци. Најпознатиот претставник на оваа династија бил Васил Втори Македонски - царот што го потчинил Самуиловото Царство.

Во продолжение читаме дека Клеомен дошол на состанок на Ахајската лига, но Аратус веќе бил договорен со македонскиот крал Антигон околу водството на лигата. Кога разбрал за ова, Клеомен многу се налутил. Почнале жестоки вербални препукувања помеѓу Аратус и Клеомен, кој напишал остро писмо против Аратус и го испратил на Ахајската лига. Плутарх пишува дека мнозина првенци од Ахајската лига, но и обични граѓани, биле настроени против Аратус затоа што (цитат): „...*им ги довел Македонците на Пелопонез*“. Всушност, тоа бил пресуден миг Клеомен да објави војна на Аратус, надевајќи се дека неговата позиција како водач на Ахајската лига е разнишана. Клеомен извршил воен упад на полуостровот Палена и бргу го освоил. Потоа извршил напад и врз Аргос, што исто така го освоил. Овие почетни успеси ги охрабриле Клеомен и Спартанците, кои почнале повторно да се потсетуваат на своите славни кралеви од минатото. Клеомен освоил и други градови на Пелопонез и стигнал до Коринт, каде бил засолнет Аратус, кој во меѓувреме ги повикал Македонците на помош. Македонскиот крал Антигон Трети Досон тргнал со огромна армија за да им помогне на Ахајците (всушност да ги стави повторно под македонска контрола). Клеомен решил спартанската војска да не влегува во директен судир со Македонците, туку да чека во заседи и утврдувања. Првиот судир во оваа војна завршил со успех на Спартанците. Клеомен не дозволил Македонската војска да помине низ еден премин и Македонците претрпеле

извесни загуби. Во такви услови Антигон решил да направи поголеми подготовки за војна против Клеомен. Тогаш Ахајците од Аргос кренале востание против Клеомен. Кога слушнал за ова, Клеомен налутено дал наредба за задушување на востанието и испратил своја војска таму. Но, кога стигнала неговата војска во Аргос, била поразена. Востаниците Ахајци, заедно со Македонците, не само што го ослободиле Аргос од Спартанците, туку сега директно се заканувале на самата Спарта, која Клеомен ја оставил небранета. Клеомен го напуштил Коринт со својата војска, по што и овој град бил завземен од Македонците. За кратко време Клеомен го загубил најголемиот дел од Пелопонез за сметка на Македонците. Тогаш гласниците од Спарта му донеле вест дека ненадејно починала неговата млада сопруга со која тој многу бил поврзан. Скршен од болка и војнички поразен, Клеомен се вратил во Спарта. Тогаш му стигнала понуда за воена помош од македонскиот крал на Египет Птолемеј, кој за возврат ги побарал неговите деца и мајка како заложници. Неговата мајка се согласила и заминала за Египет заедно со едниот негов син. Во меѓувреме Антигон Трети Досон продолжил со завземање на градовите на Пелопонез, заканувајќи се на самата Спарта. Клеомен организирал војска за пресудната битка во која имало две илјади војници, кои биле обучни да војуваат (цитат): „*на македонски начин*.“ Сепак, Клеомен немал пари за да изнајми поголем број платеници. Но, проблеми се јавиле и кај Антигон затоа што во тоа време Македонија била нападната од Илирите. Плутарх пишува дека писмата за проблемите во Македонија стигнале до Антигон веднаш по завршувањето на битата против Спартанците кај Селесија. Плутарх смета дека Клеомен и овојпат немал среќа затоа што ако писмата стигнале пред битката, Антигон ќе морал да замине за Македонија и да ги остави Ахајците да војуваат сами со Спартаницте.

Но, битката завршила, а Клеомен ги загубил својата војска и својот град-држава. Плутарх ја опишува битката на Македонците и Ахајците од една страна и Спартанците од друга. Притоа тој ја истакнува улогата на Македонската фаланга:

„*Македонската фаланга ги притисна* (Спартаницте) *и со голем успех ги потисна за околу половина милја*."

Плутарх пишува дека во оваа битка загинале околу шест илјади Спартанци, а преживеале само двесте. По битката Клеомен се вратил во Спарта, која сега била небранета и оттаму отпловил со брод заедно со своите најблиски соработници. Антигон влегол во Спарта, но таму македонските војници не направиле никакво зло врз незаштитеното население. Антигон им рекол на Спартанците дека ќе можат слободно да живеат како и дотогаш и дека ќе можат да продолжат да ги слават своите богови. Воопшто, за Антигон се смета дека бил голем дипломат. Заради настаните во Македонија, тој се вратил назад, но набргу умрел од болест.

Што се однесува до Клеомен, тој заминал со бродот за Египет, каде тогаш владеел неговиот сојузник Македонецот Птолемеј. По патот, на бродот, неговиот пријател Терикон му забележал на Клеомен заради бекството по поразот и му рекол дека требало да му се потчинат на Антигон, наместо сега да одат во неизвесната судбина кај Птолемеј. На ова Клеомен остро му се спротивставил. Дијалогот меѓу нив двајцата можеби не е толку важен за нас доколку Терикон во своето обраќање не дал уште едно децидно сведоштво за разликите меѓу Македонците и Грците. Тој, на својот поразен крал, меѓу другото, му рекол:

„*Доколку не е под секое достоинство, расата на Хераклe да им служи на наследниците на Филип и Александар, ние сега немаше толку долго да патуваме и требаше да му се предадеме на Антигон, кој сигурно*

дека е подобар од Птолемеј, онолку колку што Македонците се подобри од Египјаните."

Јасно е дека под „*расата на Хераклe*" Терикон ги подразбира Спартанците, кои требало да им служат на Македонците, т.е. на „*наследниците на Филип и Александар*". Значи овде и Терикон ги издвоил Македонците и Грците како „посебни раси".

Клеомен стигнал во Египет, каде недолго потоа го завршил својот живот. Гледаме дека во неговата биографија исто така постојат вредни податоци за разликите меѓу Македоцните и Грците.

Во продолжение ќе спомнеме нешто и за **Биографијата на Аристид**. Биографијата на овој атински генерал, Плутарх исто така ја напишал околу 75 година по Христа. Аристид се родил околу 530 година пред Христа, а починал во 468 година пред Христа. Тој бил познат атински говорник и генерал. Се прочул по тоа што учествувал во битката кај Маратон (490 година пред Христа), во која Атињаните ги поразиле Персијанците на чело со Дарие Први. Подоцна Аристид влегол во конфликт со грчкиот генерал и говорник Темистокле, заради што бил испратен во прогонство. Но, откако Персијанците повторно ја нападнале Атина (овој пат под водство на Ксеркс Први) Аристид бил повикан да се врати во војската. Во 479 година пред Христа тој ја предводел Атинската војска против Персијанците во битката кај Платеја, која Атињаните ја добиле. До крајот на животот Аристид живеел како угледна личност во Атина.

Што се однесува до спомнувањето на Македонците во неговата биографија напишана од Плутарх, конкретно овде е спомнат македонскиот крал Александар Први (498 - 452 пред Христа), кој дошол на таен состанок со Аристид, ноќта пред битката кај Платеја за да им ги открие на Атињаните плановите на Персијанците. Ова е позната епизода од постарата историја на Македнија. Имено,

Александар Први за време на персиско-грчкиот судир водел вешта неутрална политика за да ја заштити својата слаба држава од овие два моќни фактори. Сепак ноќта пред битката кај Платеја, тој поминал на страната на Атина. Овој настан Плутарх го опишува со зборовите:

„*Околу полноќ еден коњаник влегол во грчкиот камп и откако бил забележан побарал да разговара со Аристид Атињанецот. Откако брзу се сретнале, странецот рекол: ‚Јас сум Александар, кралот на Македонците и овде дојдов со добра волја наспроти најголемата опасност на светот*'".

Во продолжение Плутарх пишува дека Александар му кажал на Аристид дека утредента треба да бидат нападнати од Персијанците, откривајќи му ги плановите на Персијанците, кои тој успеал да ги открие како нивни дотогашен „пријател". Во продолжение Плутарх пишува дека Александар ова им го кажал на Грците во најголеема доверба и на крајот заклучил дека (цитат): „...*доколку Грците ја добијат битката, ниту еден од нив не треба да ги заборави добрата волја и љубезниста што ги направи Александар за нив."*

Во продолжение Плутарх пишува:

„*По ова кралот на Македонците одјава назад, а Аристид отиде во шаторот на Павсанија и му кажа да ги повика преостанатите команданти на кои им издаде наредби за подготовки за битката*."

Мислам дека не е потребна којзнае каква анализа на овие извадоци од Плутарх за да се сфати дека и овде тој јасно ги издвојува Македонците како засебен народ од Грците. Овде тој јасно пишува дека Александар Први самиот себе си се претставил како „крал на Македонците", додека од страна на Грците бил сметан како „странец", кој упаднал во нивниот камп за да им помогне. Подоцна, пред да замине „кралот на Македонците" им рекол на

Грците дека, доколку победат, не смеат да ја забораваат неговата добра волја и помош.

Настаните во продолжение покажале дека Грците (благодарение на информациите од Александар Први) ја добиле битката кај Платеја и ги поразиле Персијанците. Потоа дошло до приближување на Александар Први со Грците.

Некои современи историчари (како, на пример, Абел) сметат дека Александар Први Македонски бил убиен од страна на повидни Македонци токму заради својата хеленофилска политика, која, според нив, претставувала опасност за Македонија.

Македонците се спомнати и во **Биографијата на Кимон**, кој бил атински генерал и говорник. И за ова дело се смета дека Плутарх го напишал кон крајот на првиот век по Христа.

Кимон се родил околу 510 година пред Христа. Неговиот татко бил Тракиец, кој ја стекнал својата слава заради победата во познатата битка помеѓу Атињаните и Персијанците кај Маратон. Слава на познат војсководец стекнал и Кимон. Тој ги избркал Персијанците од хеленските територии. Подоцна, заедно со генералот Аристид, Кимон тргнал во поход за ослободување на хеленските градови во Мала Азија, кои тогаш се наоѓале под персиска власт. Во поморската битка што се одиграла во 466 година пред Христа, Кимон успеал да ги порази Персијанците при што заробил двесте нивни бродови. Персијанците доживале пораз и на копно. Но, потоа Кимон бил отстранет од војската затоа што учествувал во внатрешните судири помеѓу Грците. Подоцна бил рехабилитиран. Починал околу 450 година пред Христа.

Во Биографијата за Кимон малку е пишувано за Македонија. Меѓутоа, оваа биографија е важна од еден друг аспект. Откако ги избркал Персијанците од Тракија и од хеленските територии, Плутарх пишува дека патот на

Кимон сега бил отворен и кон Македонија (во смисла на нејзино потчинување и ставање под влијание на Атина). На чело на Македонија во тоа време бил Александар Први (кого веќе го спомнавме). Атињаните се надевале дека Кимон ќе ја стави под нивна доминација и оваа природно богата земја, но тоа не се случило. Од нејасни причини Кимон не ја освоил, тогаш слабата, Македонија, која и натаму останала независна држава. Овој гест на Кимон бил дочекан со негодување од страна на Атињаните, кои подоцна, откако Кимон паднал во политичка немилост, го обвиниле дека примил мито од македонскиот ркал и дека затоа не ја освоил Македонија.

Доколку ова е вистина (за што има индиции, во недостиг на други посериозни толкувања на ваквиот гест на Кимон кон Македонија), тогаш ова е уште еден доказ за мудрата политика на македонскиот крал Александар Први, кој својата слаба држава успеал да ја одржи како независна во тие несигурни и бурни времиња на меѓусебна војна помеѓу моќните Атина и Персија. Потсетуваме дека за да ја одржи, тогаш слабата Македонија како држава, Александар тајно преговарал и со Персија и со Атина. Овде, пак, гледаме дека не се воздржувал ниту мито да употреби само за да ја задржи независноста на Македонија. Можеби некој денес ќе му забележи на Александар Први за неговата навидум „понижувачка“ улога кога (така да се каже) им се „молел“ и на Персија и на Атина, но тој направил огромна работа - ја зачувал македонската држава за идните генерации! Подоцна истата таа држава станала светска велесила, која воено ги поразила и Персија и Атина. Доколку Македонија ја снемало како држава уште во времето на Александар Први, тогаш не верувам дека сега некој би го споменувал ова име во светот (освен можеби историчарите). Но, тој сепак ја зачувал Македонија. Тој бил свесен дека со сила не може да се спротивстави ниту на Персија, ниту на Атина, кои

можеле за кратко време да ја потчинат Македонија и да ја избришат како држава. Затоа нему му останала само мудрата политика и надежта дека еден ден следните генерации Македонци ќе успеат полека да ја зајакнат оваа држава (што, впрочем, и се случило со Филип и Александар Трети Велики Македонски).

А сега да се вратиме на она што го најавивме, а тоа е фактот што во Биографијата на Кимон е спомнат еден интересен податок, кој индиректно ги поткрепува податоците за етничките разлики помеѓу Македонците и Грците. За да го објасниме ова подобро, ќе се потсетиме на еден значаен настан што се случил за време на освојувачкиот поход на Александар Велики Македонски. Притоа накратко ќе се оддалечиме од темава, на која потоа пак ќе се навратиме.

Познато е дека по расчистувањето на односите со грчките градови на територијата на денешна Грција, Александар Велики Македонски навлегол во Азија, т.е. на територијата на тогашна Персија. На тогашниот западен брег на Персија (денешниот западен брег на Турција на Егејското Море), тогаш имало извесен број градови населени со Грци, кои биле окупирани од Персија. Бидејќи населението на овие градови било грчко, кога Александар навлегол во Персија, очекувал ова население да го дочека како свој ослободител од персиското ропство. Александар верувал дека Грците од овие градови ќе се радуваат на неговото доаѓање, затоа што не само што ќе ги ослободи од Персија, туку и ќе им го врати „хеленскиот дух“ и повторно ќе ги спои со преостанатите грчки градови од кои насилно биле одделени. Но, не само што не се случило тоа, туку и се случило сосема спротивното. Грчките градови во Мала Азија го дочекале Александар како нов поробител поради што му се спротивставиле со сите свои сили! Најжесток отпор на Македонците им пружил градот Милет. За карактерот на овој град, за неговото спротив-

ставување на Македонците и за вчудовидеността на Александар Велики Македонски од ваквата постапка на Грците од Милет, познатиот современ историчар Артур Вајгал, пишува:

„*Милет бил еден од главните центри на јонските Грци, неговата цивилизиација била грчка, неговиот заповедник бил Грк од Грција. Оваа личност во првиот момент покажала желба да се спогоди со Александар, но подоцна решила да му остане лојална на својот вазален господар Дариј, а било очигледно дека и граѓаните на Милет повеќе сакаат мирно персиско вазалство отколку сојуз со свите грчки земјаци преку Егејот. Тие немале желба да добијат таканаречена ‚слобода'*". (А. Вајгал: "*Александар Македонски*", Скопје, 1992, стр. 182).

Настаните во продолжение покажуваат дека Грците од Милет пружиле жесток отпор на Македонците, но на крајот нивниот град паднал. Во врска со ова Вајгал пишува:

„*Имало очајничка борба, но на крајот градот бил заземен, а бранителите кои им предизвикале прилични загуби на Македонците, биле лудо убивани*."

Но, Милет не бил единствениот малоазиски град што им дал отпор на Македонците. Ист таков отпор дал и грчкиот малоазиски град Халикарнас. Главен бранител на овој град бил грчкиот војсководец Мемнон, кој претходно се борел против Александар и во битката кај реката Граник на страна на Персијанците. Мемнон дури испратил писмо до Дарие, велејќи му дека ќе остане до смрт верен на Персија, а воедно примил и тајна помош од Атина. По жестоката борба, Македонците го освоиле и овој град, а Мемнон избегал, но умрел од болест во Метилена. Неговата жена Барсина подоцна му станала жена на Александар Велики Македонски.

Ваков бил случајот и со грчкиот град Соли, кој се наоѓал на Родос. И Грците од овој град не сакале ни да

слушнат за Александар, а камо ли да го пречекаат овој туѓинец како свој „ослободител“. Заради тоа, откако влегол во овој град, Александар им наметнал на граѓаните тешки давачки,

Имајќи го предвид сето ова, се поставува прашањето: доколку Македнците биле Грци, зошто тогаш грчките градови и население, кои биле поробени од Персија, им пружиле толку голем отпор на Македонците? Нели би требало тие да се радуваат на своето ослободување? Да речеме дека до некаде бил оправдан отпорот на грчките градови-држави на територијата на денешна Грција против Македонија. Атина, Теба, Спарта и другите, сепак, имале своја самостојност, која им била одземена од Македонците. Но, како да се објасни отпорот против Македонците од страна на грчките градови и население во Мала Азија, кои се наоѓале под персиска власт? Овие Грци жестоко се спротивставиле на Македонците заради што мнозина од нив платиле со своите животи.

Подоцна Александар добил и други докази дека Атињаните тајно соработувале со Персијанците против него. По неговото освојување на Дамаск (денешен главен град на Сирија) биле пронајдени голем број писма кои сведочеле за предавството на мнозина Атињани. Неговиот сон дека Грците ќе го дочекаат како „ослободител“ од Персија, пукнал како меур од сапуница. Артур Вајгал (цит. дело, ст. 216), во врска со ова пишува:

„*Александар престанал да се однесува како грчки ослободител и ја превзел поумната улога на македонски освојувач*.“

Од Дамаск била донесена голема преписка и некои писма го откриле предавството на многу Атињани и други Грци, кои се допишувале со Дарие. Но, Александар ваквите откритија не го многу повредиле или вчудовиделе, како што тоа се случило претходно.

Затоа Вајгал заклучува дека азискиот поход на Александар бил (цитат): „...*македонска авантура во која Грција имала сиромашен придонес.“* (цит. дело, стр. 171).

Значи историските податоци ни зборуваат дека Грците од Мала Азија, кои се наоѓале под персиска власт, жестоко се спротивставиле на Македонците, кои дошле да ги „ослободуваат“.

А сега да го објасниме она најважното. Атинскиот генерал Кимон живеел околу два века пред Александар Велики Македонски. Во времето на Кимон малоазиските грчки градови исто така се наоѓале под персиско ропство. Плутарх пишува дека Кимон, откако ги поразил Персијанците на територијата на денешна Грција и Тракија, тргнал во ослободување на градовите населени со Грци на малоазискиот брег. Но, притоа Плутарх не пишува дека Грците од малоазиските градови дале отпор против Кимон. Од ова може да се заклучи дека тие со радост го дочекале своето ослободување од Персија. Малоазиските Грци во атинската војска предводена од Кимон виделе свои сонародници и затоа им дале толкава помош. Но, кога подоцна Александар Велики Македонски тргнал да ги ослободува приближно истите тие територии (кои во меѓувреме пак се нашле под персиска власт), од страна на тамошните Грци, бил дочекан како туѓинец и нов окупатор. Сето ова претставува уште еден силен доказ за етнокултурните разлики помеѓу Македонците и Грците.

Во 75 година пред Христа Плутарх го напишал своето кратко историско дело **Споредба помеѓу Филопомен и Фламинин**. И овде тој ги спомнал Македонците, притоа јасно издвојувајќи ги од Грците. Филопомен бил грчки војсководец, кој учествувал во меѓусебните судири на античките Грци, а Титус Фламинин бил римски генерал, кој живеел во III и II век пред Христа и бил познат по тоа што го поразил македонскиот крал Филип Петти и ги ослободил Грците од македонското ропство. Во ова свое дело Плу-

тарх во врска со дејноста на овие два војсководители, напишал:

„*Големината на придобивките што Титус ги обезбеди на Грција, не може да се спореди ниту со Филопомен, ниту со мнозина смели луѓе како него. Всушност тие беа Грци, кои се бореа против Грци, додека Титус беше странец во Грција, кој се бореше за нејзино добро... Титус, откако го порази Филипа* (Петти Македонски) *во срцето на Грција, ги ослободи нив и нивните градови. Ако ги споредиме борбите што ги водеа овие двајца генерали, ќе видиме дека Филопомен, иако беше ахајски генерал, отепа повеќе Грци, отколку што Титус отепа Македонци, за да им помогне на Грците*.“

Навистина живо ме интересира да дознаам како реагираат денешните грчки историчари на ова сведоштво од античкиот грчки историчар Плутарх.

Овде Плутарх повторно, на кристално јасен начин, дава сведоштво во полза на негрчкиот етнички карактер на Македонците. Тој го фали римскиот генерал Титус Фламинин и вели дека ниту едно дело на низа смели Грци не може да се спореди со добрината што овој Римјанин им ја направил на Грците, затоа што тој, иако бил странец во нивните територии, ги ослободил грчките градови од македонскиот јарем, откако претходно „*во срцето на Грција*“ (во битката кај Киноскефале) ја поразил војската на македонскиот крал Филип Петти. Плутарх заклучува дека Гркот Филопомен отепал повеќе Грци одошто Титус Фламинин отепал Македонци за да ги ослободи грчките градови. Со ова испаѓа дека Плутарх всушност со презир гледал кон оние Грци кои меѓусебно војувале, наместо да се обединат и да се спротивстават на нивниот заеднички окупатор - Македонија.

Плутарх ги спомнал Македонците и во своето кратко историско дело **Споредба помеѓу Серториус и Евмен**. Во врска со идентитетот на овие две личности, тој пишува:

„*Едниот* (Серториус) *беше Римјанин и беше генерал..., а вториот беше од Крестонија и беше војсководител на Македонците, кои беа големи освојувачи и во тоа време го потчинија светот*.“

Да заклучиме дека и во делата на Плутарх постојат значајни сведоштва за етно-културната посебност на античките Македонци во однос на Грците.

ПОЛИБИЈ (III И II ВЕК ПРЕД ХРИСТА)

Полибиј се родил околу 203, а починал околу 120 година пред Христа. Потекнувал од ахајскиот град Мегалополис. Тој бил старогрчки историчар под римско влијание. Имено, по покорувањето на македонската држава од страна на Римјаните во 168 година пред Христа (во чиј составен дел тогаш биле и значајни грчки територии), Римјаните одвеле со себе деца на македонски и грчки благородници како заложници во Рим. Еден од нив бил и Полибиј, кој останал во Рим цели 17 години. Како образовано и интелигентно момче Полибиј бил доделен да живее во домот лично на Емилиј Паул (римскиот генерал што ја покорил Македонија), каде се воспитувал заедно со неговите деца. Во 150 година пред Христа му било дозволено да се врати дома, но тој одбил и наместо тоа заминал со синот на Емилиј Паул во северна Африка, каде присуствувал на уништувањето на Картагина од страна на

Римјаните. Оттаму заминал за Шпанија, а потоа се вратил во Ахаја каде, благодарение на своите врски со Римјаните, издејствувал подобрување на животот на поробените Грци. Тој напишал неколку книги, од кои најголем дел се загубени. Негово делумно зачувано дело е книгата „Истории*“,* во која детаљно е опишан периодот од 220 до 146 година пред Христа.

Во продолжение ќе се задржиме на извадоци од делото на Полибиј исклучиво од аспект на темата што овде ја обработуваме.

Во поглавието за Плутарх ја спомнавме Ахајската лига. Спомнавме дека тоа било сојуз (еден вид конфедерација) помеѓу 10 и 12 градови-држави на територијата на денешна Грција, конкретно на Пелопонез. Веќе спомнавме и дека околу пет децении по смртта на Александар Велики Македонски, Ахајската лига, користејќи ја нестабилната состојба во својот окупатор Македонија, повторно била обновена, овојпат во форма на федерација. Веќе спомнавме и дека водач на Ахајската лига бил извесен Аратус, кој прво се борел против македонското ропство, а потоа, откако се јавила опасност да биде сменет од лидерското место на Ахајската лига од страна на Спартанецот Клеомен (Трети), ги повикал своите довчерашни непријатели Македонците на помош, кои се вратиле на Пелопонез, му помогнале, но потоа не се повлекле, туку останале таму. Заради тоа Аратус бил критикуван од значаен дел од грчката јавност.

Овие настани ги опишува и Полибиј (секако многу порано во однос на Плутарх). Во врска со првобитните активности на Аратус против Македонците, кога тој се борел да ги избрка од Пелопонез, Полибиј пишува:

„...*Тој* (Аратус) *продолжил да владее со ахајската нација и сите негови планови и активности биле насочени кон една цел - бркање на Македонците од Пелопонез, потиснување на тираните и повторно вос-*

поставување на основи на античката слобода на секоја држава.“ (Polybius, *Histories,* II, 43).

Се разбира дека кога вели „*секоја држава“* Полибиј ги има предвид грчките градови-држави кои во најголем дел биле окупирани од Македонците. Овој извадок сосема јасно ги издвојува Ахајците од Македонците како два посебни народа (*нации*, во етничка смисла).

Во врска со амбициите на Клеомен (Трети) од Спарта, за кого рековме дека сакал да ја предводи Ахајската лига за да ги ослободи Грците од македонското ропство, Полибиј пишува:

„*...Личната амбиција на Клеомен и далекусежен проект биле доколку успее да завладее со Пелопонез, да се обиде да стане господар на цела Грција, што било невозможно без претходно да стави крај на владеењето на Македонија.“* (Polybius, *Histories,* II, 49).

И ова е толку јасно кажано што нема потреба од подетаљно објаснување. Спартанецот Клеомен сакал да го превземе водството на Ахајската лига за да завладее со Пелопонез, а потоа и со „*цела Грција*“. Но, тоа било невозможно затоа што тие територии биле под македонска власт. Значи тој прво морал да ги ослободи Грците од македонското ропство, а потоа да завладее со „*цела Грција“.* Јасно е дека овде Полибиј кога пишува за „*цела Грција“* и на крај памет не му паѓа дека тоа ја подразбира и Македонија. Напротив, овде јасно пишува дека за да се завладеела „*цела Грција*“ истата прво требло да биде ослободена од Македонија.

Во продолжение на својата книга Полибиј ги следи настаните по смртта на македонскиот владетел Антигон Гонат кој му помогнал на Аратус да ги порази Спартанците. Полибиј пишува:

„*...Оригиналниот план на овој труд, ми наложи секому да му ја разјаснам состојбата на настаните во*

Македонија и Грција во ова време.“ (Polybius, *Histories,* II, 71).

Практично и овде Полибиј јасно ги издвојува Македонија и Грција како две посебни етно-културни целини, а не како две „држави“ со „ист народ“ бидејќи во времето кога тој ова го пишувал, ниту Македонија ниту Грција не постоеле како две одделни држави. Освен тоа унитарна античка грчка држава никогаш не постоела во историјата, па оттаму често употребуваниот термин „античка Грција“ во низа публикации ширум светот е целосно погрешен. Значи јасно е дека тој ги имал предвид токму етнокултурните две целини „Македонија“ и „Грција“.

Во истата книга Полибиј и на друго место ја спомнува „*состојбата во Грција и Македонија*“. (Polybius, *Histories,* II, 49).

Во продолжение Полибиј, за да објасни некои состојби од подоцнежниот период, се навраќа кон постарата историја на Македонија, при што ги спомнува Филип Втори и Александар Велики. Овде повторно сосема јасно ги издвојува Македонците од Грците.

„...*Филип сметал на стравот и мрзеливоста кај Персијанците наспроти својата воена ефикасност и воената ефикасност на Македонците... И без да губи време, откако ја обезбедил добрата волја од Грците, кажувајќи им дека е негова итна должност да превземе одмазда кон Персијанците заради нивниот неправеден однос кон Грците, тој решил да поведе војна, по што почнал со подготовки.“* (Polybius, *Histories,* III, 6).

Јасно е дека и овде Полибиј одделно ги спомнал Македонците и Грците како два засебни народа.

Полибиј пишува и за воениот договор што го направил Филип Петти Македонски со Ханибал од Картагина за взаемна помош против опасноста од Римјаните. Во еден член од овој Договор пишувало дека:

„... *Кралот Филип и Македонците и остатокот од Грците кои се нивни сојузници ќе ги заштитуваат Картагинците...“* (Polybius, *Histories,* IV, 3,9).

Нема дилеми дека и овде Македонците се третирани како одделен народ од Грците. Познато е дека во тоа време не сите Грци биле под власт на Македонците, туку значаен дел од нив. Членот од овој Договор јасно ги спомнува Македонците и оние Грци кои биле нивни сојузници, т.е. кои биле под нивна власт.

Денешната грчка и прогрчки настроена историографија и пропаганда се користи со еден цитат од Полибиј во кој пишува:

„*Во минатото вие бевте ривали со Ахајците и нивните роднини* (на англиски преведено како kinsmen) *Македонците и нивниот водач Филип заради хегемонија и слава, но сега слободата на Грците е во преден план преку војна против туѓиот народ (*Римјаните, з.м.)*.“* (Polybius, *Histories,* VII, 32-39).

На прв поглед изгледа дека се е јасно. Јасно пишува дека Ахајците (грчко племе) и Македонците биле „*роднини“.*

Но, да видиме во кој контекст била дадена оваа изјава, кој ја дал и што рекол истиот тој во продолжение.

Прво ќе кажеме дека оваа изјава не е дадена од Полибиј, туку тој истата ја пренесува од извесен Ликискус. Кој бил Ликискус? Кога и зошто ја дал ваквата изјава? За да одговориме на овие прашања, најпрво ќе кажеме нешто за времето и политичките прилики кога оваа изјава била дадена. Имено тоа е времето на Македонско-римската војна, кога опстанокот на Македонија бил загрозен од страна на Римјаните. Македонскиот цар Филип Петти грчевито се борел да најде што повеќе сојузници (посебно среде Грците) заради успешна одбрана на својата држава. Но, тоа не му одело сосема лесно заради историјатот на односите помеѓу Македонците и Грците од претходните

времиња кога Грците честопати биле воено поразувани и угнетувани токму од Македонците. Па и во времето на самиот Филип Петти значаен дел грчки територии се наоѓале под македонска власт. Можеби затоа добар дел од Грците, барем во времето на таа војна (212 година пред Христа) му дале поддршка едноставно затоа што се наоѓале под негова власт, при што биле убедувани дека Рим и за нив претставува опасност. Во тоа време против Филип Петти биле Етолците (народ што живеел северозападно од Пелопонез). Спарта (која сѐ уште била моќна), во извесен степен била неутрална, па затоа и Филип Петти (како непријател на Римјаните) од една страна и Етолците (како потенцијални сојузници на Римјаните) од друга страна сакале да ја придобијат Спарта на своја страна. Заради тоа, во 212 година пред Христа Етолците и Акарнијанците (грчко племе - сојузници на Филип Петти) испратиле свои амбасадори во Спарта со цел да го убедат тамошното раководство да застане на нивна страна. Овие двајца спротивставени амбасадори одржале говор пред највисоките органи на Спарта со цел да ги придобијат Спартанците. Обата овие говора се зачувани и пренесени во делото на Полибиј.

Прв својот говор го одржал претставникот на Етолците по име Кленеј, за кого веќе пишувавме во поглавието посветено за него. Таму видовме дека тој на секаков начин ги напаѓал Македонците пред спартанското раководство, потсетувајќи ги Спартанците за сите зла што во минатто Македонците им ги нанеле на Грците. Притоа видовме и дека тој јасно ги издвоил Македонците како посебен народ во однос на Грците.

Меѓутоа, по него, пред раководството на Спарта, настапил амбасадорот на Акарнанците по име Ликискус. Тој, пак, (бидејќи настапувал како застапник и на Македонија, како што самиот се претставил) ги бранел Македонците нарекувајќи ги бранители на Грците и сл.

Притоа потсетил дека Александар Велики своевремено го уништил најголемиот непријател на Грците - Персија, а потсетил и на други настани од историјата кога Македонците ги бранеле Грците од разни непријатели. И разбирливо дека во вакви услови, кога Македонија била загрозена и кога очајно барала помош и од Спартанците заради заштита од Римјаните, во политичко-пропагандни цели, пратеникот Ликискус ги нарекол Македонците како „роднини“ на Ахајците и на Спартанците. Тоа е нормална постапка која се практикувала и се практикува и во други војни кога разни народи се воено загрозени, па во барањето сојузници се повикуваат на некои „заеднички вредности“ со оние од кои се бара помош. И пак овде се поставува прашањето: ако Македонците и навистина биле Грци“ зошто Ликискус морал тоа да им го потенцира на Спартанците? Та тие претходно честопати војувале против Македонците, па сосема добро би знаеле доколку тие и навистина биле Грци.

Она што е интересно е дека во продолжение на својата изјава Ликискус како да се негира самиот себе. Имено, тој пред спартанското раководство ги спомнал грчките народи при што, среде нив, воопшто не ги вклучил Македонците:

„*...И дали вреди да направите сојуз со барбарите против Епирците, Ахајците, Акарнијанците, Бојотијците, Тесалијанците, речиси сите Грци, со исклучок на Етолците кои се слаб народ“.*

Овде пак јасно гледаме дека во свото обраќање до Спартанците Ликискус ги повикуват да не се двојат од останатите грчки народи во борбата против „барбарите“ (Римјаните). И притоа тој им ги набројува овие народи, при што воопшто не ги спомнува Македоцните што е во целосна спротивност со неговата претходна изјава. Во продолжение Ликискус го упатува следниот апел до Спартанците:

„Колку високо мораме да ги почитуваме Македонците, кои во голем дел од своите животи никогаш не престанаа да се борат со барбарите за да ја заштитат безбедноста на Грција?“ (Polybius, *Histories,* IX, 35).

Јасно е дека и во овој извадок контроверзниот Ликискус одделно ги третира Македонците како народ на кој Грците требало да им благодарат затоа што ја чувале нивната безбедност (иако, во практика добар дел од Грците биле под власт на Македоцните, па Македонците само си ја чувале својата територија од надворешни напади).

На крајот Ликискус ги повикал Спартанците ако не сакаат да им се придружат на Македонците, барем да останат неутрални.

Полибиј (III, 4-5) пренесува и едно обраќање на македонскиот амбасадор (испратен од Филип Петти) пред Етолците. Во услови кога Македонија била сериозно загрозена од Рим, а Етолците се ставиле на страна на Римјаните, македонскиот амбасадор очајнички апелирал до нив да се откажат од соработката со Рим, предупредувајќи ги дека ако победи Рим, ќе настрадаат и тие (како што, всушност, и навистина се случило). Во подолгиот пренесен говор, македонскиот амбасадор, меѓу другото, им рекол на етолските водачи:

„Велите дека се борите против Филип заради доброто на Грците... но всушност вие се борите за поробување и уништување на Грција.“

И од овој мал извадок се гледа дека Македонците се одделно третирани од Грците, штом Етолците мислеле дека се борат против Филип за доброто на Грците, а македонскиот амбасадор ги убедувал дека тие всушност постигнувале спротивен ефект.

Во продолжение Полибиј (барем според зачуваните фрагменти од неговите книги) дава детаљни описи на

настаните околу Македонија и војната на Филип Петти Македонски против кралот Атал (сојузник на Рим).

Даден е опис на македонската опсада на градот Абидус (на Родос). За време на оваа опсада, кај Филип Петти дошол пратеник од Рим, кој му врачил Декрет од Римскиот Сенат со кој Филип Петти се повикува да не војува против Грците:

„*Сретнувајќи го кралот близу Абидус, тој го информираше дека Сенатот објавил декрет, во кој го замолува никогаш веќе да не води војна против други Грци, ниту пак да ги превзема поседите на Птолемеј.“* (XVI, 6, 34).

И овде состојбата во однос на не-грчкото детерминирање на античките Македонци е јасна. Филип, во екот на опсадата (војната) против Грците во Абидус, добил замолница од Римјаните дека не смее да војува против други Грци. Секако дека тоа била опомена до Филип. Интересно е продолжението на овој настан. Филип се обидел да се оправда дека Грците од Абидус први го нападнале, но римскиот пратеник, му укажал на некои други моменти. Полибиј пишува:

„*Кога Филип посакал да докаже дека Родосјаните први го нашпаднале. Маркус* (римскиот пратеник) *го прекинал и го прашал: А што е со Атињаните? Или што е со Кијанјаните и со Абидосјаните сега? Сите тие ли те нападнаа први?“*

Ова е уште еден силен доказ дека Римјаните не ги третирале Македонците за Грци.

Во 18-та книга Полибиј дава детален извештај на преговорите помеѓу Филип Петти Македонски и римскиот генерал Фламинин. Прво е опишана нивната средба, а потоа и меѓусебниот разговор и реплики. Притоа секој бил придружуван со претставници на своите сојузници (главно Грци). Откако со недоверба се доближиле едни кон други

(што детално е опишано), почнале преговорите. Во врска со ова Полибиј пишува:

„*Римскиот генерал... побарал Филип да се повлече од цела Грција, а пред тоа да им ги предаде затворениците и дезертерите...“* (XVIII, I, 2).

Еве уште еден доказ дека ниту Полибиј, ниту римскиот генерал Фламинин, ниту пак Филип Петти Македонски ги сметале Македонците за „Грци“. Фламинин јасно побарал Филип Петти да ги напушти грчките територии со кои тогаш Македонија владеела и да ја лимитира својата власт само во Македонија. Филип Петти бил обвинет и заради претераната жестокост што ја покажувал кон Грците, дури и кога му биле сојузници. Во продолжение читаме:

„*...Тој* (Филип Петти) *уништил повеќе градови во Тесалија* (грчка област)*, иако бил пријател и сојузник на Тесалијците, од кој и да било нивни непријател што кога и да е постоел.“* (XVIII, I, 3).

По ваквите обвинувања, пред присутните се обратил лично Филип Петти Македонски. На барањето Македонците да ја напуштат „Грција“, тој, меѓу другото, одговорил:

„*А која е таа Грција од која ми наредувате да се повлечам? И како вие ја дефинирате Грција? Мнозинството Етолци не се Грци. Не се! И земјите на Агра, Аподота и Амфилојија не се грчки. Дали тоа значи дека имам дозвола да останам во тие земји?“* (XVIII, I, 5).

Ова е една од најинтересните изјави која вреди подетално да се анализира. Овие зборови не само што се вредни затоа што претставуваат автентичен исказ на еден од последните античко-македонски цареви, туку и во овие зборови тој сосема јасно направил мала анализа за етничкиот состав на тогашните грчки територии.

Прво тој вели дека мнозинството Етолци не биле Грци, што секако дека е одраз на нивното не-грчко себедекларирање. За Етолците веќе спомнавме дека живееле северно од Пелопонез што значи дека во антиката

прашање е дали и тој дел бил грчки (барем според релевантните сведоштва од тоа време). Постојат и други антички сведоштва во прилог на тврдењето дека Етолците не биле Грци.

Во врска со ова познатиот антички историчар Тукидид во своето дело „Пелопонеската војна“ пишува:

„*Евританијаните, кои се најголемо племе во Етолија, зборуваат на јазик, кој тешко може да се разбере.* (Thucydides, *Peloponesian War,* 3, 94).

Негрчкото етничко потекло (барем на дел од Етолците) е потенцирано и во големиот „Речник на грчка и римска географија“, каде авторот, повикувајќи се на пишувањата на Страбо, во врска со населението на Етолија, пишува:

„*Оригиналните жители на Етолија, се смета дека биле Куретите кои, според некои податоци, дошле од Евбеја (Страбо 10, 465)... Освен нив исто така се спомнуваат и Лелегите и Хијантите, од кои последните биле избркани од Беотија (Страбо 322, 464). Овие три народа најверојатно припаѓале на големиот народ Пелазги и тие не биле Хелени.*“ ("*Dictionary of Greek and Roman Geography*", William Smith, LLD. London. Walton and Maberly, Upper Gower Street and Ivy Lane, Paternoster Row; John Murray, Albemarle Street, 1854. Овој речник, како и сите овде цитирани дела од Вилијам Смит, се користени од нивната електронска верзија на Интернет, во која не се посочени страниците од хартиената верзија. Оваа електронска верзија е достапна на: http://www.perseus.tufts.edu/cgibin/ptedyt?doc=Perseus:tedyt:1999.04.0064).

Во овој Речник читаме дека отпрвин Етолија била нарекувана Куретис (според народот Курети), а првите грчки доселеници дошле од Пелопонез, по што областа го добила името Етолија.

Но, тоа не е сè. Филип Петти и за градот Амфилохија вели дека не бил грчки. Овој град се наоѓал во непос-

редна близина на Етолија. Агра и Аподота не ги дефиниравме, но веројатно дека и тие се локалитети кои се наоѓале во границите на територијата денес неправедно дефинирана како „античка Грција“.

Во продолжение, во врска со обраќањето на Филип Петти кон Фламинин, читаме:

„*... Тој го праша Фламинин, велејќи дека сега им се обраќа на Римјаните, прашувајќи дали тој бара од него повлекување од оние градови во Грција што самиот ги освоил или и од оние што ги наследил од своите предци.“* (XVIII, I, 7).

И овде гледаме дека на Филип Петти му било сосема јасно дека грчките територии биле нешто посебно во однос на Македонија, која со нив владеела со генерации наназад.

Во продолжение читаме за обвинувањата пред Римскиот сенат против Филип Петти од страна на грчки пратеници. Полибиј детаљно ги опишува овие обвинувања изнесени од приврзаниците за војна на Рим против Филип. Овде читаме:

„*... Пристапот што тие го превзедоа беше во насока да се остави впечаток пред Сенатот дека се додека Халкис, Коринт и Димитрија се наоѓаат во македонски раце, на Грците ќе им биде оневозможено дури и да помислат за својата слобода.“* (XVIII, I, 11).

Значи Грците се наоѓале под македонска власт, па нивните пратеници во Рим се обидувале да ги убедат Римјаните да војуваат против Македонија за да им донесат слобода на Грците. Тие притоа велеле дека се додека на Филип не му се одземат сите грчки територии, Грците не ќе можеле да ја добијат својата слобода.

Пратениците кои го обвиниле Филип Петти рекле и дека: „*...ако тој сакал да нареди, лесно можел да ги потчини Грците кога и да посака.“* (XVIII, I, 11).

Затоа тие побарале од Римскиот сенатот или да му наложи на македонскиот водач да ги напушти сите грчки територии што ги имал окупирано или да биде воено нападнат. На крајот упатиле апел до Сенатот „...*да не ги измамат Грците во нивната надеж за слобода.“*

Потоа следи опис на битката кај Киноскефале во која Македонците доживеале тежок пораз од Римјаните. Полибиј пишува дека на мнозина Грци не им се верувало дека Македонците биле поразени:

„*Многу Грци во актуелните околности, кога Македонците доживеале пораз, го сметале овој настан како речиси неверојатен и мнозина се прашувале како можело да се случи фалангата да биде победена од војска вооружена на римски начин.“* (XVIII, I, 31).

Во преговорите што следувале по поразот на Македонците, пренесена е изјавата од римскиот генерал Фламинин, кој на претставникот на Етолците, му рекол:

„*Во интерес на Грците е македонската доминација да биде што подолго потисната, но нема сомнение дека таа треба да биде уништена.“* (XVIII, I, 37).

На ова на Фламинин, од страна на извесен Фенеј, му било посочено дека Филип можел да ја обнови својата моќ, на што тој одговорил:

„*Не зборувај бесмислици Фенеј, јас така ќе го направам мировниот договор што Филип, и да сака, не ќе може да им направи ништо лошо на Грците.“* (XVIII, I, 37).

По ова Филип Петти и навистина добил многу неповолни мировни услови од Римјаните. Меѓу другото од Филип Петти се барало:

„*Сите останати Грци од Азија и Европа ќе треба да бидат ослободени и ќе треба да владеат според сопствените закони. Пред Истхмијанските игри Филип ќе треба да им ги предаде на Римјаните оние грчки субјекти кои се под негова власт и градовите во кои има поставено свои гарнизони.“* (XVIII, IV, 44).

И ова е толку јасна артикулација за ропството под Македонците во кое се наоѓале Грците, што ниту овде не е потребен никаков дополнителен коментар. Во продолжение Полибиј пишува за радоста на Грците заради слободата што им ја донеле Римјаните по победата над Филип Петти.

Од сето досега изнесено сосема е очигледно дека и делото на Полибиј претставува значаен аргумент против современата грчка пропаганда.

ПРАКСАГОРА ОД АТИНА

За историчарот Праксагора (Praxagoras) дознаваме од делото на Фотиј (види во поглавието за Дексип). Веќе спомнавме дека добар дел од книгите што ги опишува Фотиј денес не се зачувани, па за нив знаеме само преку неговото дело. Исто е и со добар дел од авторите на овие книги. Еден од нив бил и Праксагора од Атина. Тој живеел во IV век и бил автор на три книги од кои ниту една не е зачувана. Една од овие книги била „Историја за Константин Велики". Фотиј накратко ја раскажува нејзината содржина. Овде меѓу другото, читаме:

„Константин... завладеал со кралството на својот татко и со она од Рим откако претходно го отстранил Максимин. Завладеал и со Грција, Македонија и Мала Азија откако го симнал од престолот Ликинај". (Photius, *Bibliotheca*, 62).

И овде гледаме дека Македонија и Грција се јасно издвоени како две одделни целини. Во врска со останатите дела на Праксагора, Фотиј пишува:

„Според сопствената изјава Праксагора напишал... шест книги за Александар, кралот на Македонија, кои ги напишал кога имал триесет и една година." (Photius: *Bibliotheca*, 62).

Значи, еве податок за уште едно античко историско дело посветено на Александар Велики и Македонија, кое не е зачувано.

ПСЕВДО-СКИЛАКС (IV ИЛИ III ВЕК ПРЕД ХРИСТА)

Во IV или III век пред Христа се појавил ракопис под наслов „Периплус*“*, што во слободен превод значи еден вид морски патепис. Иако нема докази за идентитетот на авторот на ова дело, некои сметаат дека тоа бил извесен Скилакс, кој живеел уште во VI век пред Христа и бил морепловец и истражувач во служба на Персија. Единствените податоци за Скилакс ги дал Херодот. Во недостиг на автентични податоци за авторот на делото „Периплус*“* во науката е прифатена одредницата „Псевдо-Скилакс“. Во ова дело се опишани границите на грчките територии во антиката. Овде читаме:

„*Од Амбракија Грција продолжува по брегот се до реката Пена.“* (*„Меморандум за античките граници на Грција“;* British documents of foreign affairs, Part I, Series F, Europe 1848 - 1914, Vol. 14 "Greece, 1847 - 1914", University publications of America*).*

Значи гледаме дека и за овој автор недвосмислено грчките територии во антиката се наоѓале само околу Пелопонез и нешто по на север (јужно од Олимп). Конкретно Амбракискиот залив се наоѓа јужно од Епир, а реката Пена минува низ Лариса. Ова автоматски значи дека не само Македонија и Македонците, туку и Епир и Епирците не биле третирани за грчки.

Грчка мапа на која се прикажани територијалните проширувања на Грција во IXX и XX век. Вистинските етнички грчки територии во антиката се одбележани со темна боја. Северната граница од исток почнува со Амбракискиот залив, а на запад е до денешниот град Лариса (реката Пена).

ПСЕВДО-СКИМНУС (I ВЕК ПРЕД ХРИСТА)

Псевдо-Скимнус е прекар за непознат автор што напишал дело посветено на географијата. Прво се мислело дека тоа е дело на географот Скимнус од Хиос (живеел во II век пред Христа), но подоцна било докажано дека Скимнус не е автор на тоа дело бидејќи во него се појавувале ликови од периодот по неговото време.

Во веќе спомнатиот извештај на британскиот воен историчар мајорот Ардаг (кој за потребите на овој извештај го проучил делото и на Псевдо-Скимнус) јасно е назначено дека и овој антички автор северната граница на античките грчки територии ја лоцирал на потегот од Амбракискиот залив и реката Пена (*„Меморандум за античките граници на Грција“;* British documents of foreign affairs, Part I, Series F, Europe 1848 - 1914, Vol. 14 "Greece, 1847 - 1914", University publications of America).

Практично, Псевдо-Скимнус е уште еден антички автор кој сметал дека Грците живееле далеку по на југ од Македонците и дека Македонија никогаш во антиката не била грчка територија.

СВЕТИ АВГУСТИН (IV И V ВЕК)

Вистинското име на Свети Августин било Аврелиј Августин (Aurelius Augustinus). Се родил во 354, а починал во 430 година. Тој познат христијански теоретичар. Бил и северноафрикански епископ. Во своите трудови успеал да направи спој помеѓу дел од античката филозофија (платонизмот) и христијанството. Неговот најпознато дело е „Божјиот Град*“* ("*De Civitate Dei"*). Во Петтата книга од ова дело, тој пишува за *„...писмата што Александар Македонецот ги напишал на својата мајка...“* Овде тој го спомнува античко-македонскиот историчар Леон од чие дело се послужил со податоци. Во дванаесеттата книга (10 поглавие) Свети Августин пишува во врска со временскиот период на постоењето на човештвото, па вели:

„Да го цитирам само она писмо што Александар Велики го напишал на својата мајка Олимпија пренесувајќи го она што му го раскажал еден египетски свештеник, а кое тој го презел од нивната тајна архива, во кое дава податоци за кралствата што се спомнати и од грчките историчари. Според ова писмо, кралството на Асирците, било старо 5.000 години, додека според грчката историја само 1.300 години поминале од владеењето на Бел кој и

според грчките и според египетските историчари бил првиот крал на Асирија. Потоа за староста на империите на Персијанците и на Македонците овој Египјанец спомнал над 8.000 години, сметајќи до времето на Александар со кого тогаш зборувал. Но, според Грците само 485 години им се припишуваат на Македонците сѐ до смртта на Александар, а на Персијанците само 233 години додека биле освоени од него." ("De Civ. Dei", XII, 10).

Како што гледаме во овој пасус свети Августин ги споредува записите од старогрчките и староегипетските историчари. Притоа недвосмислено се наметнуваат некои интересни заклучоци.

Како прво, од страна на староегипетскиот свештеник, на Александар Велики Македонски му било соопштено дека во старите египетски записи империите на Персијанците и на Македонците биле над 8.000 години стари, а не како што било запишано од подоцнежните антички историчари (Херодот и други), кои од настанокот на Македонската империја, па сѐ до времето на Александар Велики Македонски пресметале само 485 години.

Како второ, свети Августин, повикувајќи се на пренесените пишувања на староегипетските и на старогрчките историчари, во горенаведениот пасус, јасно прави разлика меѓу Македонците и Грците во антиката, па затоа овде ги спомнува како одделни народи (заедно со Египјаните, Персијанците и Асирците).

Заради фактот што горенаведениот пасус свети Августин го запишал и врз основа на содржината на историската книга напишана од античко-македонскиот историчар Леон од Пела (која била заснована врз писмото напишано од Александар Велики Македонски до својата мајка Олимпија), сосема е јасно и дека самиот Александар Велики Македонски, но и македонскиот историчар Леон од Пела, исто така децидно ги сметале Македонците за посебен народ во однос на Грците.

СВЕТИ ПАВЛЕ (БИБЛИЈА), I ВЕК

Свети Павле (Портрет од Ел Греко)

Добро е познато спомнувањето на Македонците и Македонија во Библијата и за ова досега се напишани голем број трудови, па и книги кај нас и во странство (повеќе податоци за оваа тема има во книгите: „Исус Христос и Македонците“ од А. Донски и Ѓорги Поп Атанасов: „Библијата за Македонија и Македонците“, Менора, Скопје, 1995). Меѓутоа, овде овие извадоци од Библијата ќе ги разгледаме од аспект на темата што ја обработуваме, а тоа се докази за разликите помеѓу античките Македонци и античките Грци.

Во светската наука добро е познато дека христијанизацијата на Европа започнала преку Македонија, конкретно преку првите христијански заедници што овде ги основал свети Павле. Првите христијани, кои го примиле христијанството на тлото на Европа, биле Македонци. Христијанизацијата на овие Македонци дошла како

резултат на второто мисионерско патување на свети Павле (инаку, прво христијанско мисионерско патување во Европа).

Да се потсетиме накратко на овој извонредно значаен настан. Откако почнал со ширењето на христијанството низ Мала Азија свети Павле стигнал во Троада. Таму имал видение во кое му се појавил некој Македонец, кој го замолил да појде во Македонија за да им помогне на Македонците. Во „Делата апостолски" (16:9) во врска со ова читаме:

„Преку ноќта имаше Павле видение: стоеше пред него еден човек, Македонец, кој го молеше и му велеше: 'Премини во Македонија и помогни ни!'"

Се смета дека ова патување се случило во годините 50 - 52 („Библија", Загреб, 1983, стр 1248). Ова значи дека првите Македонци во Македонија се христијанизирале по само околу две и пол децении од распнувањето на Исус Христос, што претставува податок за почит. И сето тоа се случило по само два века од пропаста на независната античко-македонска држава, кога смелите Македонци се уште не можеле да се помират со римската окупација на својата земја.

Да направиме краток осврт на престојот на свети Павле во македонскиот град Филипи, каде практично била формирана првата христијанска зеаедница на тлото на Европа. Се смета дека свети Павле бил во Филипи летото во 50 година по Христа. (*The Apostle Paul's Visit to Philippi, History of Phillipi,* Dr.Clint Arnold and his class at Talbot Theological Seminary,The Biblelands Project. Copyright 1999 by MustardseedMedia,Inc Website:http://www.mustardseed. net).

Со сигурност можеме да кажеме дека огромното мнозинство на тогашните граѓани на Филипи, со кои се среќавал свети Павле, биле токму етничките антички Македонци. Како потпрепа на ваквиот заклучок, ќе посочиме на неколку моменти.

Добро е познато дека свети Павле со своите придружници во сите градови што ги посетувале, најпрво оделе во еврејските синагоги за да им проповедаат прво на Евреите за Исуса. Впрочем, ова сосема јасно може да се види во описите на посетите на разни градови од страна на свети Павле и неговите придружници, кои ги среќаваме во „Дела апостолски“. Но, што се случило кога дошле во Филипи? Во описот на нивната посета на овој град не се спомнува никаква еврејска синагога. Ова само може да значи дека еврејска синагога во Филипи тогаш - немало! Во горецитираниот труд (*The Apostle Paul's Visit to Philippi, History of Phillipi,...*) е дадено едно интересно и убедливо толкување за овој настан. Овде читаме:

„*Павле имал обичај да оди во синагогите на градовите, но овде* (во Филипи) *таква не се среќава. За да можеле Евреите да се собираат во синагога, морало да има најмалку десет мажи Евреи. Но, отсуството на синагога ни зборува дека таму имало мала еврејска популација.*“

Од овој податок може да се извлече заклучок за етничкиот состав на Филипи. Значи, во овој град Евреи речиси немало (штом немало ни десет мажи Евреи за да се собираат во синагога), туку најмногу имало Македонци, кои од порано живееле во овој град.

За доминантниот македонски етнички карактер на Филипи ќе спомнеме уште еден податок. Во „Дела апостолски“ читаме дека откако не нашле еврејска синагога, свети Павле и придружиниците, излегле крај блиската река, каде народот тогаш се молел. Во врска со ова во „Дела апостолски*“* (16:13) читаме:

„*А во саботата излеговме надвор од градската врата, кон реката, каде што имаа обичај да се молат. И седнавме и им зборувавме на собраните жени.*“

Се поставува прашањето: зошто граѓаните на Филипи излегувале да се молат токму крај блиската река?

Одговорот на ова прашање ни нуди уште еден доказ за доминантната македонска популација на Филипи. Имено, добро е познато дека античките Македонци гаеле посебен култ кон водата, т.е. кон реките и овој култ се среќава уште во постарата македонска историја. Така, на пример, во сторијата за настанокот на македонската држава (раскажана од Херодот), реката одиграла пресудна улога во спасувањето на легендарниот македонски крал Пердика, кој заедно со своите двајца браќа биле прогонувани од своите непријатели. Познато е и дека античките Македонци им принесувале жртви на реките и истите длабоко ги почитувале. Интересно е и тоа што водата, како *натприродна сила,* останала и во фолклорот на Македонците од IXX и XX век. Познатиот македонски фолклорист д-р Томе Саздов како најчесто користен материјален елемент со натприродна моќ во македонските сказни ја споменува токму водата („Преглед на македонската народна проза; Култура“, Скопје, 1981 стр.71). Инаку, неспорно е дека водата како *натприродна сила* ја има и во фолклорот на други народи.

Значи, молењето на граѓаните на Филипи крај реката претставувало стар античко-македонски обичај, што доволно зборува за доминантниот македонски етнички карактер на овој град.

Како поткрепа на сето ова ќе спомнеме и дека во апокрифниот ранохристијански ракопис, под наслов „Делата на Павле“ спомната е некоја жена, жителка на Филипи, која се викала Стратоника („Acts of Paul“, from „The Apocryphal New Testament“ M.R. James-Translation and Notes Oxford: Clarendon Press, 1924). И ова име е често во постариот античко-македонски ономастикон.

Секако дека во Филипи, освен доминантните Македонци, имало и припадници на други народи, но за нив можеме да кажеме дека главно биле привремено

населени трговци со потекло од разни земји, кои таму ги продавале своите стоки.

Веќе го наведеме цитатот во поглавието за анонимниот христијански автор од IV век, кој толкувајќи ги делата на свети Павле, во поглавието насловено како „За Филипјаните“, пишува:

„*Филипјаните се Македонци. Тие го прифатија Словото на вистината, го зачуваа со верба и не примија лажни апостоли.“*

Да ги пренесеме и останатите цитати од Библијата, т.е. од Свети Павле, во кои се спомнати Македонците.

Во врска со неговото мисионерско патување кон Рим, Свети Павле пишува:

„*Влеговме во еден адрамиски брод, кој ќе пловеше во азиски приморски места и испловивме. Со нас беше Аристарх, Македонец од Солун“.* („Дела Апостолски“, 27, 2).

Во врска со престојот на свети Павле во Ефес, читаме дека тамошните Грци се побуниле против неговите проповеди не сакајќи да се откажат од своите паганси верувања:

„*И целиот град се побуни и еднодушно навлегоа во театарот и ги одвлекоа Македонците Гај и Аристарх, Павловите сопатници.“* („Дела Апостолски“, 19, 29).

Практично, овде свети Павле и неговите придружници Македонци биле малтретиани од Грците во Ефес заради ширењето на христијанството.

Свети Павле ги спомнува Македонците и во „Второто послание до Коринтјаните“, каде пишува за собирањето материјална помош за првите христијански заедници:

„А во однос на собирање помош за светите, излишно е да ви пишувам зашто ми е позната вашата усрдност, за која се фалам со вас пред Македонците, дека Ахаја, уште од лани, е приготвена и дека вашата ревност поттикнувала мнозина. Сепак ги испраќам

браќата за да не се покаже, во овој однос, празни нашето фалење со вас и за да бидете, како што реков, приготвени и ако дојдат со мене Македонците и ве најдат неприготвени, да не се засрамиме ние, да не речам вие." („Второ Послание до Коринтјаните", 9, 1-4).

За разлика од Македонците, Свети Павле одделно ги спомнува Грците и тоа на неколку места. За време на патувањето низ Блискиот Исток, во „Дела апостолски", читаме:

„И така пристигнаа во Дервија и Листра. И ете, таму беше еден ученик по име Тимотеј, син на Јудејка која веруваше и на татко Грк" („Дела Апостолски", 16, 1).

Во врска со престојот во Ефес, исто така во „Дела Апостолски", читаме:

„*Тоа продолжи две години така што сите кои живееја во Азија, Јудејците и Грците, го чуја Господовото Слово."* („Дела Апостолски", 19,10).

И понатаму:

„Тоа го научија сите Јудејци и Грци кои живееја во Ефес и страв ги обзеде сите, а името на на Господа Исуса се величеше." („Дела Апостолски", 19, 17).

За време на престојот во Ефес Свети Павле им се обратил на старешините на кои им рекол дека им сведочел на: „*Јудејците и на Грците покајание пред Бога и вера во нашиот Господ Исус"* („Дела Апостолски", 20, 21).

Но, Свети Павле спомнува Грци и како жители на Солун:

„И некои од нив се убедија и се дружеа со Павле и Сила, а исто така и со големо множество побожни Грци и не малку угледни жени." („Дела Апостолски", 17, 4).

И понатаму:

„И мнозина од нив поверуваа, а од угледните елински жени и мажи - не малку." („Дела Апостолски", 27, 12).

Сепак од ова не може да се заклучи дека Свети Павле сметал оти во Македонија живеат Грци затоа што видовме дека тој одделно ги спомнува Македонците од Грците. Ако тој сметал дека во Македонија живеат „Грци“ воопшто не би ги ниту спомнувал Македонците. Ова посебно доаѓа до израз во „Дела Апостолски“ (16), каде Свети Павле прво го спомнува „*Гркот*“ (16,1), кој бил татко на Тимотеј, а само неколку редови подолу го спомнува и „*Македонецот*“ кој му се појавил во визијата повикувајќи го да појде во Македонија (16,9). Значи, овде јасно имаме одделно спомнување на двата етнонима. Заради ова спомнувањето на „*Грци*“ како жители на Солун очигледно дека се однесува на вистински етнички Грци кои таму живееле заедно со Македонците и Евреите. Ако свети Павле ги сметал Македонците за „*Грци*“, тој ќе рекол дека во визијата му се појавил „*Грк од Македонија*“, а не „*Македонец*“. Некој можеби ќе забележи дека именката „*Македонец*“ овде се однесува на жител на римската провинција „*Македонија*“, т.е. дека е тоа овде е географски поим. Но останатите извадоци од делата на Свети Павле јасно го негираат ова. Имено, ако тој ги определувал лицата околу себе според нивното административно потекло (од аспект на тоа кој од која провинција доаѓал), тогаш зошто спомнал Грци и Јудејци како жители на Ефес? Овој град (во денешна Турција) се наоѓал во провинција која ниту се викала Јудеја ниту Грција. Понатаму, видовме дека тој спомнал „*Грци*“ и како жители на Солун, па ако и нив ги определувал според административната припадност, тогаш би требало и нив да ги нарече „*македонци*“ (со мало „м“) бидејќи Солун се наоѓал во административната област (провинција) „Македонија“. Значи, Свети Павле воглавно етнички ги определувал луѓето, па во тој конктест јасно ги издвоил Македонците од Грците.

СЕНЕКА (I ВЕК ПРЕД И I ВЕК ПО ХРИСТА)



Познатиот римски филозоф, оратор и драматург Сенека (Lucius Annaeus Seneca) се родил во 4 година Христа, а починал во 65 година по Христа. Во своето дело "To Helvia on Consolation" (VI, 6, VII), Сенека пишува за наследството што го оставил Александар Македонски Велики во Азија, при што го спомнал посебниот „македонски јазик“ (а не дијалект и сл.). Во врска со ова читаме:

„Зошто денес среќаваме грчки градови во самото срце на земјите на барбарите? Од каде македонскиот јазик среде Индијците и Персијанците?“

Ова сведоштво се однесува на познатиот факт дека Александар Македонски Велики во дел од земјите што ги освоил оставил извесен број Македонци и Грци, кои таму останале да живеат и чии потомци си ги задржале своите јазици дури и во времето на Сенека (над три века подоцна). И денес има луѓе од тие краеви кои себеси се сметаат за потомци на војската на Александар Македонски.

СОЗОМЕН (IV И V ВЕК)

За античките Македонци пишувал и писателот Созомен (Salminius Hermias Sozomenus), кој живеел од крајот на IV до средина на V век. Тој бил историчар на Христијанската Црква. Потекнувал од богато христијанско семејство од Палестина. И тој во своите дела неколкупати ги спомнал Македонците при што јасно ги издвоил од Грците. Така, на пример, во своето дело „Еклесијастичка историја“, во врска со битката за превласт помеѓу Константин Велики и Ликиниј, која се одиграла во 314 година, тој пишува:

„*По битката кај Кибалис Дарданците, Македонците, жителите на брегoвите на Истер* (Дунав)*, на Грција и целиот народ на Илирија, беа освоени од Константин.“* (Sozomenus, *Ecclesiastical History*, Book I, Chap. VI).

Гледаме дека Македонците се детерминирани како посебен балкански народ, а Грција е посебно спомната.

Во врска со христијанизацијата на балканските народи, која се одвивала во времето на императорот Константин Први Велики (306-337), Созомен запишал:

„*...Христијаните на запад: Грци, Македонци и Илири, почнаа безбедно да богослужат под заштита на Константин, кој тогаш станал главен на Римската империја.“* (Sozomenus, *Ecclesiastical History*, Book II, Chap. II).

И овде посебно ќе потенцираме дека во оваа изјава повеќе од очигледно е дека терминот *Македонци* е употребен во етничка, а не во географска смисла, бидејќи е употребен рамноправно со термините: *Илири* и *Грци*, кои исто така претставуваат етнички (а не географски) термини. Значи, повеќе од јасно е дека античките Македонци живееле во Македонија и во IV век и тоа како одделен народ во однос на останатите балкански народи.

Овие изјави се сосема доволни за да го сместат и Созомен во плеадата антички историчари, кои децидно пишувале дека античките Македонци не биле Грци.

СТРАБО
(I ВЕК ПРЕД ХРИСТА - 23 ГОД. ПО ХРИСТА)



Страбо се родил во втората половина на I век пред Христа во областа Понт (денешна Турција). Потекнувал од богато семејство. Неговата мајка била Грузијка. Се школувал во Ниса и во Рим. Тој е познат антички географ и историчар. Меѓутоа неговата „Историја“ е речиси целосно загубена со исклучок на еден фрагмент од папирус, што денес се чува во Милано. Сепак за овој свој труд пишувал самиот Страбо во своето друго капитално дело познато под насловот „Географија“. Ова дело (напишано во 17 книги) претставува географско-историски опис на голем број народи и области од тогашниот свет. Страбо починал околу 23 година по Христа.

Во својата „Географија“ Страбо над дваесет пати ги спомнува Македонија и Македонците и притоа јасно ги издвојува во однос на Грците и тогашните грчки територии. Ќе наведеме неколку вакви примери:

Во Втората книга (5,21), пишувајќи за островите во Егејско Море, Страбо јасно посочува дека Македонија е посебен дел во однос на Грција:

„*...Во егејот тоа се: Кикладите, Спорадите и островите што лежат кај Карија, Јонија и Елис се до Троада, мислам на: Кос, Самос, Хиос, Лесбос и Тенедос - сите тие лежат крај Грција се до Македонија и Тракија, која е следна земја зад Македонија.“*

Во истата книга (5,26) Страбо пишува за историјата на Европа, при што децидно ги издвојува Македонците во однос на Грците, спомнувајќи ги како одделни нации:

„*...Така во целото тоа пространство земјоделските и цивилизирани елементи егзистираат заедно со воинствените елементи, но од овие два елемента, оние што се мирољубиви се побројни и затоа тие ја одржуваат контролата над целиот регион. И водечките нации - порано тоа беа Грците, а потоа Македонците и Римјаните - исто така помогнаа во ова.“*

Во Осмата книга (1) Страбо дава опис на тогашните грчки етно-културни територии. И овде тој не само што не ја вклучува Македонија во нив, туку и јасно ја прикажува како посебна етно-културна целина. Овде читаме:

„*Сега ќе изнесам податоци за останатиот дел од географијата на Грција... По Епирците и Илирите следуваат грчките народи: Акарнијанци, Етолци и озолски Локријанци. По нив се: Фокијанците и Боетијците, а спроти нив преку морето се наоѓа Пелопонез... А по Македонија, се наоѓаат Тесалијците, кои се протегаат се до Малијанците и земјите на останатите народи вон од Истмус, како и оние одвнатре.“*

Во продолжение Страбо пишува дека порано во Грција имало многу племиња, но дека Грци биле само оние кои зборувале на "четирите грчки дијалекти", па во детали ги дава имињата и историјата на овие племиња

(Јонци, Дорци, Еолци, Атињани и Аркадијци). Се разбира дека среде нив нема ни помен од Македонците.

Во книга 13, Страбо пишува дека планината Олимп била македонска и истата ја нарекува "*македонскиот Олимп*".

Практично и најпознатиот антички географ Страбо со своето дело претставува силен опонент на денешната грчка пропаганда.

СУДА

Делото „Суда“ претставува комбинација помеѓу лексикон и енциклопедија, која била создадена од византиските учени во X век, чиј идентитет останал непознат. Во „*Суда*“ се застапени околу 30.000 зборови со детални биографски, историски и лингвистички информации, главно во врска со античките автори.

Познато е дека во антиката постоел историчар што се викал Суда (Suidas), кој е спомнат во делата на Страбо, Аполониј од Родос и Стефан Византиј, но не се знае дали токму овој Суда е автор на истоимениот лексикон-енциклопедија, кој бил објавен како целина дури во X век. Ова заради фактот што во овој лексикон-енциклопедија се застапени и податоци пишувани по времето на Стефан Византиј. Се разбира дека постои веројатност дека овој лексикон бил напишан од античкиот автор Суда, но подоцна бил значително дополнуван.

Зборовите во лексиконот „Суда“ се класификувани по азбучен ред. Овде се застапени зборови што биле запишувани во делата на античките автори, но има и голем број лични имиња и топоними. Застапени се и коментари во врска со презентираните зборови, од кои добар дел се извадоци од антички текстови, но не секогаш е предаден нивниот извор.

Во „Суда“ исто така постои сведоштво за не-грчкиот карактер на античките Македонци.

Во толкувањето на зборот „*каусија*“ (вид македонска капа), во "Суда", непознатиот антички грчки автор пишува дека тоа била "***вид барбарски покривач за главата***" (*Суда,* Капа, 1139). Поради фактот што во науката е добро познато дека оваа капа била создадена и најмногу практикувана токму од Македонците, јасно е дека и овој антички грчки автор ги сметал Македонците како „*барбари*“ (луѓе кои не зборуваат грчки).

ТАТЈАН АСИРИЕЦОТ (II ВЕК)

Татјан Асириецот (Tatian the Assyrian) се родил во Асирија (територија во денешен Ирак) околу 120 година. Тој бил ранохристијански писател и теолог, кој зад себе оставил неколку вредни дела. Прво бил паган, но за време својот престој во Рим, се сретнал со христијаните, по што и самиот го прифатил христијанството. Водел бројни полемики со паганите (приврзаниците на античката митологија). Потоа престојувал во други земји и на крајот се вратил во Асирија каде починал некаде околу 185 година. Едно од неговите најпознати дела е „Обраќање до Грците“ во кое тој ги критикува античките грчки автори дека незаслужено припишувале заслуги на Грците кои објективно не им припаѓале. Тој наведува кои сегменти од науката и уметноста Грците ги превзеле од други народи, а подоцна ги прикажувале како „свои“. Татјан воедно ја критикува и паганската митологија во полза на христијанството. Неговите тогашни ставови сигурно дека во голема мера можат

да важат и денес за голем број денешни грчки автори. Во продолжение пренесуваме дел од ова дело:

„***Прво поглавие. Грците без причина тврдат дека ги измислиле уметностите.***

О Грци, не бидете толку непријателски расположени кон барбарите и не гледајте со толкава злоба кон нив. Речиси сите ваши институции вие ги презедовте токму од барбарите. Најеминентните Телмесијани ја создадоа уметноста на волшепството, Каријците претскажувањето од ѕвезди, Фригијците и најстарите Исаврijани предзнаците според летањето на птиците... На Вавилонците им ја должите астрономијата, на Персијанците магијата, на Египјаните геометријата, а на Феникијците азбуката и правилата за пишување. Престанете лажно да ги прикажувате овие изуми како ваши. Орфеј ве научи на поезија и музика, а од него научивте и за мистериите. Тусканите ве научија на вајарството, а од старите записи на Египјаните научивте како се пишува историја. Свирењето флејта го научивте од Марсија и Олимп - овие двајца Фригијци ја создадоа хармонијата од цевките на овчарите. Тиренците ја измислија трубата, Киклопите ковачкиот занает, а од поранешната кралица на Персијанците, како што ни кажува Хеланикус, сте го превзеле методот за пишување на плочи. Нејзиното име било Атоса. Затоа не бидете вообразени и пресатнете да се фалите со вашиот елегантен стил, бидејќи сѐ додека си се фалите самите себе, само вашиот народ ќе ви верува. Но, пристојноста наложува на секој разумен човек да добие признание од други. Се смета дека секој народ треба да има единствен изговор на својот јазик. Но, како што стојат работите, вие самите не зборувате слично дури ниту во секојдневната комуникација. Начинот на кој зборуваат Дорците не е ист со јазикот на жителите на Атика, ниту пак Еолците зборуваат како Јонците, па

заради постоењето на ваквата нескладност, јас навистина не знам кого од вас да го нарекувам Грк. И што е најчудно од сè, вие не си ги почитувате вашите автентични зборови, туку ја форсирате мешавината од барбарски зборови, кои од вашиот јазик создадоа каша... Вие исто така ја ставивте реториката во служба на неправдата и клеветите, продавајќи ја слободата на вашиот говор за пари и честопати претставувајќи една иста работа еднаш како лоша, а другпат како добра. Поезијата ја ангажиравте да опишува војни и оружја и корумпираност на душата".

Многу од овие забелешки на Татјан Асириецот навистина важат и за некои денешни Грци. Што се однесува до темата што ја обработуваме, овде јасно гледаме дека кога ги спомнува грчките дијалекти, овој ранохристијански писател воопшто не го спомнува македонскиот јазик како „грчки дијалект".

ТАЦИТ (I И II ВЕК)

Публиј Корнелиј Тацит (Publius Cornelius Tacitus) се родил околу 56, а починал околу 117 година. Тој бил римски сенатор и историчар. Негови две најпознати дела од кои денес се зачувани извадоци се „Анали“ и „Истории“. Во нив е третирана римската историја. Тацит оставил и дела посветени на ораторството и дијалозите.

Во своето дело „Анали“ Тацит пишува за римскиот политичар Кнеј Писо (Cneius Piso) кој во една пригода остро им забележал на Атињаните дека постојано поддржувале непријатели на Рим, при што им наброил неколку случаи. Во продолжение Тацит пишува:

„Тој исто така со потсмев им забележал (на Атињаните) *за минатото и за нивните неуспеси против Македонците, како и за нивното насилство против свои земјаци“.* („Анали“, Книга 2, 55).

Гледаме дека и тој овде јасно ги издвојува Македонците од Грците (Атињани), кои во минатото и навистина долго време биле под македонска власт.

ТЕОПОМП (IV ВЕК ПРЕД ХРИСТА)

Теопомп (Theopompus) се родил околу 378 година пред Христа на островот Хиос. Во тоа време Персија и Спарта се бореле за превласт над овој остров, па откако Персија надвладеала, семејството на Теопомп побегнало во Атина. Откако на власт во Македонија дошол Филип Втори, Теопомп бил еден од оние ретки Грци кои се залагале за пријателство со Македонците. Впрочем, ова е и разбирливо ако се знае дека Филип планирал војна против Персија, што значело можност за ослободување на родниот Хиос на Теопомп. Заради тоа овој историчар своевремено напишал песна посветена на Филип, како и неколку „Совети“ за Александар, кои (заедно со други негови дела) не се зачувани. Негови најзначајни дела се „Хеленика“ (познато и како „Историја на Грците“) и „Филипика“ (познато и како „Историја на кралот Филип“). Од делото „Хеленика“ зачувани се само 19 фрагменти. Делото „Филипика“ се состоело од 58 книги, од кои се зачувани над 370 фрагменти.

На светски познатата веб-страница „Ливиј - написи за античката историја“ ("Livius - *Articles on Ancient History"* достапна на http://www.livius.org/) познатиот историчар Џона Лендеринг (Jona Lendering) во врска со содржината на делото „Филипика*“* од Теопомп, пишува:

„Како што индицира насловот, Теопомп го поставува кралот Филип Македонски (360 - 338 пред Христа) во центарот на својата сторија, но тој исто така третира и настани од други делови од светот. Тоа е универзална историја на времето во кое живеел овој историчар, која вклучува географски, културни, религиозни и етнографски информации... Тој верувал во монархијата и во Филип гледал идеален крал, иако ја критикувал неговата склоност кон алкохолот... Филипиката била завршена во 324. Во тоа време Теопомп се

наоѓал на својот роден Хиос, каде му било овозможено да се врати во 333, откако Александар Велики наредил враќање на бегалците од Хиос. По смртта на Александар, про-македонски настроените Грци биле осомничени, па Теопомп повторно бил принуден да замине... Изгледа починал недолго по 320 година пред Христа". (*http://www.livius.org/th/theopompus/ theoompus.html*).

Извадок од делото на Теопомп нуди и веќе спомнатиот британски воен историчар мајорот Ардаг. Тој се повикува на Теопомп како на антички автор кој тврдел дека во Епир (аналогно и во Македонија) во антиката никогаш не живееле Грци. Конкретно Теопомп ги спомнал народите кои го сочинувале грчкиот Амфиктионски Совет (за кој исто така пишуваме). Во списокот на овие народи (Јонци, Дорци, Ахајци, Фокијанци и други), не само што не се спомнати Македонците, туку не е спомнат ниту еден епирски народ, што значи дека, според Теопомп (но и според други старогрчки автори кои ги наведовме), ниту Епир во антиката не бил грчка територија, а камоли Македонија („*Меморандум за античките граници на Грција";* British documents of foreign affairs, Part I, Series F, Europe 1848 - 1914, Vol. 14 "Greece, 1847 - 1914", University publications of America).

Иако до оригиналните фрагменти од Теопомп не успеавме да дојдеме, јасно е и од овие извадоци дека и овој старогрчки историчар сосема јасно ги третирал Македонците како посебен народ, чија историја видовме дека посебно ја обработил во однос на грчката.

ТИТ ЛИВИЈ
(I ВЕК ПРЕД ХРИСТА - I ВЕК ПО ХРИСТА)

Римскиот историчар Тит Ливиј (Titus Livius) е еден од ретките антички историчари на кого современата грчка историографија и пропаганда и прогрчки настроените автори, се повикуваат за да ја „докажат“ наводната „грчка етничка припадност“ на античките Македонци. Но, фактите зборуваат за нешто сосема поинаку. Да видиме за што станува збор.

Во еден извадок од своето дело „Историја на Рим“ (книга 31, поглавие 29) Тит Ливиј напишал дека Етолците, Акарнијанците и Македонците биле „*луѓе со ист јазик*“ (на латински: "*esuide linguae homines*"). Бидејќи Етолците и Акарнијанците биле „Грци“ (народи кои живееле на територијата на денешна Грција), тоа значи дека и Македонците биле „Грци“. Па, да одговориме на овие забелешки.

Тит Ливиј живеел од 59 година пред Христа до 14 година по Христа. Тој (како Римјанин) оваа реченица ја напишал, пишувајќи за преговорите помеѓу балканските народи со Рим кои се одржувале во времето на римското навлегување на Балканот (II век пред Христа), Ова значи дека тој пишувал за настан што се случил речиси век и половина пред неговото раѓање. За ваквото негово тврдење можни се две објаснувања.

Првото објасување го навестува самиот Ливиј, кој објаснува дека во негово време Македонците во извесен дел биле хеленизирани (што значи дека не биле Хелени, туку само дека дел од нив прифатиле делови од хеленската култура, исто како што и Грците прифаќале сегменти од македонската култура - што е сосема нормално меѓу два соседни народа).

Меѓутоа, и покрај тоа, Ливиј сосема јасно ги издвојува Македонците од Грците. Во истата (31 книга, 44), пишувајќи за омразата на Грците Атињани кон Македонците од

времето на Филип Петти и за нивната желба, со помош на Рим, да се ослободат од Македонците, Ливиј пишува:

"*Атињаните и нивните сојузници... во секоја прилика фрлаа клетви врз Филип, врз неговото семејство и врз неговото царство, врз неговите сили на копно и на море, како и врз целата* ***раса и име на Македонците***." (Подвлекувањето е мое).

Ова сведоштво на Ливиј има далеку поголема тежина од сведоштвото за сличноста на јазикот помеѓу Македонците, Акарнијанците и Етолците, затоа што тој овде посочува на етнички („*расни*“) разлики помеѓу Македонците и Грците, за разлика од јазикот кој може да биде менлива категорија.

Второто објаснување го наведуваме само како хипотеза за која натаму треба да се истражува со цел истата да се оспори или потврди. Имено, Акарнанија и Етолија граничеле со Епир.

За етничкото потекло на Акарнијанците постојат контроверзни мислења.

Страбо ги сметал за „грчко племе“, меѓутоа Есхин, Теопомп и Павсанија не ги спомнуваат како Хелени во Амфиктионскиот Совет, кој бил заедница на тогашните грчки племиња.

Се чини дека најкоректно за етничкото потекло на Акарнијанците пишува Тукидид. Тој тврди дека Акарнијанците (конкретно од градот Аргос) биле мешавина помеѓу Хелени и "барбари" (луѓе кои не зборувале грчки).

Постојат и ставови според кои Акарнијанците имале тракиско потекло. Така, на пример, за мајката на Темистокле, авторот Корнелиј Непа, напишал дека била Акарнијанка, а Плутарх во својата Биографија за Темистокле објаснува дека таа била Тракијка. (G. Sotiroff: "*The Language of Constantine the Great*"; Elementa nova pro historia Macedono-Bulgarica; Regina, Lynn Publishing Co., Saskatchewan, Canada, 1986 p. 20).

Доколку се пронајдат и други податоци за сродноста помеѓу Акарнијанците и Тракијците (какви што бугарскиот историчар Сотиров пишува дека постојат), тогаш еве одговор зошто Ливиј тврдел дека Македонците и Акарнијанците зборувале сличен јазик - ниту едните ниту другите не биле Грци.

Ист е случајот и со Етолците. И за нив постојат антички сведоштва според кои и тие биле луѓе кои зборувале поинаков јазик од Грците за што веќе пишувавме во поглавието за Полибиј.

ТРАЗИМАХ (V ВЕК ПРЕД ХРИСТА)

Тразимах (Trasymachus) е познат и како Тразимах од Халкедон, според местото на своето потекло. Се родил отприлика во 459, а починал во 400 година пред Христа. Тој бил познат филозоф и говорник. Од неговите дела сочувани се само фрагменти пренесени од други автори. Еден од нив бил и Климент од Александрија (Климент Александриски), кој живеел во II и III век. Во своето дело „Строматис“ (6), Климент Александриски наведува извадок од говорот на Тразимах познат под насловот „За Ларисјаните“. Во овој говор Тразимах, спомнувајќи го македонскиот крал Архелај (владеел од 413 до 399 пред Христа), запишал:

"*Зарем ние како Грци, ќе му бидеме робови на Архелај барбаринот?"*

Оваа изјава Тразимах ја дал по засилените тенденции на Македонија (конкретно на Архелај) за влијание врз атинските поседи во времето на Пелопонеската војна.

Веќе спомнавме дека терминот „*барбарин*“ во антиката означувал човек кој не зборува грчки, па оттаму јасно е дека ниту Тразимах не ги сметал античките Македонци за Грци.

ТУКИДИД (V И IV ВЕК ПРЕД ХРИСТА)



Тукидид е антички грчки историчар, чие најпознато дело е "Пелопонеската војна". Се родил во Атина околу 460 година пред Христа, а починал околу 395 година пред Христа). Потекнувал од богато семејство, кое поседувало златни рудници во Тракија. Учествувал како командант во Атинската војска во Пелопонеската војна, која била најголемата војна на Балканот во V век пред Христа и се водела помеѓу Спарта и Атина. Поради тоа што не успеал да го спаси од спартанското освојување градот Амфипол (на македонскиот брег), паднал во немилост и бил испратен во прогон цели дваесет години.

Од аспект на темава што ја разгледуваме, неспорно е дека и за овој познат историчар, Македонците биле одделен народ во однос на Грците. Пишувајќи за границите во кои живеле Хелените (античките Грци) Тукидид пишува:

„На пример очигледно е дека земјата што сега се нарекува Хелада во минатото немала доморoдно население, туку напротив, миграциите биле честа појава...

Најбогатото земјиште честопати ги менувало своите господари. Такви се областите што сега се викаат: Тесалија, Бојотија, најголем дел од Пелопонес, Аркадија и најплодните делови од остатокот од Грција.“ (Пелопонеска војна, книга 1).

Гледаме дека Македонија не е ниту спомната во описот на „хеленските земји“.

Во истата (Прва книга) Тукидид ги нарекува Македонците „*барбари*“, т.е. луѓе кои не зборувале грчки (хеленски). Опишувајќи ја атинската војска во една битка во Пелопонеската војна, Тукидид пишува дека таа се состоела од „*Хелени*“ и „*барбари*“ (не-Грци кои војувале на страна на Атињаните). Притоа тој набројува кои народи дале своја војска како помош на Атињаните. Овде читаме:

„*Хеленските единици кои беа со него* (еден атински командант) *ги сочинуваа: Амбракијците, Левкадијците и Анакторијанците, како и илјада Пелопонезијанци кои дојдоа во негова придружба. Барбарите се состоеја од илјада Каонијани... а со нив дојдоа и некои Теспротијани, кои исто како нив, немаа свој крал, некои Молосјани и Атинанајци, предводени од Сабилинт, застапник на кралот Тарип, кој се уште бил мал, како и некои Паравени водени од својот крал Ороед, придружувани од илјада Орестјани... Исто така имало и илјада Македонци, испратени од Пердика без знаење на Атињаните, но тие стигнале многу доцна.* ("Пелопонеска војна" книга 1).

Ова сведоштво е многу јасен доказ дека тогашните Грци (меѓу кои и Тукидид) не ги сметале Македонците за свои сонародници, наспроти тврдењето на современата грчка пропаганда.

ФИЛИП ПЕТТИ (III И II ВЕК ПРЕД ХРИСТА)



Филип Петти се качил на тронот на античко-македонската држава во 221 година пред Христа, на возраст од само 17 години. Уште во првата година на владеењето ги поразил Дарданците и другите племиња кои ја нападнале Македонија од север. Подоцна, преку некои свои активности (напад врз Илирија, договор со големиот римски непријател Ханибал и сл.), ги иритирал Римјаните (кои во тоа време биле растечка воена сила) да се свртат против Македонија. Притоа и Римјаните нашле свои сојузници на и околу Балканот во активностите против Филип Петти. Така се случиле две македонско-римски војни во кои Филип Петти бил поразен и бил принуден на низа отстапки кон Римјаните (за што веќе пишувавме). Филип Петти починал во 179 година пред Христа и бил заменет со својот најстар син Персеј, кој ја водел и загубил the Третата македонско-римска војна и кој бил последниот античко-македонски легитимен монарх. На детали од животот и дејноста на Филип Петти (за кои пишувале повеќе антички автори) овде нема да се задржуваме, туку само ќе потсетиме на некои сегменти од аспект на темата што ја обработуваме.

Во поглавието за Полибиј пренесовме изјава дадена од самиот Филип Петти. По воениот пораз што го доживеал од Римјаните, за време на преговорите што следувале, видовме дека од Филип Петти било побарано Македонците да ја напуштат „Грција“ (грчките територии што ги држеле под окупација). Видовме и дека на ваквите барања Филип Петти, меѓу другото, одговорил:

„*А која е таа Грција од која ми наредувате да се повлечам? И како вие ја дефинирате Грција? Мнозинството Етолци не се Грци. Не се! И земјите на Агра, Аподота и Амфилојија не се грчки. Дали тоа значи дека имам дозвола да останам во тие земји?“* (Polybius, “Histories”, XVIII, I, 4).

Анализа на оваа изјава од претпоследниот легитимен античко-македонски крал направивме во поглавието за Полибиј, а овде само ќе потсетиме дека и Филип Петти сосема јасно ги третирал Македонците како посебен народ во однос на Грците.

ФИЛОСТОРГИЈ (IV И V ВЕК)

Филосторгиј (Philostorgius) ќе го спомнеме само заради еден податок што го оставил. Се работи за неговото сведоштво според кое планината Олимп била македонска планина. Познато е дека и старогрчкиот географ Страбо ја нарекува оваа планина како „*македонскиот Олимп*“ (за што веќе пишувавме). Штом вакво сведоштво дава и Филосторгиј тоа значи дека најмалку над 4 века по Страбо, Олимп сè уште била третирана како македонска планина.

Инаку, Филосторгиј бил роден во Кападокија околу 364 година. Тој напишал дело посветено на историјата на Црквата во 12 книги, од кое се зачувани само фрагменти главно пренесени и коментирани во Епитом посветен на Филосторгиј напишан од патријархот на Константинопол по име Фотиј (9 век). Во овој Епитом (накратко прераскажана содржина) Фотиј наведува извадоци од делото на Филосторгиј при што во Десеттото поглавие ја спомнува планината „Олимп во Македонија“ ("Epitome of the Ecclesiastical History of Philostorgius", cokplied by Photius, Patriarch of Constantinople. London: Henry G. Bohn, York Street, Covent Garden, MDCCCLV).

ФЛАМИНИН (III И II ВЕК ПРЕД ХРИСТА)

Фламинин (Titus Quinctius Flamininus) се родил околу 228 година пред Христа. Тој бил познат римски политичар и генерал. Учествувал во the Втората пунска војна, а во 205 година бил назначен за пропретор во Тарентум. Во 198 година пред Христа станал конзул. Бил испратен да учествува како генерал во Втората македонско-римска војна против македонскиот крал Филип Петти, кого го поразил и го избркал од грчките територии со исклучок на неколку тврдини, по што станал вистински господар на грчките територии, заменувајќи го македонското ропство со римска доминација. Во 196 година пред Христа им ветил на грчките градови-држави целосна слобода, заради што Грците го прогласиле за свој ослободител од македонскиот јарем. Всушност на тој начин Фламинин знаел дека ќе ја придобие грчката аристократија на страна на Рим како сојузник во евентуалните нови судири на Рим со Македонија. По ова Фламинин во слава се вратил во Рим. Во 192 година пред Христа бил испратен да војува против Антиох Трети (македонскиот крал од династијата на Селевкидите кој владеел со дел од Азија), кој исто така бил поразен.

Потоа Фламинин бил испратен и во други мисии во полза на Рим, а се смета дека починал околу 174 година пред Христа.

За дејноста на Фламинин веќе наведовме податоци и во поглавијата посветени на Павсанија, Плутарх и Полибиј, па истото овде нема да го повторуваме. Само, од аспект на темата што ја обработуваме, ќе потсетиме на римско-македонските преговори што следувале по поразот на Македонците, каде од страна на историчарот Полибиј, е пренесена изјавата од Фламинин, кој на претставникот на the Етолците, му рекол:

„*Во интерес на Грците е македонската доминација да биде што подолго потисната, но нема сомнение дека таа треба да биде уништена.“* (XVIII, I, 37).

Веќе спомнавме дека по ова на Фламинин, од страна на извесен Фенеј, му било посочено дека Филип можел да ја обнови својата моќ, на што тој одговорил:

„*Не зборувај бесмислици Фенеј, јас така ќе го направам мировниот договор што Филип, и да сака, не ќе може да им направи ништо лошо на Грците.“* (XVIII, I, 37).

Овие директни изјави од Фламинин, но и другите сегменти за неговата дејност, опишани од Плутарх, Павсанија и други историчари, доволно зборуваат дека и за овој римски генерал било сосема јасно дека Македонците се инаков народ во однос на Грците.

ХЕРОДИЈАН (II И III ВЕК)

Херодијан (Herodian) се родил во Сирија некаде околу 170 година. Се смета дека имал грчко потекло. Извесно време живеел во Рим, но немал некоја јавна функција. Сепак, напишал впечатливо историско дело во осум книги посветено на историјата на Рим, кое го опфаќало периодот од 180 година (по смртта на императорот Марко Аврелиј) до 238 година. Заради тоа се смета дека Херодијан починал околу 240 година.

Што се однесува до пишувањето на Херодијан од аспект на темата што овде ја разгледуваме, ќе кажеме дека и овој антички автор Македонците многу јасно ги третирал како одделен народ во однос на Грците. И тоа сосема прецизно го потенцирал. Ќе наведеме неколку примери.

Во Првата книга (поглавие 3) Херодијан ја спомнува македонската династија Птолемеи која владеела со Египет. Притоа за кралот Птолемеј пишува:

„*Птолемеј, наспроти законите на Македонците и на Грците, отишол толку далеку што се оженил со сопствената сестра.“* (Herodian: "*History of the Roman Empire",* 1961, Book 1, Chapter 3).

Всушност Птолемеите влегувале само во формални (а не во реални) бракови со своите сестри во склад со египетската традиција. Она што е интересно во оваа реченица од Херодијан е тоа што тој сосема јасно ги издвоил Македонците од Грците при што потенцирал дека тие си имале посебни закони. Се разбира дека овде станува збор за Македонците и Грците кои живееле во Египет. Ова сведоштво има уште поголема тежина затоа што Херодијан и самиот имал грчко потекло. Практично, тој како Грк, децидно ги издвоил Македонците од Грците, не само како посебен народ, туку и како култура (спомнувајќи нивни посебни „закони“).

Во продолжените на претходната реченица, Херодијан, критикувајќи и други цареви за нивните чудни навики, го спомнува и македонскиот цар Антигон за кого вели:

„*Антигон го имитирал Дионис во секој поглед. Тој дури и носел венец од бршлен наместо македонска шапка или дијадема, а носел и тирс наместо жезол.“*

Ова сведоштво е интересно заради тоа што во него Херодијан потсетува на специфичните елементи што ги носеле античко-македонските владетели (македонска шапка или дијадема и жезол), од кои, ете, Антигон отстапил заради својата опседнатост со богот на виното Дионис. Македонската шапка што овде е спомната всушност е познатата *каусија*. Тоа било шапка со широк обод која штителa од сонцето.

Во Третата книга (поглавие 2) Херодијан е уште подециден во истакнувањето на посебноста на Македонците во однос на Грците. Овде тој ги критикува Грците дека постојано се карале меѓу себе, си љубомореле едни на други и гледале да го уништат секого од нив што успевал во животот. Заради тоа тој вели дека Грците како народ пропаднале, па така, уништени од својата алчност и злоба, тие станале лесен плен за Македонците, а подоцна и за Римјаните. Овде читаме:

„*Ова античка несреќа на Грците, тие постојано да се органзираат во фракции едни против други во својата алчност да ги уништат оние кои се поуспешни од нив, ја доведе Грција до уништување. Нивните дамнешни кавги и внатрешни непријателства ги направија лесна жртва на Македонците и робови на Римјаните. Ова проклетство од љубомора и злоба стигна дури и до побогатите грчки градови од нашево време.“*

Навистина ниту овде не е потребен некој посебен коментар. Хеордијан овде јасно ги спомнува трите одделни народи: Македонци, Римјани и Грци, од кои последниве

настрадале и биле потчинети прво од Македонците, а потоа и од Римјаните.

Во Четвртата книга посветена на римскиот император Каракала (188 - 217 год.) во осмото поглавие, Херодијан пишува дека овој римски император толку бил воодушевен од ликот и делото на Александар Велики Македонски, што самиот себе си се прогласил за „Втор Александар“. Овде читаме:

„*Откако Каракала ги средил работите во своите гарнизони долж реката Дунав, заминал во Тракија на границата со Македонија и таму наеднаш станал Александар Велики. Почнало оживување на сеќавањата за овој Македонец на секаков можен начин. Тој наредил да бидат поставени статуи и сликани портрети на неговиот херој на јавни места во сите градови. Тој го исполнил и Капитол, како и останатите храмови, всушност целиот Рим, со статуи и сликани портрети, кои била така дизајнирани што сугерирале дека тој е вториот Александар... Самиот Каракала почнал да носи македонска облека, посебно шапка за сонце и кратки чизми. Тој собрал млади момчиња во единица што ја нарекол Македонска фаланга, а неговите офицери носеле имиња на александровите генерали.*“

Ова, без малку, неверојатно сведоштво од Херодијан е значајно по некоклку основи. Како прво, тоа зборува за огромниот углед што го имал Александар Велики Македонски дури и среде некои Римјани на највисоки позиции. Да потсетиме дека Римјаните одвај успеале да ја освојат Македонија, па сепак тоа не им пречело на некои од подоцнежните генерации да се восхитуваат на големиот македонски цар. Понатаму, Херодијан овде спомнува посебна „македонска облека“ во која Каракала се облекувал, а дава и други детаљи поврзани со облекувањето на Македонците (шапката *каусија* со широк обод за заштита од сонце, која веќе ја спомнавме, но и кратки

чизми). Гледаме и дека Каракала нагло почнал да го велича ликот на Александар дури откако дошол близу Македонија (која во негово време веќе над триипол векови била под римска окупација). Ова значи дека во тоа време споменот за Александар Велики Македонски се уште бил многу силен среде Македонците, па преку нив бил превземен и од Каракала.

Да заклучиме дека делото на античкиот грчки историчар Херодијан претставува уште еден удар против денешната грчка пропаганда. Херодијан недвосмислено ги третирал Македонците како посебен народ во однос на Грците, и тоа како народ со сопствена култура.

ХЕРОДОТ
(V ВЕК ПРЕД ХРИСТА)



Херодот (Herodotus) се родил некаде околу 484 година пред Христа во Халикарнас (денешна Турција). Се смета дека во 457 година бил прогонет од таму затоа што учествувал во заговор против Персија (која тогаш владеела со Халикарнас). Пропатувал многу земји и оставил вредни записи за тамошните народи и култури. Извесно време престојувал во Атина, каде бил многу почитуван, а потоа заминал во една хеленска колонија во денешна јужна Италија. Остатокот од животот го посветил на пишување на своето обемно дело „Историја“, кое се смета за прво по-обемно авторско прозно дело во историјата. Поради тоа Херодот се смета како основач на историографијата. Починал во 435 година пред Христа.

Извесен дел од својата „Историја“ Херодот посветил и на Македонија. Деталните описи што тој ги дава во врска со некои сегменти од тогашниот живот на Македонија, како

што се: опис на живеалиштата во Македонија, детален опис на топонимијата, па дури и спомнување на некои видови езерски риби во Македонија и други слични поединости, претставуваат индиција за да се тврди дека Херодот и навистина престојувал во Македонија. Еден од најпознатите денешни научни авторитети за античка Македонија, американскиот професор д-р Еуген Борза смета дека податоците што ги наведува Херодот во врска со постарата историја на Македонија, самиот ги запишал за време на својот престој во нашата земја. (D-r Eugen Borza: "In the Shadows of Olympus, The Emergence of Macedon", Princeton Univercity Press, Princeton, New Jersey, ISBN 0-691-05549-1, USA, 1990).

Кога сме кај Херодот некои делови од неговата „Историја“ денес се користат од грчките и прогрчки настроените автори како „доказ“ дека античките Македонци (или барем владетелите од династијата на Аргеадите на која припаѓале Филип и Александар) наводно биле „Грци“. Еве еден од тие делови. Херодот пишува:

„*Хелените... под водство на Дорус, синот на Хелен, се преселиле во областа на подножјето на Оса и Олимп, што се вика Хистеотис, но биле принудени да се повлечат од тој регион од Кадмејците, па под името Македни се преселиле близу Пинд. Но, оттаму уште еднаш биле преселени, од каде заминале за Дриоп, а од Дриоп навлегле во Пелопонез каде станале познати под името Дорци“.*

Во овој пасус Херодот имплицира дека наводно Македонците биле ист народ со Дорците (едно од основните племиња од кои биле составени старите Грци). Меѓутоа, во продолжение Херодот си опонира самиот на себе, па одделно ги спомнува Македонците и Дорците како два посебни народа. Кога пишува за етничкото потекло на војниците кои учествувале во грчката флота во одбрана против Персија, тој одделно ги спомнува Македонците и Дорците. Овде читаме:

„Ова беа народите од кои се состоеше Грчката флота. Од Пелопонез беа: Лакадемонците со шест помали бродови, Коринтјаните со ист број како кај Артемизиум, Сикионците со петнаесет, Епидауријанците со десет, Троезијанците со пет и Хермионијанците со три. Сите тие беа Дорци и Македонци (освен оние од Хермионе), кои беа емигрирани од Еринеј, Пинд и Дриоп“.

Грчките и прогрчки настроените историчари користат уште една епизода од Херодот како поткрепа на своите ставови. Се работи за опис на состојбата кога пред решавачката битка помеѓу Персијанците и Грците, Александар Први Македонски (кралот на Македонија, владеел од 498 - 454 пред Христа) дошол во грчкиот камп за да ги извести Грците за местоположбата на Персијанците (иако пред тоа соработувал и со нив). Овде читаме:

„*Александар, синот на Аминта, крал и водач на Македонците дојава на коњ во кампот на Атињаните и побара да зборува со генералите.“*

Во продолжение читаме дека Александар им го кажал следното:

„*Атињани... Ако не ја имав во голема мера во моето срце општата благосостојба на Грција, немаше да дојдам и да ви се обратам, но јас самиот сум Грк по потекло и не сакам да ја видам Грција како ја заменува слободата со ропство“.*

Потоа почнал да им дава информации за Персијанците. На крајот рекол:

„*Јас сум Александар од Македонија*.“

Грчката историографија и пропаганда ги користи овие записи од Херодот да докажува пред светот дека Македонците биле „Грци“ или дека барем такви биле нивните кралеви. И навистина, на прв поглед изгледа така. Александар самиот си се прогласил за „Грк“, што значи дека сè е јасно.

Во врска со „грчкото“ потекло на Аргеадите (македонската династија на која припаѓале и Филип Втори и Александар Велики) Херодот го запишал и следното:

„Луѓето од ова семејство се Грци, потомци на Пердика како што самите се декларираат и тоа можам да го кажам во склад со моето сопствено знаење... Дека тие се такви, веќе е потврдено од оние кои учествувале на сегрчкото натпреварување во Олимпија. Кога Александар посакал да учествува на игрите и кога дошол во Олимпија, Грците го нападнале и сакале да го исклучат од натпреварите велејќи дека само Грци можат да се натпреваруваат, а не и барбари. Но, Александар им докажал дека е Аргивец, по што бил прогласен за Грк, па бил внесен во списокот на тркачи...“

На прв поглед се чини дека и овде се е јасно. Александар Први самиот себе си се прогласил за „Грк“ и затоа бил прифатен да учествува на грчките олимписки игри на кои било дозволено да учествуваат само Грци.

Но, ако се направи подлабока анализа на сите овие записи од Херодот, ќе се согледа дека работите не се сосема така едноставни како што на прв поглед изгледаат.

Најнапред ќе ја разгледаме изјавата на Александар дадена во грчкиот камп. Ќе го проанализираме историскиот контекст во кој била дадена оваа изјава.

Во тоа време се водела грчко-персиската војна во која моќната Персија војувала против исто така моќните обединети грчки сили. На чело на Македонија се наоѓал спомнатиот Александар Први Македонски. Тогаш Македонија била воено слаба и економски неразвиена држава. Таа се нашла среде оваа жестока војна помеѓу двете моќни завојувани страни, па Александар Први бил во речиси безизлезна состојба. И Персија и грчките сили можеле лесно да ја освојат слабата Македонија само доколку насетеле дека таа се приближува кон спротивната страна. Затоа Александар вложил огромни напори да ја зачува својата држава. Тој

декларирал неутралност, но кришум им давал позитивни сигнали и на Персијанците и на Грците - само за да не ја гибаат Македонија. Така, на пример, својата сестра Гигеја ја дал за жена на персискиот војсководител Бубарес, а истовремено им давал доверливи информации и на Грците. Сепак, ноќта спроти решавачката битка кај Платеја (479 год. пред Христа) Александар отишол во грчкиот камп и децидно се ставил на страна на Грците давајќи им информации за местоположбата на Персијанците. Веројатно проценил дека Грците ќе ја добијат таа битка (па и целата војна), па затоа отишол во нивниот камп за ја придобие нивната наклоност (посебно за времињата што следувале по завршувањето на војната). Ете тогаш тој се претставил себеси како божемен „Грк".

Ваквата теза за лажното прикажување на Александар како „Грк" само за да ги придобие Грците да не ја гибаат Македонија откако ќе ги победат Персијанците, ја застапуваат повеќе современи историчари. Еден од нив е спомнатиот американски историчар д-р Еуген Борза. Во својата веќе спомната книга Борза со право поставува неколку прашања. Имено, тој прашува: ако Александар и навистина бил „Грк", зарем Грците не би го знаеле тоа однапред? Зарем тие не знаеле дека македонската династија е „грчка", та тој морал тоа да им го докажува? Напротив, тие тогаш сосема добро знаеле кои се нивни сонародници, а кои не (посебно во времето на војната со Персијанците, која всушност била меѓуетничка војна). Зошто имало потреба тој ним да им го потенцира своето наводно „грчко" потекло? И зошто ниту еден Атињанин, Спартанец или друг вистински Грк никогаш пред останатите Грци не го докажувал своето грчко потекло?

Се поставува прашањето и зошто Грците отпрвин му забраниле на Александар Први да учествува на Олимписките игри прогласувајќи го за „барбарин"? Ако тој бил „Грк" тие веднаш би го препознале својот „сонародник", а не да го прогласуваат за „барбарин" (човек кој не зборува грчки).

Борза во својата книга (стр. 112) пишува:

„*Приказната на Херодот изобилува со премногу тешко разбирливи податоци, кои немаат никаква смисла“.*

Откако прави анализа на нелогичностите во приказната на Херодот за наводното учество на Александар Први на Олимписките игри, Борза заклучува дека:

„*Најдобро е оваа приказна да се игнорира. Оваа приказна е од иста категорија како приказната за Александар кај Платеја“.*

На исто мислење се и историчарите Макан (Macan), Хау (How) и Велс (Wells). Спомнувајќи ги овие автори Борза пишува дека и тие сметале дека тврдењата за наводното себедекларирање на потомците на Пердика е „*слаб доказ за нивното грчко потекло“*.

Што се однесува до себедекларирањето на Александар како „Грк“ пред битката кај Платеја, Борза вели дека тој тоа го направил заради политички причини (кои веќе ги објаснивме), па во врска со тоа пишува:

„Инстистирањето дека Александар е Грк и потомок на Грци е во спротивност со самиот Херодот 7.130, кој ги спомнува Тесалијците како првите Грци кои потпаднале под персиска власт, со што Херодот потврдува дека Македонците биле негрчки народ.“

И понатаму:

„*Обајцата Херодот и Тукидид ги третираат Македонците како странци, далечен народ што живеел вон границите на грчките градови-држави.“* (стр. 96).

Во продолжение Борза заклучува дека Александар себеси се декларирал како „Грк“ исклучиво за да се интегрира себеси во грчкиот свет по победата на Грците над Персија. Тој вели дека приказните за неговото грчко себедекларирање треба целосно да се игнорираат бидејќи претставувале изблик на неговата тогашна пропаганда, чија крајна цел, рековме, дека била да ја одржи својата слаба држава.

На исто мислење во врска со сторијата на Херодот е и познатиот американски историчар Питер Грин (Peter Green). Тој пишува:

„*Се што всушност вели Херодот е дека самиот Александар го прикажал своето аргивско потекло преку крајно сомнителни тврдења...“*

Грин пишува дека Александар бил признат како „Грк“, но тоа наишло на силно спротивставување од страна на Грците кои биле организатори на Олимписките игри **(**Peter Green *"Classical Bearings", p.157*).

Познатиот историчар Е. Бадијан дава слично толкување на сторијата на Херодот за наводното „грчко“ потекло на Аргеадите. Тој пишува дека влијателните Грци донеле тешка одлука да го признаат Александар како „Грк“, но дека заради тоа имало протести среде останатите учесници (Грци) на Олимписките игри:

„*Имало жестоки протести од страна на другите учесници кои го одбиле учеството на Александар Први, нарекувајќи го барбарин...“* (Ernst Badian: "*Studies in the History of Art Vol. 10: Macedonia and Greece in Late Classical Early Hellenistic Times"*).

Тој заклучува дека одлуката за учество на Олимписките игри од страна на Александар Први била политичка, а не фактичка, што значи дека Александар Први заради собирање политички поени себеси се претставил како „Грк“ (и притоа бил принуден да го „докажува“ таквото „свое“ потекло), по што (од страна грчките авторитети) бил признат за „Грк“ и му било дозволено да учествува на игрите, што пак, предизвикало силни протести кај останатите учесници - вистински Грци, кои се побуниле зошто на еден барбарин (не-Грк) му било дозволено да учествува заедно со нив. Бадијан потсетува дека подоцнежните антички историчари сосема јасно го определувале Александар Први како „Филхелен“ (за што во продолжение ќе пишуваме).

Слично пишува и германскиот историчар Улрих Вилкен:

"*Александар Први Македонски чувствуваше симпатии кон Грците и сакаше да учествува на Олимписките игри, на кои само Хелените имаа пристап, но прво беше одбиен како барбарин, па мораше да го докажува педигрето на својот дом, Аргеада, на Тераклид Темен од Аргос, по што беше примен како натпреварувач. Оттогаш кралевите на Македонија имаа третман на Хелени, но, како и порано, така и потоа, нивниот народ беше сметан како барбарски*". (Улрих Вилкен: "*Александар Македонски",* 1931 год., во превод на македонски, Скопје, 1988 г. стр. 54).

Значи, учеството на Олимписките игри на Александар Први воопшто не одело така лесно и било дозволено дури по неговото упорно инстистирање и тоа со строго ограничување, според кое, само македонските кралеви можеле да учествуваат на Олимписките игри, додека нивниот народ (Македонците) и натаму останале да бидат третирани како инаков народ (барбари).

Историчарот Артур Вајгал со право смета дека и на тогашните Грци им одговарало да го признаат Александар Први (но само него, а не и македонскиот народ!) како "Грк", заради тоа што Македонија им била потребна како евентуален сојузник против моќната Персиска империја. (Подетално кај: Артур Вајгал: "*Александар Македонски",* во превод на македонски, Скопје,1992).

Ако ниту овие докази не се доволни, тогаш пак ќе го цитираме самиот Херодот. Додека тој од една страна пишува дека самиот Александар себеси се декларирал како „Грк“, од друга страна пишува дека Спартанците Грци го оквалификувале Александар Први како „*недоверлив странец*“.

Голем доказ за лажното претставување на Александар како „Грк“ е и фактот што тој од страна на Грците бил прогласен за „Филхелен“ (пријател, т.е. љубител на Грците),

а таквите титули им се доделувале само на странци, т.е. не-Грци, кои правеле добри дела кон Грците.

Нам денес овие работи ни изгледаат не сосема разбирливи, но во тоа време тој морал така да се однесува за да ја зачува својата (во тоа време слаба) држава. И успеал во тоа. Ја зачувал Македонија, која по само неколку генерации, воено ги освоила и грчките територии целата Персија.

Да заклучиме дека и покрај контроверзните информации, сепак и кај Херодот се среќаваат јасни докази дека Македонците не биле Грци. Ова се гледа не само во неговото спомнување на Тесалијците (Грци) како прв грчки народ што Персијанците го освоиле (иако пред тоа тие поминале и низ Македонија, што значи дека Херодот не ги сметал Македонците за Грци), туку и во детерминирањето на Александар Први Македонски од страна на Спартанците како „*недоверлив странец*“.

ХЕСИХИЈ (V ВЕК)



Во македонската јавност е малку познато дека постои значителен корпус од повеќе десетици зборови од јазикот на античките Македонци, кои се објавени на едно место.

Се работи за Лексиконот на Хесихиј (Hesychius). Пред да дадеме објаснување за значењето на овој Лексикон, да кажеме нешто за неговиот автор.

Хесихиј се смета дека живеел во V век во Александарија и најверојатно имал грчко етничко потекло. Главно се занимавал со собирање зборови од античките јазици и дијалекти, кои нему му се чинеле интересни. Со текот на времето создал еден огромен лексикон во кој се застапени околу 51.000 зборови.

Во големата Католичка енциклопедија изнесени се претпоставки дека основа на овој лексикон всушност бил некој постар лексикон, кој содржел зборови од античките јазици и кој настанал во првиот век по Христа, а Хесихиј само го дополнил. ("*The Catholic Encyclopedia", Volume VII* Copyright © 1910 by Robert Appleton Company Online Edition Copyright © 2003 by K. Knight наслов: Heszchius).

За животот на Хесихиј денес малку се знае. Познато е дека тој бил паган. Неговиот лексикон во некои светски енциклопедии е претставен како „грчки лексикон“. Таков е

примерот со енциклопедија „Британика“, но и на неколку други места. Меѓутоа, ваквото претставување на овој Лексикон не одговара на фактите и истото претставува тенденциозно искривување на вистината во полза на грчката пропаганда. Најдецидна негација на „грчкото“ детерминирање на овој лексикон е самата негова содржина. Точно е дека во него најмногу се застапени зборови од разни дијалекти на тогашниот грчки јазик, но освен нив, Хесихиј презентира и зборови од други јазици. Тој има цело поглавие кое носи наслов „Зборови од народите“ и во ова поглавие среќаваме извесен број зборови и од други јазици: персискиот, тракискиот, египетскиот, индискиот и други. Под посебен наслов во ова поглавие се опфатени и зборови од јазикот на античките Македонци. Во склад со ова, во светски познатата енциклопедија „Колумбија“ (*The Columbia Encyclopedia, Sixth Edition. Copyright © 2001 Columbia University Press*, наслов: Hesychius of Alexandria) сосема коректно е презентирана вистината според која, Лексиконот на Хесихиј нуди податоци за, макар и сосема мала, реконструција на некои загубени јазици, меѓу кои посебно е потенциран јазикот на античките Македонци. Овде читаме:

„Хесихиј од Александрија живеел во V век и бил граматичар од Александрија. Познат е како составувач на непроценлив лексикон од необични зборови и изрази што се појавувале во грчките текстови. Материјалот бил собиран од специјални области (на пример медицина и сл.) од пишувањата на постари поети, како и од разни дијалекти и јазици. Овој лексикон претставува извор практично на целиот материјал што сега е достапен за некои од исчезнатите јазици, како што е случајот со античко-македонскиот јазик.“

Интересно е да спомнеме дека содржината на Лексиконот на Хесихиј до денес сè уште не е целосно презентирана пред светската јавност. Овој Лексикон во ракопис

се чува во Венеција само во еден примерок. Дел од овој Лексикон за прв пат бил објавен дури во 1514 година, но денес ова издание претставува вистинска реткост. Во 1953 година, германскиот научник Курт Лате (Kurt Latte) под покровителство на Данската академија од Копенхаген објави дел од овој Лексикон. Овој дел е објавен во два тома (вториот том постхумно во 1966 година). Но, во овие два тома објавени се само зборовите од буквите алфа до омикрон. Ова практично значи дека Лексиконот на Хесихиј се уште не е објавен во својата интегрална верзија. Големото богатство од зборови и тајните што ги содржи овој Лексикон за античките јазици сè уште не се достапни за поширокатa светска јавност. Во 1987 година Данската академија го задолжи научникот Петер Алан Хансен (Peter Allan Hansen) да го заврши објавувањето на овој Лексикон и според нашите последни сознанија, неговата работа сè уште е во тек.

Во Лексиконот на Хесихиј сите предадени зборови педантно се подредени по азбучен ред и истите се систематизирани според различни класификации на кои се посветени посебни поглавија. Така, на пример, постојат поглавија кои се однесуваат на: зборови од јазиците на разни народи; зборови од литературните дела на разни автори; зборови поврзани со животинскиот свет; зборови од топонимијата; зборови повзрани со пијалоци и храна; лични имиња и т.н.

Што се однесува до зборовите од античкиот македонски јазик, тие се предадени во неколку поглавија и наслови (барем според материјалот што ни беше достапен, а кој, пак ќе повториме, не е целосен).

Во поглавието „Зборови од народите“, спомнавме дека постои посебен наслов кој гласи „*МАКЕДОНСКИ*“. Во овој наслов по азбучен ред предадени се вкупно 130 зборови.

Освен ова, постои поглавие под наслов „Index Scriptorum in Hesychio Allatorum“ во кој се застапени (според Хесихиј - интересни) зборови што ги користеле разни антички автори. Авторите се наредени по азбучен ред, а еден од нив е Америј Македо (Amerias Macedo). Од неговите дела Хесихиј издвоил вкупно дваесет античко-македонски зборови, од кои, дел се застапени и во претходно спомнатиот наслов со зборови од македонскиот јазик.

Постојат наслови и во кои е презентирана античко-македонската топонимија, како и дел од личните имиња.

Сите зборови во Лексиконот на Хесихиј се презентирани со грчко писмо (за кое се знае дека Грците го превзеле од Феникијците), а кратките коментари се на јазикот коине и на латински.

Деталниот преглед на сите античко-македонски зборови од Лексиконот на Хесихиј и очигледната сличност на некои од нив со денешните македонски зборови како и фактот што најголем дел од нив ги немало во грчките дијалекти - сето тоа го претставивме во книгата „Јазикот на античите Македонци“, па овде нема да го повторуваме. Само ќе потсетиме дека и Хесихиј ги опишал Македонците како „*барбари*“ (луѓе кои не зборуваат грчки). Во описот за значењето на зборот *сариса* (долго копје на Македонската фаланга), тој запишал дека го користеле „*барбарите Македонци*“.

Практично и Лексиконот на Хесихиј претставува уште едно античко-грчко сведоштво, кое е против современата грчка пропаганда.

ХОМЕР (ТРОЈАНСКАТА ВОЈНА)



Се смета дека Тројанската војна се одиграла помеѓу XIV и XII век пред Христа. Познато е дека во Тројанската војна здружените сили на предците на античките Грци го нападнале и освоиле малоазискиот град Троја. Во недостиг на други информации за причините за оваа војна, во оптек е верувањето дека војната била водена заради тоа што Парис од Троја (син на тројанскиот крал Пријам), додека бил на гости во Спарта, ја завел убавата Хелена, која била законска сопруга на кралот на Спарта по име Мемнон, по што таа побегнала со него во Троја. Бидејќи работите околу Тројанската војна се горе долу познати, нема да се задржуваме на детаљи. Само ќе потсетиме на неколку факти исклучиво поврзани со темата што овде ја обработуваме.

Тројанската војна главно е опишана во „Илијадата“ од Хомер (околу VIII век пред Христа), иако оваа војна е наведена и во други извори. Хомер ги спомнува етнонимите „Ахајци“ и „Данајци“ како напаѓачи и освојувачи на

Троја. Општо е прифатено мислењето дека под овие два етнонима Хомер го третирал народот подоцна познат како антички Грци. За да ја заштити својата чест Мемнон ги повикал ахајските (грчките) племиња во војна против Троја. Притоа во „Илијадата“ јасно се спомнати имињата на грчките племиња и жители на области кои учествувале во здружената грчка војска. Некои од нив биле: Микенците, Аркадијците, Бојотијците, Коанците, Фокијците, Орменијанците, Атињаните, Спартанците, Симеанците, Елејците, Локријците и други. Во „Илијадата“ јасно пишува и дека најсеверна област од која имало учесници во обединетите ахајски („грчки“) сили била Тесалија (област што се наоѓа јужно од Македонија). Ова практично значи дека во Тројанската војна на страната на Ахајците (Грците) не учествувал ниту еден жител од Македонија. Напротив, некои од бранителите на Троја (Еније, Астипил, Мнес, Мидон, Офелест, Трасиј и други) потекнувале од Пајонија (северномакедонска област која во голема мера се наоѓа на територијата на денешна Република Македонија). Може да се каже дека Тројанската војна (покрај другото) била првиот (макар и делумен) познат „македонско-грчки“ воен судир.

ДРУГИ АВТОРИ

Освен овде наведените имало и други антички автори кои напишале историски книги за Македонија и Македонците, но чии дела не останале зачувани. Ќе спомнеме некои од нив.

Авторот Фотиј (Photius) пишува за книгата на извесен Кефалион (Cephalion) кој напишал историја во девет тома, во која значаен дел бил посветен на историјата на Александар Велики (Photius, *Bibliotheca*, 68).

Фотиј пишува и за авторот Аминтијанус (Amyntianus), кој напишал книгата за Филип Втори Македонски и неговата сопруга Олимпија (Photius, *Bibliotheca*, 131).

Овде треба да го спомнеме и авторот Теаген (Theagenes) кој живеел во II век пред Христа. Тој напишал дело по име „Македоника Татковина*“* (*Makedonika Patria)* од кое се зачувани фрагменти.

На крајот ќе ги спомнеме и придружниците на Александар Велики Македонски: генералот Птолемеј и инженерот Аристобул, кои исто така имале напишано истории за походот на Александар. Од нивните дела голем број податоци користел веќе спомнатиот историчар Аријан, кој тоа самиот го признава:

„*Аристобул и Птолемеј се најверодостојните писатели за оваа тема бидејќи вториов учествувал во походите на Александар, а подоцна... и самиот станал крал.“* (Arrian: "*The Campaigns of Alexander",* Translated by Aubrey De Selincourt, *Pengiun books*, USA, 1987, стр. 41).

Загубените истории на Птолемеј и Аристобул ги цитирале и други антички автори.

Секако дека има уште многу древни автори кои пишувале за историјата на Македонија и Македонците, чии дела денес не се зачувани, но за ова во некоја следна прилика.

КОНСУЛТИРАНАТА ЛИТЕРАТУРА

"Acts of Paul" (1924), "The Apocryphal New Testament" M.R. James-Translation and Notes Oxford: Claren. Press.

"Aeschines" (1919) with an English translation by Charles Darwin Adams, Ph.D., (Cambridge, MA, Harvard University Press; London, William Heinemann Ltd.).

"Aeschines Against Ctesiphon", Rufus B. Richardson, W.R. Comor Hardcover, Ayer Co Pub, ISBN 0405114370 (0-405-11437-0).

Ampelius Lucius, "Liber Memoralis" http://www.intratext.com/IXT/LAT0351/_P7.HTM

"Annaei Senecae ad Marciam de Consolatione" http://www.thelatinlibrary.com/sen/sen.consolatione2.shtml

Appian, "Illyrian Wars" ("History of Rome") http://www.livius.org/ap-ark/appian/appian_illyrian_1.html

Arrian (1987), "The Campaigns of Alexander", Translated by Aubrey De Selincourt, Pengiun books, USA.

Arrian, "Anabasis", http://www.fordham.edu/halsall/ancient/arrian-bookVIIIIndia.html

Aristophanes "The Birds", http://ancienthistory.about.com/library/bl/bl_text_aristophanesbirds.htm

The Holy Bible
"The Catholic Encyclopedia" (2003), Volume VII Copyright © 1910 by Robert Appleton Company Online Edition Copyright

The Columbia Encyclopedia" (2001), Sixth Edition. Columbia University Press

Cicero, "In Pisonem"
http://www.thelatinlibrary.com/cicero/piso.shtml

Claudianus, "The War Against Guildo"
http://penelope.uchicago.edu/Thayer/E/Roman/Texts/Claudian/home.html
Clement of Alexandria "Exhortation to the Greeks"
http://thriceholy.net/Texts/Clement.html

Clement of Alexandria
http://www.ccel.org/ccel/schaff/anf02.vi.html

Cornelius Nepos, "Lives of Eminent Commanders" Translated by the Rev. John Selby Watson, MA
http://www.tertullian.org/fathers/nepos.htm

Demosthenes, "The First Philippic"
http://www.greektexts.com/library/Demosthenes/The_First_Philippic/eng/77.html

Demosthenes, "The Second Philippic"
http://pinkmonkey.com/dl/library1/demos10.pdf

"Dictionary of Greek and Roman Geography", William Smith, LLD. London. Walton and Maberly, Upper Gower

Street and Ivy Lane, Paternoster Row; John Murray, Albemarle Street, 1854.
http://www.perseus.tufts.edu/cgibin/ptedyt?doc=Perseus:tedyt:1999.04.0064

Dio Cassius,"Roman History"
http://penelope.uchicago.edu/Thayer/E/Roman/Texts/Cassius_Dio/home.html

Dio Chrysostom “Discourses”
http://penelope.uchicago.edu/Thayer/E/Roman/Texts/Dio_Chrysostom/home.html

Diodorus of Sicily,
http://www.livius.org/di-dn/diodorus/siculus.html

Dionysius of Halicarnassus, "Roman Antiquites"
http://penelope.uchicago.edu/Thayer/E/Roman/Texts/Dionysius_of_Halicarnassus/home.html

Ema J. Staford (2004), "*Ancient Greece, Life Myth and Art*"; Great Britain, 2004, ISBN 1-84483-044-6

“Epitome of the Ecclesiastical History of Philostorgius“, complied by Photius, Patriarch of Constantinople. London: Henry G. Bohn, York Street, Covent Garden, MDCCCLV

D-r Eugen Borza (1990), “In the Shadows of Olympus, The Emergence of Macedon“, Princeton Univercity Press, Princeton, New Jersey, ISBN 0-691-05549-1, USA

Eusebius of Cesarea, "Life of Constantine (Book IV)", http://www.newadvent.org/fathers/25024.htm

Eusebius of Caesarea: "Demonstratio Evangelica" http://www.ccel.org/ccel/pearse/morefathers/files/eusebius_de_03_book1.htm

Eutropius, „Breviarium historiae Romanae" http://www.tertullian.org/fathers/eutropius_breviarium_2_text.htm

"The Gospel History and its transmission" (2006) F. C. Burkitt, Gorgias Press, ISBN: 978-1-59333-529-8
Herodian (1961), "History of the Roman Empire", University of California Press, USA.

G. Sotiroff (1986), "The Language of Constantine the Great"; Elementa nova pro historia Macedono-Bulgarica; Regina, Lynn Publishing Co., Saskatchewan, Canada

Herodotus "History", http://classics.mit.edu/Herodotus/history.html

"Hesychii Alexandrini Lexicon" (1965), Halle, repr. Amsterdam: Hakkert
Homer "The Iliad", http://classics.mit.edu/Homer/iliad.html

Isidore of Seville, **"**Etymologiarum sive Originum" http://penelope.uchicago.edu/Thayer/E/Roman/Texts/Isidore/home.html

Isocrates, The Philippus
http://www.classicpersuasion.org/pw/isocrates/pwisoc5.htm

Johanes Malalas, “Chronographia”
http://www.attalus.org/translate/malalas.html

Јанко Томов (2005), „Античката историја на Македонија и на Балканот во делата на западните автори“, Бризбејн, Австралија.

Justin, „Historiae Pillippicae et Totius Mundi Origenes et Terrae Situs“
http://www.forumromanum.org/literature/justin/english/index.html

Квинтиј Куртиј Руф, (1998), „Историја на Александар Македонски“, во превод од латински на д-р Љубинка Басотова; Скопје

Marcus Velleius Paterculus, “The Roman History”
http://penelope.uchicago.edu/Thayer/E/Roman/Texts/Velleius_Paterculus/Introduction*.html

“Memorandum on the Ancient Boundaries of Greece”, British documents of foreign affairs, Part I, Series F, Europe 1848 - 1914, Vol. 14 "Greece, 1847 - 1914", University publications of America

Microsoft Encarta 98 (1998), Encyclopaedia Deluxe Edition, USA.

"The Oration against Aeschines", Translation, introduction, and notes by Thomas Leland (1722-1785)
http://www.blueagle.com/classics/ctesipho.htm

Pausanias, “Description of Greece”
http://www.theoi.com/Text/Pausanias1A.html

Polybius, "Histories"
http://penelope.uchicago.edu/Thayer/E/Roman/Texts/Polybius/home.html

Photius: “Bibliotheca” or “Myriobiblon”
http://www.tertullian.org/fathers/photius_03bibliotheca.htm

Plutarch http://ebooks.adelaide.edu.au/p/plutarch/

Polybius, “The Histories”,
http://penelope.uchicago.edu/Thayer/E/Roman/Texts/Polybius/home.html

Publius Cornelius Tacitus, “Roman History (14 – 70 AD)”
http://mcadams.posc.mu.edu/txt/ah/Tacitus/

Quintus Curtius Rufus, "De Rebus Gestis Alexandri Macedonis,

Saint Augustin, “City of God”
http://personal2.stthomas.edu/gwschlabach/docs/city.htm

Sozomenus, “Ecclesiastical History”
http://www.newadvent.org/fathers/2602.htm

Strabo, “The Geography”
http://penelope.uchicago.edu/Thayer/E/Roman/Texts/Strabo/home.html

Suda on line, http://www.stoa.org/sol/

D-r Synthia Sydnor Slowikowski (1988), "Sport and Culture in the Ancient Macedonian Society", The Pensylvania State University.

Tatian the Assyrian, "Tatian's Adress to the Greeks" http://www.forerunner.com/churchfathers/X0038_10._TATIANS_ADDRESS_.html

Titus Livius - Articles on Ancient History" (http://www.livius.org) Jona Lendering

Thucydides, "The History of the Peloponnesian War" http://classics.mit.edu/Thucydides/pelopwar.html

"The Works of Josephus, Complete and Unabridged New Updated Edition" (1987), Translated by William Whiston, A.M., Peabody, MA: Hendrickson Publishers, ISBN 1-56563-167-6

Томе Саздов (1981), „Преглед на македонската народна проза"; Култура, Скопје

Zosimus (1814), "New History", London, Green and Chaplin; http://www.conorpdowling.com/library/zosimus-new-history

БЛАГОДАРНОСТ ДО СПОНЗОРИТЕ КОИ ГО ПОМОГНАА ИЗЛЕГУВАЊЕТО НА ОВАА КНИГА:



ГЛАВЕН СПОНЗОР: ШИМОВ, Transport & Company
tel. 034 221 111 and 034 215 777; fax: 034 222 220
Bogdanci, Makedonija; Shimovtransport@mt.net.mk

МНЛД „Григор Прличев“
P.O. Box 227 Rockdale NSW 2216,
Sydney – Australia
Tel/Fax: +612 9597 7362

Д-р Marija KUKUBAJSKA od [tip vo ~est i spomen na svoeto prerano izgubeno ~edo, mladata poetesa i apsolvent na fakultetot za hrana i dietetika vo SAD

Емилија КУКУБАЈСКА (1979 – 2006)

UNITED MACEDONIAN DIASPORA
ОБЕДИНЕТА МАКЕДОНСКА ДИЈАСПОРА

http://umdiaspora.org/

Зес ПЕДИЈАС од Канада
Коста ОПШИНОВ од егејскиот дел на Македонија, а денес живее во Канада, каде ја поседува фирмата DIPLOMAT POOLS
Ристо ПОПОВСКИ од Германија
Трајче Т. ТРАЈКОВСКИ од Прилеп, денес живее и работи во Перт, Австралија
Стив ПЛИАКАС од Канада
Ѓорги ПЛУКОВСКИ од Канада
Доне ДИМОВ од Австралија
Бале КУЗМАНОВСКИ од Австралија
Борис ПАПУЧКОСКИ од САД
Ѓорги ДИМОВСКИ од Австралија
Љубе ХРИСТОВСКИ од Скопје

Кире ТРАЈЧЕВ од Штип, денес живее во Мелбурн и со својата фирма KT TOWING STIP се занимава со транспорт и продажба на автомобили

Стојан ЈАКИМОВСКИ од Штип, денес живее и работи во Австралија.
Васил ТОПАЛОВ од Штип, македонски патриот, кој денес живее во Мелбурн, со својата фирма TOP LINE се занимава со изработка на алуминиумски врати и прозорци.
Александар СТОЈАНОСКИ од Прилеп, привремено работи и живее во Мелбурн, Австралија
Владимир ВЕЛЈАНОВ од Свети Николе, денес живее и работи во Мелбурн, Австралија

Srete DAMJANOVSKI, roden 1960 vo s. Zba`di, Struga, а денес живее и работи во Мелбурн. Со помош на австралиската влада работи на дизајнирање и инсталирање сончеви колектори и изведува инсталирање електрични инсталации по фабрики и куќи со својата фирма DAMJANOVSKI ELECTRIC.

Тони МОРИХОВИТИС, македонски патриот кој живее во Мелбурн, каде со својата фирма OPAL CARAVANS врши изработка на нови каравани, додека со фирмата "MELBOURNE CARAVAN CLEARANCE CENTRE" врши продажба на нови и стари каравани и камп-приколки.

Кире СТОЈЧЕСКИ од с. Добрушево, денес живее и работи во Мелбурн, Австралија.

Сашо ЛАЗАРОВ од Виница, денес живее и работи во Мелбурн, Австралија.

Боро АЛЕКСОВСКИ од с. Мартолци, Велес, живее во Мелбурн и е сопственик на фирмата BOB'SAUTOMOTIVE

Владо МИЦЕВСКИ, родум од село Сопиште (Скопско). Од 1982 живее во Мелбурн каде поседува фирма за трговија со стари и нови автомобили.

Сашо ПАСКОСКИ со фирмата LALOR HUB BUREK